УНИВЕРЗИТЕТ „ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ “

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

Постдипломски студии по менаџмент во образованието

# Концептот на организација и реализација на наставата по англиски јазик во основното образование

Магистерски труд

Ментор :

Проф. Д-р. Анета Баракоска

Кандидат :

Катерина Манев

Скопје, 2013

## Содржина :


Вовед......................................................................................................................4

I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

1.Поим и карактеристики на менаџментот…………………………………………….........6

1.1.Функции на менаџментот……………………………………………………………11

1.2.Значење на менаџерот во воспитно-образовната институција………………………………19

1.3.Промени во образованието и управувањето со нив во училиштето ………………………......21

1.4.Водење на промените и иновациите во воспитно-образовниот процес……………………23

1.5.Улогата на менаџерот – директорот во основното образование и
воспитание и професионалниот развој на наставниот кадар……………………………..............26

1.6.Менаџерски способности и функции на директорот

за подобрување на работата во училиштето……………………………………………..…..29

2.Јазиците за време на модернизамот и постмодернизамот……………………………...31

3.Поставеноста на англискиот јазик како
глобален јазик во светот и неговата употреба……………………………………………….34

3.1.Триумфот на англискиот јазик…………………………………………………………….36

4.Образование…………………………………………………………………………………..36

4.1.Образованието во модерниот свет……………………………………………………...37

4.2.Образованието во глобалниот свет………………………………………………………..37

4.3.*Траење на задолжителното образованиe и неговата внатрешна организација*……………...38

4.5.Концепт на деветгодишно основно образование и воспитание ………………………..........40

5.Карактеристики на наставниот план и наставните програми
по англиски јазик за основното
училиште……………………………………………………………………………………….41

5.1.Застапеноста на англискиот јазик во наставните програми
во училиштата низ светот……………………………………………………………………..42

5.2.Наставата по англиски јазик во нашите училишта ………………………………………..44

6.Англискиот јазик како основна вештина и
модели на изучување на англискиот јазик.......................................................45

6.1.Модели на изучување на англискиот јазик.......................................... ..............45

6.2.Традицијата на изучување на англискиот јазик како странски јазик.............. ...............46

6.3.Англискиот јазик како втор странски јазик ......................................... .............47

6.4.Англискиот јазик како лингва франка.................................................... .............48

6.5.Интегрирано изучување на странските јазици........................................ ..............49

6.6.Англискиот јазик за младите ученици (English for young learners EYL) ...... ............50

7.Англискиот јазик во Европа........................................................................ ..............51

7.1.Англискиот јазик како европски лингва франка.......................................... ..............52

7.2.Светскиот проект на англиски јазик.................................................... ..............52

8.Наставнички кадар.................................................................................. ..............53

8.1.Што може да придонесат наставниците?........................................................ .............58

8.2.Што треба да знае секој наставник по англиски јазик.................................. .............. 59

9.Компетенции на наставниците во основното образование......................... ........... ....64

9.1.Компетенции на наставниците по англиски јазик во
основните училишта во РепубликаМакедонија...................... ..........................67

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.............................................................70

2.1.Предмет на истражувањето..........................................................................................71

2.2.Цели и карактер на истражувањето,...........................................................................71

3.Задачи на истражувањето...............................................................................................73

4. Хипотези..........................................................................................................................73

5. Варијабли на истражувањето........................................................................................74

6. Методи, техники и инструменти на истражувањето.................................................74

7. Популација и примерок на истражувањето................................................................75

8.Организација и тек на истражувањето.....76

9.Статистичка обработка на податоците.....77

III. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....78

1. Анализа на спроведениот анкетен прашалник на наставниците по одделенска настава.....79
2. Анализа на спроведениот анкетен прашалник на наставниците по англиски јазик.....108
3. Анализа на спроведениот анкетен прашалник на директорите на училиштата.....138
4. Компаративна (споредбена) анализа на добиените резултати од спроведениот анкетен прашалник за директорите, наставниците по англиски јазик и наставниците по одделенска настава.....162

Заклучок.....180

Користена литература.....182

Прилози.....186

**ВОВЕД**

Порастот на изучување на англискиот јазик како прв светски јазик за меѓународна комуникација е современа тенденција која трае веќе неколку децении. Како што се зголемуваше бројот на луѓе кои го зборуваат англискиот јазик, истовремено имаше и знаци, кои укажуваа дека глобалната доминација на англискиот јазик може да изблеедее во блиска иднина.

Но светот се менуваше толку брзо што е страшно да се помисли дека е истото место како и во деведесетите години. Во Британија, во 1997 година, периодот кога „Иднината на англискиот јазик" требаше да се објави, Тони Блер во Лабуристичката партија го освои својот прв мандат во О.К., а Маргарет Тачер ја поведе Конзервативната партија до победа во 1979 година на општите избори. Во САД, претседателот Бил Клинтон го започна својот втор мандат на владеење. Во Европа, еврото сè уште не беше воведено како заедничка валута. Принцезата Дијана беше сè уште жива. Хонг Конг сè уште не беше дел од Кина. ......

И покрај овие извонредни промени во последните неколку години, едно нешто засекогаш остана непроменето. Сè повеќе и повеќе луѓе го изучуваа англискиот јазик. Повеќето истражувања укажуваат дека бројот на изучувачите на англискиот јазик сè повеќе расте, а нивната возраст сè повеќе се намалува. Се навикнавме на идејата дека популарноста на англискиот јазик од ден на ден се зголемува. Тоа не претставува една нова вест, тоа е факт на глобалниот модерен живот- тренд кој започна кон крајот на XIX век, кога англискиот јазик беше прогласен за светски јазик од Европа , па се до Јапонија.[1]

Сега е многу појасно колку се вложува и колку многу вложувачи има во глобалниот бизнис со англиски јазик. Во минатото, изучувањето на англискиот јазик се разгледуваше технички, како најдобра методологија, практика, спроведувана од наставниците преку учебниците, или како проблем на империјалистичката пропаганда. Сега можеме да увидиме дека изучувањето на англискиот јазик е многу повеќе од тоа. Од повеќе истражувања може да се увиди дека англискиот јазик е глобален јазик и лежи во срцето на глобализацијата. Англискиот јазик сега служи како средство за редефинирање на националните и индивидуалните идентитети во светот, менување на политиките, создавање на нови светски модели на богатство, предлагање на нови идеи на човекови права и др.

---

[1] Graddol,D.,(2006)," *English Next"*,British Council , стр. 10

Влијанието на глобалниот англиски јазик врз промените во светот не значи дека не ја променува и онаа значајна нишка од развојот на сите земји, најсуштинското нешто, од кое зависат државните уредувања, економијата, развојот на државите во секој можен поглед - образованието. Република Македонија е една од многуте држави, во која веќе од многу одамна се изучува англискиот јазик како прв странски јазик. Со осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година се направени значајни измени во организацијата на наставата во основното образование. Во почетокот, во рамките на осумгодишното образование, англискиот јазик се изучуваше само од V до VIII одделение, но со низа промени и влијанија од другите високоразвиени државни системи, настапија и низа промени во организацијата на наставата по англиски јазик. Според наставниот план за изучување на англискиот јазик од 1998 година[2], англискиот јазик се изучува како изборен предмет, започнувајќи од IV одделение со два часа неделно, V-то и VI-то одделение по три часа неделно, а VII-мо и VIII-мо одделение да се изучува со два часа неделно.

Меѓутоа, како што веќе напоменавме, низата промени кои се случуваат со глобализацијата и употребата на странските јазици во секоја област од нашето живеење, влијаеше и на промените во образовниот систем. Со новата концепција за основно воспитание и образование , основното образование трае девет години, така што се направени и низа промени во изучувањето на англискиот јазик.[3] Веќе, денес, 2013 година, англискиот јазик се изучува од I одделение со еден час неделно , па сѐ до IX – то одделение.

Беспрекорната организација и реализација на наставата по англиски јазик во основното образование главно зависи од организацијата на работата во самите основни училишта, улогата на директорот како менаџер, колку тој успева во менаџирањето и воведувањето на успешна организација на наставата, а со тоа и успешна реализација, која зависи и од подготвеноста на наставникот по англиски јазик, неговите наставнички компетенции, квалитети, стручна подготвеност, лични особини, менаџерски вештини, кои ќе му помогнат да успее на едноставен, восприемлив начин да го пренесе своето знаење на младите слушатели, учениците, кои започнуваат со изучување на странскиот јазик уште од шестгодишна возраст. За успешната или неуспешната организација и реализација на наставата по англиски јазик, одговорни се повеќе фактори кои ние детално ќе ги разгледаме во текот на нашето истражување.

[2] Министерство за образование и физичка култура( 1998) , Наставен план и наставни програми англиски јазик V-VIII , Скопје, Педагошки завод на Македонија, стр.64

[3] Мин, за образование и наука и Биро за развој на образованието ( 2007) : „Концепција за деветтогодишно основно воспитание и образование“ Скопје, стр. 18 - 20

## 1. Поим и карактеристики на менаџментот

Изразот „ менаџмент “ доаѓа како име на модерниот концепт на управување, а кај нас е превземен од англиската литература како „ management “. Англискиот збор менаџмент значи управување, водење на работите. Може да се каже дека „менаџмент концепцијата“ е најновата фаза на развојот на управувањето. Во принцип, менаџментот како управување може да се однесува на многу работи, како што е менаџмент на претпријатието, менџмент на производство, управување со трошоците, управување со времето и т.н.

Менаџментот е основна карактеристика на индустриското општество, а се идентификува и како специфичен орган во деловното претпријатие кој ги покрива сите функции на работењето.

Постојат многу дефиниции за менаџментот, но повеќето менаџери се убедени дека тоа е организиран напор на луѓето, чија цел е да ги постигнат целите и задачите на организацијата. Се разбира, тоа не е толку едноставно. За подобро разбирање на менаџментот, треба да ги разгледаме различните мислења и ставови на поголем број академици и практичари.

Зачетоците на менаџментот се појавуваат уште пред XX век и се поврзуваат со името на францускиот инженер Henry Fayol ( 1841 – 1925 ), кој ги поставил темелите на процесниот менаџмент. Презентацијата, изработена во 1908 – та година покажува дека Fayol отишол еден чекор подалеку , развивајќи ја Administration Industrielle et GeÂneÂrale (AIG), она што ќе го постави како главен теоретичар за менаџмент. Тој јасно потенцира дека администрација значи „ Да владееш, или да менаџираш со јавните или приватните претпријатија", вклучувајќи ги сите задачи.

Така, неговиот пристап е општиот менаџмент, не финансиски менаџмент, или други специфични функции на фирмата, но сепак. ориентиран кон водењето на претпријатието кон остварување на своите цели. И покрај тоа што, некои истражувачи правеле разлика помеѓу администрацијата и менаџментот, Фајол во 1908 година, појаснува дека овие термини можат да се користат наизменично. Меѓутоа неприфатеноста на оваа дефиниција од 1908 година, подоцна била потврдена со семантичката битка за разликите на значењата на администрацијата и менаџментот, кои претходно Фајол ги користел наизменично. Фајол понатаму се обидува да ги издвои улогите на менаџерот, но тие не биле целосно дефинирани.

Како основни функции на менаџерот, Фајол ги издвојува : планирање, организирање, наредба, координација и контрола. Овие функции се само рудиментарни во 1908-та година, а подоцна ќе бидат сè повеќе усовршувани.[4]

Frederic Winslow Teylor (1856 – 1925), добро познат како основач на научниот менаџмент, беше првиот кој даде акцент на потребата за донесување на научен пристап кон менаџирањето во претпријатието. Тој се обидел да ги дијагностицира причините за ниската ефикасност во индустријата и дошол до заклучок дека неефикасноста се должи на недостатокот на ред и систем во методите на менаџментот. Затоа тој сугерирал, дека оние кои се одговорни за менаџментот треба да го применат научниот пристап во нивната работа, како и „Научниот метод" за постигнување поголема ефикасност. Научниот метод се состои од : набљудување, мерење, експериментирање и инферентност . Тој препорачал добра соработка помеѓу менаџерите и работниците, со цел да се зголеми профитот и употребата на научни истражувања и знаење во индустриската работа.[5] Frederic Teylor издвојува и четири принципи во рамките на научниот менаџмент .[6]

Мекфарланд го дефинира менаџментот како: „ Процес со кој менаџерите создаваат, одржуваат, управуваат и менаџираат со одредена организација, користејќи ја систематската, координирана и кооперативна работна сила“. Важен термин во оваа дефиниција е „Процес". Овој термин ја потенцира динамичноста и природата на менаџментот, промени кои опфаќаат подолг период. Динамичната природа на менаџментот подразбира низа промени во менаџирањето на организациите - менаџерите создаваат промени, тие се имплементираат и успешно се прифатени во организацијата.[7]

Донали, Гибсон и Иванчевич, исто така, го поддржуваат ставот за менаџментот како процес, но се насочуваат повеќе кон координација. Според нив, "Менаџмент е процесот со кој напорот на поединецот и групата е координиран кон групата цели ". Со цел да се постигнат целите, од суштинско значење за менаџментот е обезбедување и одржување на таа координција. Координацијата е исто така поддржана од Koontz и O’Donel . Според нив, „Менаџментот е процес на дизајнирање и одржување на средина во која, поединци, кои работат заедно во групи ефикасно и ефективно остваруваат одредени цели ". Понатаму се

---

[4] Daniel A. Wren Arthur G. Bedeian John D. Breeze, ( 2012) *“The foundations of Henri Fayol’s administrative Theory”,* Emerald, Management Decision, , стр. 916 - 917

[5] http://www.einsteincollege.ac.in/Assets/Department/Lecturer%20notes/MBA/Principle%20of%20Management.pdf

[6] Т.,Тодоров., М.Топалоска,( 2007) *„ Менаџмент и менаџери“*,Скопје, Европски Универзитет, Цетис, стр 46.

[7] http://www.einsteincollege.ac.in/Assets/Department/Lecturer%20notes/MBA/Principle%20of%20Management.pdf

појавуваат низа други имиња кои даваат придонес кон развитокот на менаџментот, како што се Emerson, Gant, , Mills и др.

Како резултат на многубројните проучувања на менаџментот, создадени се многубројни школи за менаџмент, помеѓу кои најзначајни се : класичната школа, школата за процесен менаџмент, школата за човечки односи, математичката школа, емпириската школа, школата за социјални системи, ситуационата школа, школата за ефективен лидер, партиципативната школа и др. [8]

Менаџментот е дефиниран на различни начини.

Според Кралев Т. „ се работи за процес (активност) во врска со поставувањето и реализацијата на целите на организацијата ; Се работи со и преку луѓе, а функции на менаџментот се : планирање, организирање и екипирање, (рако)водење, контролирање; работењето на менаџерот треба да резултира во ефикасно и ефективо (успешно) работење, односно во искористување на ресурсите. "[9]

Koontz H. Смета дека „една од најважните човечки активности е менаџирањето, а менаџментот во училиштето се гледа како процес кој го обезбедува успехот преку луѓето, организирани во групи. "[10] Mintzberg H., вели дека „кога се мисли на организација, тогаш се мисли на менаџмент."[11]

Според Шуклев Б., во менаџмент теоријата постојат следниве стојалишта :

- Менаџментот е процес, серија на чекори или насочување на акциите во правец на остварување на дефинираната цел, па така менаџментот е збир на акции водени кон некоја општа цел ;
- Менаџментот има организирана улога, поставување на обврски, одговорности и односи во институциите или пак, менаџментот се дефинира како општествен процес на регулирање на операциите во една институција, на остварување на формулираните цели, како и одговорност која вклучува :
- Расудување и одлучување за плановите, употреба на податоци за контрола на извршувањето и унапредувањето на напорот;

---

[8] Поопширно во : Шуклев, Б., (1998), *Менаџмент*, Скопје: Економски факултет, стр. 42 -54
[9] Кралев,Т.,(2001), *Основи на менаџментот*, Скопје : Центар за интернационален менаџмент, стр.6
[10] Koontz, H.,(1961) *The management theory jungle* The Journal of the Academy of Management, стр. 174-188
[11] Mintzberg, H., (1985), *The Managerial Work*, New York : Harper – Row Publishers

- Водење, поврзување, мотивирање и контрола на кадрите во институцијата и спроведување на активностите. [12]

Во литературата се среќава и стојалиштето според кое менаџментот содржи давање на работите да бидат извршувани од други.

Менаџментот се дефинира и од аспект на ситуацијата во која се применува. Ситуациониот менаџмент се однесува на односите меѓу важни варијабли во окружувањето и соодветен менаџмент концепт и техники кои водат кон ефикасно остварување на целите.

Менаџментот се дефинира и од стратегиски аспект како начин за определување на долгорочната прилагодливост на институцијата кон окружувањето. Тој се дефинира како процес на идентификација, избирање и извршување на најпрофитабилен начин, остварување на долгорочна компатибилност меѓу внатрешните искуства и ресурси на една организација и конкурентското, економското и општественото окружување во кое се работи.

Постојат мислења дека менаџментот е дисциплина која ги систематизира правилата, принципите и теориите. Врз таа основа менаџментот се препознава како посебна дисциплина која ги остварува поставените цели со потенцирање на најефикасно искористување на човечкиот напор и со помош на ресурсите.

Менаџментот се дефинира како интердисциплинарна наука кој го подига сопственото научно ниво, ги анализира проблемите, олучувањето и примената на решенијата во организацијата.

Менаџментот се дефинира и како процес на извршување на посебни функции. „Менаџментот е посебен процес на планирање, организирање, поттикнување и контролирање, извршувани за остварување на поставените цели со помош на човекот и другите ресурси. “[13] На ваков начин дефиниран менаџментот, укажува на неговите основни три делови : ресурси, функции и цели.

---

[12] Шуклев, Б.,(1998), *Менаџмент*, Скопје: Економски факултет, стр.3

[13] Шуклев, Б.,(1998), *Менаџмент*, Скопје : Економски факултет, стр. 4

„Менаџментот ги покрива сите функции од кои зависи успешното работење на секој економски субјект и без него е незамисливо функционирањето на индустриското општество, но и на цивилизацијата воопшто.“[14]

Менаџментот во училиштето се дефинира и како ефикасно искористување на ресурсите. Менаџментот е активност на пренасочување и искористување на ресурсите за остварување на целите на институцијата или пак, менаџментот е искористување на физичките и човечките ресурси со координиран напор, а притоа се остварува со извршување на функциите: планирање, организирање кадри, насочување и координирање.

Менаџментот се дефинира и од аспект на одлучувањето. Па така, менаџментот е континуиран процес на донесување одлуки, извршување и ревизија.

Постојат мислења дека менаџментот е практична примена на знаењата и искуствата што ги имаат менаџерите. Менаџерот е личност која се обидува да ги оствари поставените цели со насочување на човечките активности. Начинот на извршување на функциите кои ја извршуваат неговата работа е опишан како менаџмент.

Менаџментот се дефинира како систематизирано знаење за ефикасно управување со акциите на институцијата во насока на остварување на дефинираните цели. Оттука менаџментот е збир од систематизирано знаење, засновано на општи принципи кои се верификуваат во деловната практика или пак менаџментот е збир од знаења за управување. Управувањето е процес на планирање, организирање, насочување, координирање и контролирање на луѓето, методите и парите за да се обезбеди оптимално остварување на целите. Менаџерите се личности додадени на овој процес. Тие го изучуваат менаџментот за да го унапредат управувањето.

Сепак, од досега изнесеното може да се заклучи дека: Менаџментот претставува универзален процес на ефективно и ефикасно извршување на работата со помош на други луѓе и ангажирање на ресурсите во остварување на однапред дефинираните цели на училиштето.

[14] Гоцевски, Т., (2003), *Образовен менаџмент*, Куманово : „Македонска ризница “, стр. 17

## 1.1. *Функции на менаџментот*

Во модерното економско работење менаџментот е исклучително важен фактор. Менаџментот се грижи за формулирање и успешно извршување на работата. Менаџментот како доминантна активност во работењето, е универзална активност која се наоѓа во сите претпријатија, училишта, универзитети, болници, влади, но тој функционира сосема различно.

Менаџментот како форма на работа, менаџерот - личност која ја извршува работата, извршува определени активности наречени функции на менаџментот. На менаџментот му се препишувале разни функции, кои често се преклопувале или биле доста слични.

Во една дефиниција стои дека менаџментот е процес на планирање и одлучување, организирање, раководење и контролирање на човечките, физичките, финансиските и информативните ресурси заради остварување на нејзините цели на ефикасен и ефективен начин.

Многу автори кои работеле на менаџментот имаат свој став во поглед на определување на функциите на менаџментот. Францускиот менаџер Fayol, бил првиот кој ја разработил природата на овие менаџерски активности во почетокот на XX век. Fayol имал образование на индустриски инжењер и станал генерален директор на големата компанија наископ на јаглен “Comambault” во 1888 година - за две години тој од една компанија со губитоци успеал да ја создаде најуспешната компанија во Европа. Во 1916 година ги запишал своите идеи за менаџмент во книгата „ Општ и индустриски менаџмент“, книга која и ден денес претставува класична литература за она што треба да прават менаџерите со цел да создадат организација со висока изведба[15] .

Тој ги определил своите функции: планирање (предвидување), организирање, наредување (командување), координација (усогласување) и контролирање. Милс пак, како менаџерски функции ги наведува : планирање, организирање, влијание и контролирање. Многубројните активности на менаџерот можно е да се подредат во една од четирите групи на базични функции на менаџментот и тоа : планирање и одлучување, организирање, раководење и контролирање.

[15] Т.,Тодоров, М.,Топалоска, 2007„ *Менаџмент и менаџери* “Скопје, Цетис,стр.17.

Функциите што го сочинуваат процесот на менаџмент даваат основа за анализа, проучување и извршување на работите на менаџерот.

**Планирање** – Подразбира избирање на еден ефикасен правец на дејствување меѓу повеќе различни алтернативи. Задача на менаџерот е да ги подготвува целите и да развива стратегија со помош на која ќе ги остварува поставените задачи. Определувањето на стратегијата е поврзано со прогнозата и предвидувањето на побарувачката на крајниот производ на претпријатието. Кога нивото на идната побарувачка ќе се процени, менаџерот дава проекција во врска со потребните ресурси и организационите активности.

**Организирање** – Менаџерот треба да создаде структурни односи меѓу членовите на претпријатието и активностите кои тие ги извршуваат. За да постигне некоја цел организацијата бара работата да се распредели на што поголем број учесници. Функцијата на организирање врши распределба на работата и воспоставува меѓузависност меѓу членовите на претпријатието. Резултат на функцијата на организирање е организационата структура што покажува како се поврзани и интегрирани напорите на организацијата.

**Водење** – Овој дел од процесот на менаџментот функционира со луѓето и преку луѓето со цел да се постигне резултат. Менаџерот треба да го разбира човечкото однесување и треба да биде во состојба да оствари комуникација, да ги мотивира и води другите со цел да се остварат целите на претпријатието. Функцијата на водење се состои во влијанието врз однесувањето на поединците и групата кон работата.

**Контролирање** – Контролните функции мора да се воспостават и спроведат за да се обезбеди своевидна корелација меѓу планираната и реалната успешност во работењето. Кога планот е усвоен и применет од членовите на организацијата , менаџерот мора да врши контрола со цел успешно да се изврши работата. [16]

Менаџментот претставува процес со кој се прави обид успешно да се постигнат целите на организацијата. Наставниците, вработените, како и учениците имаат различен степен на образование, вредности, норми, стилови на однесување и комуницирање итн, тогаш неспорна е потребата од постоење на менаџментот во училиштата. Менаџментот и неговите функции се протегаат низ целокупната организациска структура.

[16] Андрески. Б. (2007), „ *Меѓународен менаџмент* “ , Скопје, Европски Универзитет, стр 21-22

Преку лидерството и менаџментот се остварува јасно поставената визија, целите и одговорноста и се поставуваат приоритетите. Но за да лидерството и менаџментот денес навлезат во училиштето и притоа станат основни карактеристики во начинот на работата и однесувањето, треба да се инкорпорираат преку личноста на таканаречениот раководител (директор), како фактор за воведување промени и прифаќање на иновативни зафати во образовната институција, а сето тоа служи за унапредување и осовременување на работата, што не е едноставен процес и лесна работа.

Менаџментот како технички процес на влијание врз група – колектив, кон постигнување на целите, всушност е приод кон промените и во образованието, кој полека но сигурно, води кон унапредување на училиштето и раководната улога на директорот во него, и може слободно да се каже дека менаџментот дава шанси да се засилат линиите за управување со училиштето и образовните промени, кои се движат во правец на постигнување подобри резултати во процесот на работењето.

Тие треба да ја унапредат улогата и на директорот на училиштето, и од денешниот директор, кој главно работи „општо " и „сешто" (административна организациска работа и педагошка инструктивна ), да се создаде стратегија која ќе го унапреди образовниот процес, наставната програма, процедурата за вреднување, проценка и анализа, но и ќе работи на воведување, унапредување и подобрување на вештините, умеењата и знаењата преку техничките, концепциските и хуманитарните принципи, не запоставувајќи го развојот на ефикасниот приод кон веќе споменатата менаџерска улога.

Сето тоа да се постави на патот кон достигањата за подигање на степенот на поразвиени внатрешни услови за работа и на професионализмот (компетенцијата ) во реализацијата на поставените задачи и цели.

Воспитно – образовната институција, училиштето, го води менаџерот – лидерот, и тоа може да се прикаже на следниот начин : (сл.10)




Слика 10

Потребата од определувањето на функциите на менаџментот има практична природа затоа што менаџерот, извршувајќи разни работни задачи и активности, всушност врши определена функција на менаџментот која, пак, претпоставува разни настани кои го движат субјектот кон остварување на неговите однапред поставени цели. Со оглед на тоа што извршувањето на функциите на менаџментот имаат подеднакво значење за сите економски и останати субјекти во кои се практикува менаџментот, функциите на менаџментот имаат универзален карактер и примена.

Менаџерите ги извршуваат нивните менаџерски должности и одговорности познати како функции на менаџментот. Според Шуклев Б.,[17]овие функции се класифицираат како планирање, организирање, координирање, мотивирање и контролирање. Овие пет функции на менаџментот се извршуваат од страна на сите менаџери на сите нивоа на менаџмент, но не со еднаква тежина. Како општо правило може да се земе дека врвниот и средниот менаџмент повеќе внимание им посветуваат на планирањето и организирањето отколку менаџерите на пониско ниво на менаџмент. Од друга страна, менаџерите на пониско ниво

[17] Извор: Шуклев, Б., (1998), *Менаџмент,* Скопје: Економски факултет, стр. 5

повеќе се заинтересирани за извршување на функциите координирање, мотивирање и контролирање.

Со оглед на универзалноста на функциите, на нивната многубројност и на опфатот на секторите каде што се практикува менаџментот, до денес сè уште не постои прецизно утврден број на функции на менаџментот. Во зависност од времето кога тие се определувани, како и од теориите на авторите, на менаџментот му се определувале разни функции, помеѓу кои како секогаш прифатени и неспорни биле: планирањето, организирањето и контролирањето. Тие биле посочувани и како минимум функции без кои менаџментот не би можел да се замисли.

Еве како некои од авторите го извршиле рангирањето на функциите во менаџментот :

- Henry Fayol : 1.Планирање (предвидување); 2. Организирање; 3. Наредување (командување); 4. Координација (усогласување); 5. Контролирање;
- Harold Koontz, Heinz Weihrich; 1, Планирање; 2. Организирање; 3. Екипирање (избор на кадри); 4. Раководење (водење); 5. Контролирање;
- Paul Hersey, Kenneth Blanchard; 1. Планирање; 2. Организирање; 3. Мотивирање;
- A.J. Mills: 1. Планирање; 2. Организирање; 3. Влијание; 4. Контролирање;
- The Business of Management: 1. Планирање; 2. Организирање; 3. Персонал; 4. Насочување; 5.Контролирање.[18]

Очигледно е дека по планирањето и создавањето организациски предуслови заедно со екипирањето, менаџерите приоѓаат кон активност во која треба: да ги мотивираат подредените, да ја координираат нивната работа, да наредуваат, да дејствуваат, да насочуваат, да водат, да раководат, да бидат лидери и сл.

Планирањето е вовед во селектирањето на намерите и целите, а воедно прва активност за успешно спроведување на наведеното. Многуте елементи кои влегуваат во плановите, пред да бидат земени на разгледување, мораат да бидат детално селектирани. Плановите се прават за различни интервали. Во нив силно се имплицирани не само новите идеи и замисли, но и осетливоста, опременоста на работното место итн. Планот е средство за акција и начин за остварување на целта. Ако планирањето е ефикасно, може да се очекува негово остварување.

[18] Извор: Кралев, Т.,(2001), *Основи на менаџментот,* Скопје: Центар за интернационален менаџмент

При заедничкото дејствување секој човек мора да си ја знае својата улога. Ова го овозможува менаџерската функција организирање и екипирање. Значи организирањето и екипирањето се дел од менаџерството, функција која ја уредува улогата на поединецот во организациската структура. Таа е инструмент на менаџерството и во нејзината структура мора да се дефинирани задачите што треба да се извршат, според способностите и мотивираноста на луѓето. Тоа е менаџерска функција која мора да ги идентификува потребите за работна сила, да има увид во профилот и квалитетот на кадарот што е на располагање, вработување на нови работници, селекција на работата итн., заради ефективно извршување на посакуваните цели на институцијата.

Раководењето има за цел да влијае врз придонесот на луѓето во организацијата и има доминантна улога, поточно се рефлектира во многу области на менаџерството. Секој менаџер ќе се согласи дека најголемите проблеми потекнуваат од луѓето – нивните желби, барања и однесување, како индивидуи или групи. Раководењето претставува ефективно средство за мотивација на подредените, избирање на ефективен канал за комуникација и решавање на конфликтите во менаџерските акции.

Контролата во текот на работата е функција која создава мерки и активности кои треба да го осигураат остварувањето на планот. Тука се извршуваат групни и плански активности за да се види каде настанале некои девијации и што може да се преземе за нивно санирање. Оваа функција е главен инструмент за оценка на успешноста во остварувањето на плановите.

Сите овие функции сами по себе не би имале никаков ефект без нивна меѓусебна координација. Улогата и значењето на координацијата во образовниот систем постојано се зголемува како резултат на самите активности, кои, според Гоцевски[19] произлегуваат од „ потребата од осовременување на наставните планови и програми и истражувачките постапки, од воведувањето нови насоки, од подобрувањето на образовната технологија, од проширувањето на истражувачката и образовната технологија, од проширувањето на истражувачката и образовната инфраструктура, од сè поголемото влијание на окружувањето и слично.“ Добрата координација овозможува секоја индивидуа со својата работа да даде максимален придонес за остварување на целите на една институција.

[19] Гоцевски, Т., (2003), *Образовен менаџмент,* Куманово: „Македонска ризница “, стр. 329

**Заради се поголемата популарност и актуелност, менаџментот со јакнењето на индустријализацијата и специјализацијата, во последните години навлегува и во образованието каде што видливи резултати во РМ даваат проф. д-р Цветко Смилевски, проф д-р Драган Јанковски и проф. д-р Тодор Кралев.**

Според проф. д-р Драган Јанковски, на веќе споменатите четири основни функции менаџмент, во образовниот менаџмент тој додава екипирање и мотивирање и сите функции се следени со екипирање и мотивација.

| | | |
|---|---|---|
| *о<br>д<br>л<br>у<br>ч<br>у<br>в<br>а<br>њ<br>е* | **ПЛАНИРАЊЕ ПРОГРАМИРАЊЕ<br>ОРГАНИЗИРАЊЕ<br>РАКОВОДЕЊЕ<br>ЕКИПИРАЊЕ<br>КООРДИНИРАЊЕ<br>КОНТРОЛИРАЊЕ<br>ЕВАЛУАЦИЈА** | *м<br>о<br>т<br>и<br>в<br>и<br>р<br>а<br>њ<br>е* |

Менаџментот во својата научна десциплина ги поставува и објаснува и менаџерските нивоа кои што многу јасно и сликовито ги прикажува проф.д-р Тодор Кралев во неговата книга „ *Менаџмент* “.

Henry Mintzberg [20] менаџерските улоги ги сместува во три блока, и тоа :

- *Интерперсонални*
- *Информативни*
- *Улоги на донесување одлуки*

Во интерперсоналните односи се содржат три вида на улоги, односно улоги коишто го сочинуваат водството-лидерството, а тоа се :

[20] Кралев, Т., „Менаџмент I “ Вовед во менаџментот, стр.10

- Улога на номинално водство
- Улога на лидер
- Улога на поврзувач со повисоки и пониски нивоа на менаџери гости и слично

Во информативната улога значајно место зазема комуникацијата со вработените, следење на сите настани во организацијата, како прием на нови информации во исто време. Во оваа мошне значајна улога во менаџментот, всушност се реализацијата и комуникацијата во и надвор од организацијата, т.н. односи со јавноста.

Донесувањето одлуки како трета и мошне значајна улога преку која се отвораат полињата за акции и дејство, во себе содржи уште неколку, подгрупи, со кои ќе и дава живот на организацијата, ќе дава идеи и ќе презема активности за развој, ќе предвидува нови работи и ќе отвора нови полиња на дејствување.

Сите три улоги се меѓусебно поврзани и дејствуваат во меѓусебна зависност и интеракција и претставуваат моторна сила во организацијата на лидерството. Менаџментот во образовните институции, во овој труд не се презентира преку процесот на лидерство, менаџмент и професионален развој.[21]

---

[21] Иванова, В., (2000),*Директорот на училиштето, визија на новиот професионален профил*",Скопје, Култура,стр 25-28

## *1.2. Значење на менаџерот во воспитно-образовната институција*

Под поимот менаџер се подразбира лице, индивидуа која управува со процесот или со дел од тој процес. Менаџерот управува со луѓето во релации кои се однесуваат на некаква поставена цел и преку тие луѓе да се оствари таа цел. Менаџерот треба да обезбеди организација за извршување на основната намера, и ефикасно да ја изврши конкретната услуга. Тој треба да планира и поддржи стабилност на активностите во неговата организација. Менаџерот е одговорен за дејствувањето на неговата организација според статутот. Улогата на менаџерот е да ги оствари поставените цели и задачи во институцијата при што треба да ги заштити интересите на колективот на поединците, на државата, на основачот на институцијата, на родителите, на учениците на кои им дава образовни и други услуги.

Менаџерот за да биде успешен, тој мора да биде способен да ги инспирира вработените, да ги мотивира, да ја координира и раководи нивната работа. Успешните менаџери мора да поседуваат силна желба за управување, постојано да се градат како личност и да учат и развиваат нови вештини. Најуспешните менаџери размислуваат и работат по сопствена иницијатива, што бара и самоувереност и храброст. Мора да поседуваат чувство на етика, чесност, искреност, другите да имаат целосна доверба за нивните постапки. Потребата од менаџер на воспитно-образовните и научно-истражувачките институции е неспорна, бидејќи се покажа неопходно воведување на современ менаџмент и во овие области, па од тука и потребата за оспособување на кадри кои ќе ја извршуваат оваа сложена, одговорна и динамична работа. Менаџерите би се ангажирале на следните работни задачи :

- Обезбедување на услови за ефикасно давање на воспитно-образовни научно истражувачки, едукативни, развојни и информатички услуги.
- Планирање и обезбедување на стабилност за активностите врзани за обезбедување на образовна понуда.
- Обезбедување на стратегија за развој на институцијата која нема да е подложна на влијание од опкружувањето и од чести промени.
- Да обезбеди услови на организацијата и да ги задоволи барањата на органите кои ја контролираат.

Правилно и успешно функционирање на воспитно-образовниот процес во современото училиште зависи од низа фактори, меѓу кои главното место го завземаат директорите и наставниците. Современата настава е процес на соработка и комуникација меѓу нејзините учесници- директорот, наставниците и учениците. Суштината на оваа настава е да ги

задоволи потребите на ученикот и да му овозможи образовна, активна, творечка личност, способна за критички период кон себе и светот околу себе, способност за самообразование. Менаџерите во образованието треба да ги идентификуваат непишаните, незванични и недопирливи елементи врз кои организацијата функционира.

Комуникацијата помеѓу директорот и наставниците е во континуитет, значајна е и многу важна за креирање на климата во училиштето. Директорот треба да е во постојана комуникација со наставниците, која треба да е искрена и јасна, и постојано да ги надградува своите комуникациски вештини преку посета на семинари и обуки од оваа област.

Директорот треба да има посетено повеќе специјализирани обуки за комуникациски вештини, меѓучовечки односи. Училишната клима ја обликува раководителот (директор), кој треба да користи позитивна охрабрувачка реторика и да создава атмосфера во која секој поединец се чувствува добредојден, ќе почувствува дека припаѓа на таа организација и дека е важен составен дел од истата. Релацијата помеѓу директорот и наставниците функционира како суптилна симбиоза со двосмерни комуникации, со максимален ангажман од двете страни за да резултира во континуитет здрава клима за работа.

Во услови кога се воведуваат иновации, новини и промени потребата од менаџер во училиштата е огромно значење зошто тој треба да биде енергичен и вешт, за да може успешно да ги воведе промените, да биде доволно образован, и да биде дел од образованието. Тоа се постигнува со посетување на обуки и семинари за да може успешно да ги воведе во училиштето, а секако успешно и квалитетно да им ги пренесе своите знаења на наставниот кадар.

## *1.3. Промени во образованието и управувањето со нив во училиштето*

Квалитетот на образованието претставува својство што треба да го следи секој вработен во училиштето, а токму промените во образованието се случуваат со таа цел, да се постигне што поголем квалитет. Денешните генерации ученици имаат поинакви потреби и стекнуваат знаење на поинаков начин, различен од оној на учениците од пред 10, 15 или 20 години. Квалитетното училиште им нуди на учениците само квалитет. „Од прво одделение, па сè до завршувањето на школувањето, треба да се зборува, дискутира и да им се објаснува на учениците квалитетот, како својство, особина и односот кон квалитетната работа во училиштето за да им стане јасно на учениците дека целта на училиштето е квалитетната работа."[22] Затоа и наставникот, како главен чинител на воспитно - образовниот процес во училиштето треба да ги следи модерните текови во образованието и воедно промените во него, а применувајќи ги на своите часови.

Бројни автори истакнуваат дека основен генератор на успехот во секоја организација се континуираните промени и прилагодувањето на организацијата кон промените и кон случувањата и односите на окружувањето. Ниту училиштето како форма на организација не е изоставено од оваа категорија. Промените што настануваат во средината, најчесто се случуваат независно од нас. Нив ги има насекаде, а повеќето од нив се неодминливи. Но за да бидат успешни промените треба да бидат прифатени од сите, бидејќи во спротивно, доколку само лидерот ги промовира, а другите не ги прифатат, нема успех.

Продуктивните и стекнатите знаења претставуваат барометар за квалитетот во образованието, а за тоа пак, училиштето има пресудна улога во системското и темелното стекнување на знаењата, умеењата и навиките, при што значајна улога и функција има успешниот и квалитетен наставник и воспитувач на младите генерации, со својот личен пример. Очигледно е дека доколку се сака долгорочно да се влијае на квалитетот на работата на наставникот со цел да се постигне нивото на постигања на учениците, неопходно е создавањето на нови односи на сите заинтересирани страни.

Станува збор за два начини преку кои може да се влијае врз квалитетот на работата на наставникот : „административен и споделена одговорност ". [23]Не може да се

[22] Glasser, W., (1994), *Kvalitetna škola*, Zagreb: Educa, стр. 103
[23] Мицковска, Г., Мицковска, А.,(2007) *Наставникот и квалитетот на образованието,* зборник на трудови од научна расправа, Скопје: „Дом на просветните работници на Република Македонија ", стр.125

очекува наставниците да ја подобрат својата работа само ако се зголеми административниот притисок врз нив. Напротив, одговорноста за подигање на квалитетот на наставната работа треба да се сподели и секој да го сработи она што е во неговиот домен, односно и менаџерот на училиштето во овој контекст треба да се покаже како лидер, предводник на промените во образованието.

Суштината на лидерството се сведува на способноста на лидерот да изгради идеја, а потоа да ги инспирира и поттикнува следбениците за нејзина реализација. Луѓето не можат да се водат со правење планови и анализи на постојната состојба. Она што ги поттикнува да го следат својот лидер е јасно поставената заедничка цел, за што е потребно единство од овие елементи: идеја, инспирација и поттик. Идејата претставува иницијалната точка која води кон исполнување не целите околу кои секој поединец во тимот ќе се движи, а за да постои движечка сила во тимот мора да ги инспирира и поттикнува членовите на тимот со континуирано следење на нивната активност. Доколку се појават проблеми во тимот, тие тековно треба да се разрешат, а при разрешувањето ако биде потребно треба да се направат промени кај членовите на тимот. Најчести се четирите нивоа на промени кај луѓето, односно : најпрво настануваат промените во знаењата, кои придонесуваат за промени во ставовите.

Промени во индивидуалното однесување се последица од промените во ставовите и претставуваат причина за промени во однесувањето и карактеристиките на групата и организацијата. Сите нивоа на промени не се случуваат веднаш туку за тоа е потребно различно време. Тоа не е едноставно и лесно туку напротив, постои потреба од големи напори за да се случат тие промени. Најтежок и најдолготраен е процесот на промени во однесувањето на групите.

Справувањето со отпорот при промените, исто така претставува дел од имплементацијата на промените која секогаш е поврзана со менување на постојната состојба, а во насока на подобрување на работата на училиштето.

Најмалку време и релативно мал напор се потребни за промени на знаењата, а повеќе време и напор се потребни за промена на ставовите. Проблемот со промените е во тоа што сите луѓе најпрво согледуваат што ќе изгубат, а не што ќе добијат со промената. Тоа со други зборови значи дека мал број луѓе во промените гледаат предизвик или можност за нешто ново или подобро, односно најмногу во нив гледаат закани.

Вообичаено е како резултат на преземена промена да се јави отпор. Отпорот понекогаш се манифестира и со појава на конфликт. Овој конфликт во почетокот секогаш е деструктивен, но истиот може да се разреши, односно да се направи конструктивен и да

води кон прогрес. Разрешувањето на конфликтот од своја страна налага барања за други промени, како на пример во ставовите или однесувањето.
За да се следи прогресот на промената, потребно е мерење на напредокот од воведувањето на промената, но притоа треба да се има предвид дека : треба да се мерат сите, а не само некои аспекти од промената.

Интегрирањето на промена во образовниот процес во училиштето, во поглед на придобивка за ефективната деловна комуникација, ќе може да придонесе за : да се зголеми комуникацијата, да се покаже посветеност, да се интегрираат нови иницијативи во тековната работа, да се одржи внимание, да се учи од сопствените грешки, да се прифати двосмисленоста во средината на промената, да се очекуваат и мерат резултати и да се остави или продолжи кога е потребно.

## 1.4. Водење на промените и иновациите во воспитно-образовниот процес

Мошне често се јавуваат многу нејаснотии и забуни, поврзани со поголемиот број странски проектни активности за унапредување на квалитетот на воспитанието и образованието во земјите од Европа кои се наоѓаат длабоко во процесот на транзицијата, а сето тоа е поради очигледното странско влијание ( англоамеричкото).

Денес во европски рамки сè повеќе се наметнуваат природните потенцијали и ресурси на општествената заедница во глобала. Така, во досегашниот период во многу европски земји, особено оние кои се наоѓаат во процесот на транзиција, се говори за воспоставување ефективни училишта, училишта по мерка на ученикот, училишта без слаби оценки, креативни училишта, демократски училишта и сл.

Од наведеното на овие познати автори се наметнуваат и прашањата : Како да се подобри успешниот развој на ученикот, неговите поефикасни резултати во процесот на наставата, како и прашањето за постојниот капацитет во управувањето т.е. менаџирањето со промените на квалитетот во училиштата ? Во тој контекст се следниве важни индикатори за подобрување на квалитетот во училиштата, т.е. во сферата на едукацијата :

- подобрување на уметничките резултати
- акцентирање на поучувањето и учењето

- градење капацитети за имплементација (непосредна реализација) на промените во училиштата
- дефинирање на правците на движење со расположливите ресурси
- проценување на сопствената култура во функција на развивање на позитивните културни норми на однесување
- поседување децидна визија и мисија во поглед на општата и посебната стратегија во постигнување на едукативните цели,
- јакнење на внатрешните потенцијали и услови во училиштата кои ги придвижуваат промените што означуваат квалитет
- континуирано следење и евалвација на сопствениот напредок, успешност и развој на субјектите во едукативниот процес : учениците, наставниците, родителите.

Во современата настава влегуваат следниве видови настава: творечко- креативна настава, истражувачка настава, проблемска настава, диференцирана настава, индивидуализирана настава, активна настава, критичка настава, додатна настава, проектна настава, транспарентна настава. Најдобри резултати се постигнуваат со акционите истражувања кога се применуваат делотворни стратегии за поучување и учење, популарни стилови на учење од страна на учениците, составување на наставна програма за конкретниот предмет, евалвација на успехот, мотивациски стратегии, примена на техники за управување со однесувањето.

Проектните активности во процесот на наставата можат да го збогатат училишното искуство со придодавање нови квалитети. Преку перманентната обука на стручните соработници и наставниците во училиштата може да се очекуваат далеку подобри резултати во воспитно-образовниот процес, отколку кога наведените не би се применувале.

Иновациите и промените видно се одразуваат и на учениците, при што мошне често се заборава дека училиштето воедно е и работно место и за учениците. Најголемиот придонес во процесот на учење е учењето на наставниците, зашто, како и нивните ученици - мора да со дообразуваат.

Во тој контекст се поставува и следнава афирмација на инвентивната работа на наставникот, активното мисловно ангажирање и учество на учениците во самостојно пронаоѓање и формулирање на проблемски ситуации, дебатирање, полемизирање, самостојно

критичко ангажирање и нивно логичко разрешување, активно вклучување на учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и пројавуваат одредена талентираност кон одделни наставни предмети во рамки на додатната настава преку претходно добро осмислен и збогатен курикулум за талентираните ученици во нашите училишта, активно учество на учениците во проектната и транспарентната настава преку форсирање на заедничката партнерска соработка, самостојноста во групната и тимската работа, иницијативноста, одговорноста и подготвеноста на учениците и наставниците за непосредна примена на стекнатите знаења во практичниот живот.

Промените како светски тренд во основното образование кај нас се разбираат и прифаќаат како неминовност, условена од потребите, а отвореност и коресподенција на нашето образование со она на развиените земји. Посебните предизвици, во однос на основното образование произлегуваат од неговата територијална организација и процесот на децентрализација.

Програмата за развој на основното образование се темели на сите значајни политички, идејни и стручни документи кај нас и светот. Оваа програма во потполност кореспондира со специфичностите на државата и актуелниот миг на развој во кој таа се наоѓа. Водејќи се од интегралниот пристап кој е применет, во овој документ се истакнати два клучни моменти кои треба да ги сублимираат сите напори на државата и другите партнери во сферата на основното образование во идниот период, а тие се :

- Зголемувањето на траењето на задолжителното образование
- Промоција на ефективно основно училиште.

Се очекува дека со остварувањето на овие цели би се премостиле низа проблеми кои се јавуваат во задолжителното основно образование, со што би се постигнал голем придонес за благосостојбата на граѓаните, развојот на земјата и нејзиното успешно вклучување во европските интеграциони процеси.[24]

Промовирање на нова идеја, која се јавува како резултат на стекнати нови знаења. Иновациите се вистински предизвик не само на директорот, туку и за сите останати кои работат или се заинтересирани за работата на училиштето.

Директорите на училиштата, како водачи на промените, потребно е да се подготват за управување со промените, затоа што тие бараат знаења, вештини и компетенции за

[24] Национална програма за развој на образованието во РМ, стр.100

подобрување и развој на стратешките цели, образовната технологија, пристапот кон човечките ресурси и организациската структура во основното образование.

Кога станува збор за промените во училиштата треба да се има во предвид дека сите тие се однесуваат на промени на образовниот процес, особено дидактичко – методичката сфера, како што е случај со најголемите проекти што се реализираат.

Проектот претставува определена задача (која има определени почетни и завршни датуми) која се презема за да се создава уникален продукт или услуга која допринесува на позитивна промена или додадена вредност.

## *1.5. Улогата на менаџерот – директорот во основното образование и воспитание и професионалниот развој на наставниот кадар*

Досегашните искуства покажуваат дека професионалниот развој на наставниците има низа недостатоци :

- Отсуство на утврдена политика за професионален развој на наставникот
- Препуштеност на индивидуална иницијатива
- Недоволна материјална поддршка во училиштето и на наставникот за негов професионален развој
- Формализирање на менторскиот систем со приправниците
- Отсуство на стандарди и критериуми за професионален развој и напредување во кариерата
- Отсуство на иницијативи за професионално усовршување на наставникот
- Недефиниран систем за обука
- Неизграден систем за акредитација.

Како друга главна и влијателна околност која влегува во воспитно- образовниот процес е и доживотното учење и професионалниот развој на наставниците. Доживотното учење и професионалниот развој на наставниците, како и континуираниот развој на училиштето треба да се посматраат во нивното единство и да се промовираат во природно поврзани и меѓузависни процеси.

Доживотното учење треба да овозможи други модели и патишта за учење, како независно учење, училишното искуство и вклученоста во проекти за подобрување на училиштето треба да се ценат и формално да се признаваат и разните начини на стекнување

на знаења, по можност и да се сертифицираат. Доживотното учење и професионалниот развој на наставниците имаат смисла само ако се поврзани со унапредување на квалитетот на образованието на ученикот.

Истражувањата покажуваат дека способноста, искуството и образованието на наставниците имаат големо влијание врз постигањата и успехот на учениците. Науките за образованието, во последно време, доаѓаат до нови сознанија за ефективни приоди во учењето и наставата. Оттука професионалниот развој на наставниците е најпродуктивното вложување кое може да резултира со подобрување на постигањата на учениците. Принципите се наменети за обезбедување високо квалитетен професионален развој со цел да се подобрат постигањата на учениците и ги покриваат сите три нивоа од образовниот систем – училишно, локално и државно ниво. Резултатите на учениците ќе се подобрат доколку професионалниот развој го продлабочи знаењето на наставниците за тоа како подобро да им ги пренесуваат наставните содржини на учениците.

Главната цел на стручното усовршување на наставници во рамките на проектот е обука на наставници во користење на методи на контекстуално учење ( интерактивна настава) и охрабрување на практикувањето на овие методи во училница.

Интерактивните техники на настава теоретското знаење го ставаат во корист на практичната примена. Тие промовираат вештини за решавање проблеми и ги охрабруваат учениците да работат заеднички и да учат едни од други. Тие исто така вклучуваат и развивање на техничките вештини.

Крајната цел на активностите е зголемување на вештините за критичко мислење и разрешување проблеми кај учениците, преку подобрување на наставата. Сега во училиштето поголем број од наставниците ја користат интерактивната настава како дел од нивната секојдневна пракса.

Образованието на наставниците претставува мошне значајно прашање на секој систем , иако дел од проблемите во врска со тоа кај нас се уште не се разрешени. Отсуството на изграден единствен модел за образование како и концепт за професионален развој и напредување на наставниците доведе до нерамнотежа меѓу стручно – научната и професионално - педагошката компонента во иницијалното образование на наставниците.

Наставниците се фокусирани врз целите и задачите на програмите, т.е. нивното внимание е концентрирано врз реализацијата на однапред дадените содржини кои се трансформираат во цели и задачи. Значи наставникот е свртен кон програмата и нејзината содржина, а не кон ученикот. Неговото внимание е концентрирано на тоа како да ја реализира наставната единица, а не кон тоа како наставната единица влијае врз учениците/студентите, какви ефекти предизвикува кај нив на планот на усвојувањето на знаењата, развивањето на вештините и изградувањето на ставовите, како учениците/студентите ги стекнуваат тие нови знаења и вештини, кои активности ги преземаат при нивно усвојување и сл.

Најмало внимание се посветува на тоа како учениците ги применуваат стекнатите знаења, вештини и ставови во вистинските животни ситуации. Системот на вреднување на работата на наставниците и учениците има најголема вина за ваквата ситуација. Наставникот и неговата работа се вреднуваат само врз основа на реализираната програма, и тоа нормативно, без притоа да се води сметка дали тој успеал да ги реализира целите и предизвикал одредени промени кај учениците, т.е. без да се води сметка колку секој од нив стекнал знаења и вештини и какви ефекти тие знаења и вештини предизвикале кај него.

Успешноста на наставникот се мери со постигнувањата на учениците. Всушност, системот на оценување води сметка единствено за умешноста и способноста на учениците да ги „пресликаат“ содржините од програмата и е доминантно зависен од слободната процена на наставникот.

Ваквиот пристап предизвикува состојба во која недоволно се следи, проверува и оценува оспособеноста на учениците за примена на усвоените знаења во нови ситуации, особено во вистинските животни ситуации.

### *1.6. Менаџерски способности и функции на директорот за подобрување на работата во училиштето*

Како водачи на промени и иновации, директорите треба да бидат отворени кон предлози и иницијативите на вработените на промени, иновации, и тоа не само да ги подржуваат, туку и да ја делегираат улогата на агент на промената и иновацијата на самите наставници, кои ја согледале потребата од промена.

Директорите потребно е да се подготват за управување со промените и иновациите, зошто тие бараат од нив знаења, вештини и компетенција за подобрување на развој на стратешки цели, образовна технологија, пристап кон човечките ресурси и организациската структура. Потребни се и знаења за самиот комплексен процес на воведување, односно управување со промените и иновациите.

Менаџерските функции неопходи во училиштето се: планирање, екипирање, организирање, раководење, контролирање, насочување, координирање, одлучување, следење, вреднување, мотивирање и оценување.

Планирањето е почетна активност и може да се однесува на различни по должина временски интервали т.н. постојат :

- долгорочно планирање
- краткорочно планирање

Организирањето е значајна функција за директорот на училиштето преку која го обликува целокупниот процес на работа во училиштето. Функцијата организирање се реализира преку различни содржини. Раководењето или водење како менаџерска функција е насочено врз придонесот на луѓето, односно раководење со тоа што тие треба да го работат. Контролирањето подразбира активности и мерки кои треба да се превземат од директорот, со цел да го оствари планот.

Педагошко инструктивна функција се однесува на постојана грижа за перманентно усовршување на персоналот во училиштето. Технички или стручни вештини на училишниот директор се однесуваат на способностите кои се стекнуваат со образование или искуство. Концепциските вештини му овозможуваат на директорот да го согледа и разбере училиштето со целата своја комплексност.

Хуманитарни човечки вештини му овозможуваат на директорот да ги реализира активностите за поставување и остварување на целите на училиштето со и преку луѓе.

Во човечки ресурси во образованието спаѓаат и раководните кадри, односно директорите на образовните институции во основното и во средното образование, како и раководниот кадар на високообразовните институции. До пред некоја година директор на училиште се стануваше исклучиво по некакви други критериуми, вклучително и партиски. Ова беше идентификувано како сериозен проблем во образованието, па се пристапи кон негово надминување со воспоставување организиран систем за обука на директори и нивно сертифицирање преку полагање на т.н. испит за директори.

Модуларизираната програма која ги зајакнува управувачките, административните, дидактичките, комуникациските и финансиските капацитети за раководењето е само првиот чекор кон подигнувањето на квалитетот во раководењето на образовните институции.

*Во рамките на воспоставениот систем за иницијална обука на директорите на училиштата треба да се развиваат и програми за дообука на менаџерскиот кадар во образованието, со кои ќе се следат трендовите во училишниот менаџмент.*

Дали треба да се размислува за соодветна институционализација на овој систем е прашање на кое треба да одговорат носителите на одлуки во образованието. Во овој момент во Република Македонија целосно е либерализиран пазарот на услуги за обука на директори. Имено, Министерството за образование и наука веќе има акредитирано пет високообразовни институции како понудувачи на ваков тип услуги.

Во Словенија со години постои посебна институција „Школа за директори" која се занимава со обука, но и со дообука и советување на раководните луѓе на образовните институции во Словенија. Во некои европски земји критериумите за раководење во образовните институции се подигнати на уште повисоко ниво. На пример, во Финска за да се раководи со образовна институција, треба да се стекне титула магистер по образовен менаџмент.

Тоа значи дека во развиените земји обуката на директори прераснала во формален тип на образование. И додека во основното и во средното образование е направен обид за воспоставување систем за обука на директори, во високото образование менаџментот како да е препуштен на своите способности за раководење со високообразовните институции. Во овој момент не е ни на повидок некаква инцијатива за обука на раководниот тим на високообразовните институции во Република Македонија.

*Неопходно е да се пристапи кон развивање систем за обука на менаџерскиот тим на високообразовните институции на ниво на универзитет кој иницијално би се алиментирал преку ТЕМПУС проект, а потоа би функционирал врз принципот на самофинасирање.*[25]

## 2. Јазиците за време на модернизамот и постмодернизамот

Од западно гледиште, има три фази на човечката историја: премодерен, модерен и постмодерен период. Секоја фаза се однесува на различни форми на социјални и економски организации, различни верувања, и различни гледишта за одредени видови на промени. Различните односи меѓу јазиците може да влијаат на опаѓање на модернизамот во светот.

Модернизамот се ширеше од Европа низ светот. Неговите корени беа во ренесансата и неговиот развој може да се види низ вековите, колонијалната експанзија, незадоволството на протестантите во Северна Европа, територијалните војни, индустрискиот и урбан период во деветнаесетиот век. Јазиците во Европа во текот на овој период станаа модерни: кодифицирани, стандардизирани, јазици кои симболизираат и овозможуваат да се унифицира националниот идентитет – најчесто по цена на јазиците кои се зборуваат на националните граници. Порастот на модерни јазици донесе модерни концепти кај родните говорници како и кај другите – идејата за странски јазик. Пред 18- тиот век не постоеше концепт за странски јазик како што постои денес.

Во својата книга Дејвид Градол цитира : „ *јас посочувам дека ние достигнавме таков момент што се однесува на статусот на глобален англиски : светот се промени и ние веќе никогаш нема да бидеме исти. Со самото тоа што се зголемува бројот на луѓе кои го изучуваат англискиот јазик достигнавме ниво каде никогаш веќе нема да бидеме исти. Постои ново ниво, англискиот јазик веќе не се изучува како странски јазик, со признание на хегемониската моќ на народните говорници на англискиот јазик.* “[26]

Европа, која претставува центар на развојот на модернизмот, сега нуди извор на нови идеи за тоа како да се приспособиме на светот на глобализацијата: спојување на суверенитетот и споредност (локална детерминација) слободно движење на добра и граѓани

[25] Ibid. стр.16

[26] Graddol, D.,( 2007) "English Next ", British Council, , стр. 19

со добро претпазливи заеднички ограничувања, стандардизирани методи во учењето и изучувањето на јазиците, како и нови форми на мултилингвизам.

Порастот на мултилингвизам во Европа претставува разрешување на главната компонента на модерниот идентитет. Монолингвизамот исто така опаѓа во САД, каде што употребата на шпанскиот јазик влијае врз линвистичката реалност и очекувања.

Англискиот јазик е во центарот на сево ова случување. Англискиот фактор се јавува како клуч во сите макро трендови: без разлика дали се работи за бизнис процес, пораст на урбаната средна класа низ светот, развојот на новата комуникациска технологија како што е интернетот, глобалната прераспределба на сиромаштијата, променливоста во контролата на медиумите, или пак реформите во училиштата и универзитетите. Не може да се забележи дека ширењето на англискиот јазик е поврзано со разрешавањето на модернизмот без да се забележи дека во многу земји англискиот јазик формира клучен механизам за да го креира стариот ред на општествена елита- особено онаа од периодот на империјализмот.

Всушност постмодерниот модел на англиски јазик може да се гледа како закана за многу кои инвестирале во модерната форма – ни најмалку родните говорници, чиј идентитет беше креиран во модернизмот и е сега под голем предизвик, вклучувајќи ги и членовите на сега постоечките елити, за кои англискиот претставува белег на идентитет, а и многу кои се вклучени во бизнисот за изучување на англискиот јазик.

Во некои помалку развиени региони постои чувство дека земјата мора да се модернизира, како една подготовка за глобалната економија и општество - како да модернизмот претставува фаза која не може да се пропушти за време на патот кон глобализацијата.

Можеби изгледа иронично, но многу развиени земји, кои се нашле себеси во центарот на глобалната економија се трудат постојано да достигнат статус на модернизам. Кина на пример, се уште се труди да го достигне стариот европски идеал на национална држава, обезбедувајќи ги територијалните граници и воведувајќи национален стандарден јазик. Во исто време, нејзиниот економски развој и зголеменото глобално влијание, целосно зависи од процесите на глобализација и зголемување на изучувањето на англискиот јзик. Кина го користи и модернизмот и постмодернизмот истовремено.

Индија, втората светска сила, се соочува со уште поголеми противречности. Од една страна, индискиот јазик полесно стекнува улога како национален јазик во помалите градови,

но од друга страна, Индија целосно го употребува англискиот јазик како главен јазик во рамките на бизнис соработката.

Главниот град на новата економија во Индија, Бангалур, лежи на југ каде регионални јазици се индискиот и англискиот, и каде употребата на англискиот јазик претставува предизвик на лингвистичката хегемонија на север.

Во овој труд главно се насочуваме кон статусот на англискиот јазик, како единствен глобален јазик достапен во така судбински час во историјата, кој исто така е подложен на трансформација. Неизбежно, истовремено бизнисот на поучување и учење на англискиот јазик се менува. Односите меѓу акционерите во глобалниот англиски јазик – изучувачи, родители, влади, вработени, издавачи, училишта - се развиваат многу брзо, уште од моментот кога Берлитц ги формираше првите училишта за јазици , во доцните години на XIX век.

Следниот степен на глобален развој ќе биде исто толку драматичен како и индустриската револуција и порастот на националните држави. Англискиот јазик е клучен фактор во овој процес. Од една страна, достапноста на англискиот јазик како глобален јазик ја забрзува глобализацијата, а од друга страна, глобализацијата исто така влијае врз ширењето и употребата на англискиот јазик.

При истражувањето главно се насочуваме кон постмодернизамот и глобалниот англиски, кои претставуваат главни карактеристики на 21-иот век. Но, мора да се посочи дека овие два клучни фактори истовремено влијаат на трансформацијата на светот.

## 3. *Поставеноста на англискиот јазик како глобален јазик во светот и неговата употреба*

Дејвид Градол, во својата книга „ English Next “[27], ги истражува некои од најновите трендови за употреба на англискиот јазик во светот и неговите променливи врски со другите странски јазици. Се базира на извештајот кој е даден на Британскиот совет во 1997 година наречен „Иднината на англискиот јазик “. Главните пронајдоци во „ Иднината на англискиот јазик“ беа :

- Развојот на англискиот јазик како глобален јазик во иднина може да биде помалку едноставен отколку што се претпоставува.
- Глобалното проширување на англискиот јазик расте не само на лингвален, образовен и економски план туку и на културен, политички и етички план.
- Клучните промени се демографски, економски, технологиски и подолготрајни трендови во општеството.
- Постои комплексна врска меѓу англискиот јазик и глобализацијата: економската глобализација го поттикна ширењето на англискиот јазик, но и англискиот јазик истовремено ја поттикна глобализацијата.
- Порастот на Кина има значајна улога во светот, каде се учи и користи англискиот јазик.
- Земјите како Индија, каде значително се зборува англискиот јазик како втор јазик, ќе ја играат главната улога во развојот на глобален англиски .[28]

И покрај овие извонредни промени во последните неколку години, едно нешто засекогаш остана непроменето. Се повеќе и повеќе луѓе го изучуваа англискиот јазик. Повеќето истражувања во книгата укажуваат дека изучувачите на англискиот јазик се повеќе растат во број, а нивната возраст се повеќе се намалува. Се навикнавме на идејата дека популарноста на англискиот јазик од ден на ден се зголемува. Тоа не претставува една нова вест, тоа е факт на глобалниот модерен живот- тренд кој започна кон крајот на XIX век, кога англискиот јазик беше прогласен за светски јазик од Европа , па се до Јапонија.

---

[27] Graddol, D., (2006) “ *English Next* “, British Council,

[28] Graddol, D., ( 1997 ) “ *The Future of English* “ , British Council,

И покрај тоа што светската популација расте многу брзо, различни земји – и јазици- се подложени на различни влијанија. Некои јазици се демографски предизвикани додека пак други брзо се стекнуваат со нови родни говорници.

Демографската промена е една од најважните фактори кои влијаат на јазиците - а постојат и други фактори кои влијаат и можат да бидат предвидени.

- Демографските промени се едни од најважните фактори кои влијаат на ширењето на јазиците, смените на јазиците и промената на јазиците.
- Како што се зголемува популацијата во помалку развиените земји, демографскиот баланс меѓу јазиците постојано се менува.
- Јазиците главно се разликуваат во старосната граница на населението кое ги зборува, што секогаш ќе влијае иднината на јазиците во светот, но исто така и на природата на образовните услуги.
- И покрај зголемувањето на контролите за имиграција, на некои одредени дестинации, глобалната миграција од ден на ден се зголемува.
- Анализата на меѓународни патувања укажува на тоа дека три четвртини од целото патување е насочено кон земјите во неанглиско говорно подрачје. Ова укажува на голема побарувачка за изучување на странските јазици, или пак особено на англискиот јазик како лингва франка.

Разгледувајќи ги сите промени кои се случуваат во светот, убедена сум дека сето тоа јазикот ќе го поведе во нова насока.

Сега е многу појасно колку се вложува и колку многу има вложувачи во глобалниот бизнис со англиски јазик. Во минатото, изучувањето на англискиот јазик се разгледуваше технички, како најдобра методологија, практика спроведувана од наставниците преку учебниците, или како проблем на империјалистичката пропаганда. Сега можеме да увидиме дека изучувањето на англискиот јазик е многу повеќе од ова.

Од ова истражување може да се увиди дека англискиот јазик е глобален јазик и лежи во срцето на глобализацијата. Англискиот јазик сега служи како средство за редефинирање на национално и индивидуалните идентитети во светот , менувањето на политиките, создавање на нови светски модели на богатство, предлагање на нови идеи на човекови права и др.

Секој, кој мисли дека родните говорници на англискиот јазик, се единствените кои се грижат за развојот на англискиот јазик, не се во право, зашто англискиот јазик е дел од глобализацијата на светот и оваа тематика за глобален англиски јазик , треба да не засегне сите нас.

### 3.1. Триумфот на англискиот јазик

Историјата на англискиот јазик е поделена на три дела : стар англиски, средновековен и модерен англиски јазик. Троделната структура е изведена поради одредени случувања во британската историја: особено Норманската инвазија, како предвесник на францификацијата на англискиот јазик, а подоцна и распоредот на политичкиот, религиозниот и економскиот развој кои го овозможија развојот на Англија како модерна држава.

Сега, станува збор за четвртиот период од историјата на англискиот јазик, по периодот модерен англиски, следува глобален англиски јазик. Реторички непријатно во четвртиот период би било дозволување да се гледа на англискиот јазик како со нов статус на глобален јазик со влијание на францускиот јазик и неговите културни, лингвистички, политички и економски влијанија на англискиот во постмодерниот период.

Традиционалната историја на англискиот јазик, како што е наведено во повеќето учебници започнува во XIX – иот век и влијае на вредностите и гледиштата во XIX-иот век.

## 4. Образование

Трендовите опишани во првиот дел ја започнуваат глобалната револуција во образованието. Во многу држави се одвиваат повеќе програми на реформи, како што економијата гради капацитет кој што е потребен да се работи во глобализираниот свет. Подобрување на националното владеење на англискиот јазик е еден од главните и клучни интереси на образовните стратегии во повеќе земји.

Речиси секаде, образовните системи се подложни на промени. Глобализацијата доведе до голема трка меѓу повеќе земји кои сакаат да ги надградат способностите на својата работната сила, отколку на економијата. Градење на човечкиот капацитет, постана главна цел за движење напред. Наместо постигнување на добро поставените цели, сега главно се насочени кон создавање на флексибилност, креативност и иновации, а менаџмент вештините се секогаш потребни за да се справат и соочат со постојаните промени.

## 4.1. Образованието во модерниот свет

Функцијата на образованието во општеството постојано се менува. Важна компонента во проектот за модернизирање беше обезбедување на универзално образование. Во 19 – ти век, имаше многу критичари кои стравуваа дека дозволувајќи им на децата на работничката класа да се здобијат со писменост ќе им даде поголеми амбиции од нивниот реален социјален статус и тоа би можело да влијае на соборување на општествениот поредок. Од друга страна писменоста постана главен услов за индустријализирана и урбанизирана економија.

Природата на државјанство и врската на државата со поединците постојано се менуваше. Граѓаните не можеа да се регулираат од сложеното и постојано менување на законодавството кое се развива паралелно со модерното општество, освен доколку тие немаат своја одговорност за однесувањето. Поединци не можеа да ги вежбаат одредените избори кои се очекуваа од граѓаните во потрошувачкото општество, освен ако тие самите не ги сфатат рекламите, упатствата и знаците, ситните правила на новите институции , како што е поштата. Со модернизирањето деновите брзо поминуваа, високите класи во Британија мислеа на француски јазик и танц, работничката класа не работеше ништо. Но изучувањето на странски јазик остана главниот белег на социјалната класа.

## 4.2. Образованието во глобалниот свет

Во еден глобализиран, постмодерен свет се појави еден различен модел на обрзование. Еден поединец за да учествува во новата економија, како работник, потрошувач и одговорен граѓанин, треба да биде уште подобро информиран (како за глобални така и за локални прашања), потребни се повисоки цели и повеќе флексибилни способности. Но старата тензија во односот меќу граѓаните и државата, меѓу правата и обврските, останува иста.

Државата е насочена кон задржување на социјалниот ред, да дејствува како чувар на националниот идентитет, како и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зголемување на националното богаство. Креирањето на работна сила со знаење, креативност и вештини за критичко размислување, може да биде добро за економијата, но исто така може да ја загрозат социјалната кохезија и стабилност. Додека претходно гледано како нешто многу важно што се случува во животот на децата, подготовка за зрелост и работни способности, сега образованието се гледа како нешто што ќе се случи во нечиј живот. Со разните промени

во светот , потребата за вештини и знаења постојано се менува. Истото важи и за современиот начин на живот и активност на потрошувачите.

Сите технолошки иновации, без разлика дали се однесува тоа на нови мобилни телефони и видео блогови, носат со себе и потреба за совладување на технологијата и новите културни кодови кои таа ги создава.

## 4.3. Траење на задолжителното образование и неговата внатрешна организација

## 4.4. Основното образование и воспитание во Европа

Траењето на задолжителното образование во повеќето европски и други развиени држави е различно, децата се вклучуваат во основното образование на возраст од пет или шест години, а во некои држави, како што се Англија, Холандија, Луксембург, Норвешка и Северна Ирска, образованието започнува од неполни пет години, или четири години. Од учебната 2005/2006 година во Република Македонија, учениците се запишуваат во основно училиште во подготвителна година со неполни шест години. Всушност основното обрзование заедно со подготвителната година трае девет години.

Врз основа на законот за основно образование и воспитание, задолжителното основно образование опфаќа една подготвителна година, четири години одделенска настава и четири години предметна настава. Во развиените држави внатрешната организација на задолжителното основно образование е различна и зависи од целокупната структура на училишните системи, вклучувајќи ги предучилишното основно образование како и нижо средно и вишо средно образование.

Така на пример, во Италија првото ниво на задолжително образование е Schola elementare и опфаќа ученици на возраст од 6 до 11 години, а организирано е во два циклуса : првиот трае две, а вториот три години. Второто ниво на задолжителното образование( ниже средно ) Schola media, трае три години.

Во Белгија основното образование што започнува на 6 годишна возраст на децата трае 6 години, а расчленето е на три периоди, секој од нив трае две години. [29]

Во Португалија задолжителното образование трае од 6-тата до 15 – тата година на учениците и е поделено на три периоди првиот трае четири вториот две години и третиот период три години.

[29] МОН,( 2007) *Концепција на деветгодишно основно воспитание и образование*, Скопје, стр. 79-85

Во Велика Британија (Англија и Велс ) задолжителното основно обрзование започува на петгодишна возраст. Првото ниво трае од 5-та до 11 – та година на учениците и се дели на два периоди, а потоа следи второто ниво кое опфаќа, исто така два периоди[30].

Период I : од 5 до 7 години

II : од 7 до 11 години

III : од 11 до 14 години

IV : од 14 до 16 години

Клучните периоди I и II припаѓаат на првата фаза, а периодите III и IV ја сочинуваат втората фаза.

Во Шведска од 1997 година училиштата мора да обезбедат место за шестгодишните и седумгодишните деца. Задолжителното школување трае 16 години. За Шведска карактеристичоно е задолжителното основно училиште кое внатрешно е доста расчленето. Всушност деветгодишното основно образование е поделено на три циклуси, а секој од нив трае по три години.

Во некои држави основното образование не е организирано по циклуси, како на пример во Данска, а специфичен пример е моделот на основното училиште во Германија, каде основното училиште во некои покраини трае четири години, а во други пет или шест години. По основното училиште следат уште пет или шест години од задолжителното образование во рамките на различни видови на нужни средни училишта : Hauptschule, Realschule, Gimnasium, Gesamtschule. Нижото средно училиште е за ученици од 10 до 16 години, а вишото од 16 до 19 години.

Во Република Словенија деветгодишното основно училиште е поделено на три воспитно – образовни циклуси кои траат по три години.

---

[30] МОН, БРО, (2007) „*Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*“, Скопје,стр.11

## 4.5. Концепт на деветгодишно основно образование и воспитание

Според законот за основно образование во Република Македонија од учебната 2005 / 2006 година во подготвителната година на основното училиште се запишуваат децата кои до крајот на календарската година ќе наполнат шест години. Така, хронолошката возраст на децата во подготвителната година се движи меѓу 5 години и 8 месеци и 6 години и 7 месеци.

Што се однесува до наставниот кадар, со Основите на програмата за воспитно – образовната работа, донесена 2005 година утврдено е со децата во подготвителната година да работат воспитувачи со високо или со више образование и со завршени студии на Институтот за Педагогија. Но од друга страна беше воведена законска обврска воспитувачите во подготвителната година да имаат завршено студии за одделенска настава со што се создаде сериозна неусогласеност во однос на иницијалното образование на воспитувачите и наставниците што работат со децата на шестгодишна возраст. Имено, и одделенските наставници не се целосно подготвени за воспитно образовна работа со деца на шестгодишна возраст.

Во основните училишта во Република Македонија организацијата на учебната година се уредува согласно со наставниот план и Законот за основно образование.

Во Република Македонија неколку теми доминираат во образовните дебати. Интеретичката интеграција, компјутеризацијата, децентрализацијата, верското или образованието за религии, се неколку од најдискутираните теми до сега. Наспроти тоа одржлив развој е на маргините на интересот и на образовните професионалци и на креаторите на јавните политики. Го нема неопходното внимание на јавноста преку институционалната подготвеност за да се помогне неговото инкорпорирање во образовниот систем како многу важен принцип што мора да биде интегриран во постојните курикулуми од рана возраст низ задолжителното образование. Така одржлив развој не е вклучено во главните стратешки документи ниту во легислативата која го регулира образованието.

Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 – 2015 година усвоена од Собранието во 2006 година , не упатува на одржлив развој.

Концепцијата за деветгодишно основно образование и воспитание, која го презентира новиот рамковен курикулум, беше усвоена во 2007 година.

**Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование,** усвоена од Владата на Република Македонија во 2007 година, ја претстави новата структура на основното образование и новиот пристап во наставата и учењето, поставувајќи го учењето на ученикот базирано врз искуство во центарот на образовниот систем. Концепцијата е многу општ документ што ги претставува основните принципи, цели, очекувани резултати и претставува генерална рамка на системот на основно образование.

Поставувајќи ги општите параметри на наставниот процес, таа на наставниците им дава значајна слобода во поучувањето и постигнувањето на очекуваните резултати.[31] Со Концепцијата се воведуват три развојни периоди во циклусот на основното образование. Со новата Концепција за деветгодишно образование се воведува англискиот јазик како здолжителен предмет од I – во одделение.

## 5. Карактеристики на наставниот план и наставните програми по англиски јазик за основното училиште

Тргнувајќи од законската регулатива за основното воспитание и образование во нашата држава се применува заеднички нставен план со програми за задолжителните, изборните и факултативните предмети. Овој начин на програмирање е застапен и во образованието во развиените држави. Исто така во повеќе наврати од 1996 година се правени и измени и дополнувања на наставниот план и наставните програми, а особено познати се обидите за растоварување на наставните програми од преобемни или информативни и помалку значајни содржини што ја зголемуваа психофизичката оптовареност на учениците.

Во Австрија во првите четири одделенија во основното училиште изучувањето на странскиот јазик се воведува (без да се планира неделниот фонд на часови уште во I и II одделение).За наставата по странски јазик од I до IV одделение има 2,17 % од вкупните часови на задолжителните програми. Во Германија Баден – Виртемберг за наставата по странски јазик од I до IV одделение има 7,40% од вкупниот број на часови, Во Словенија странскиот јазик се изучува од IV одделение со по два часа неделно или 2,29% во Хрватска странскиот јазик се изучува од I до IV со по два часа неделно или 11,11% од вкупниот број

[31] ШиповиќД. (2011) „ Извештај за образование за одржлив развој",Скопје :МЦГО (Македонски центар за граѓанско образование,) стр.17

часови за задолжителните програми. Во Република Македонија во училиштата каде што се создадени услови учениците започнуваат континуирано да го изучуваат странскиот јазик од I одделение.

За изучување на странскиот јазик во училиштата во Данска од V до IX – то одделение се издвојува 10,27% од вкупниот број на часови за задолжителните програми, во Австрија во нижото средно училиште од I до IV одделение 11,02 % во Германија од V до X одделение во средното образование во Баден Виртемберг 12,56 %, Словенија 12,01% Хрватска 12,37 % иво Македонија 11,53%.

Вториот странски јазик или латински јазик во Австрија во гимназиумот н понискoто ниво на задолжителното образование е застапен 7,08 % од вкупниот фонд на часови, во Германија во училиштата на Баден Виртемберг од V - то до X –то одделение за вториот странски јазик се издвојува 10,98 % од вкупните часови за задолжителната програма , во Хрватска вториот странски јазик се изучува во изборните предмети со по два часа неделно од IV до VIII одделение и во Македонија за вториот странски јазик се издвојуваат 5,76% од часовите за задолжителните програми.[32]

## 5.1. Застапеноста на англискиот јазик во наставните програми во училиштата низ светот

Во Европската Унија во 2008 година, 79% од учениците од основното образование и 83% од оние во средно образование изучуваа странски јазик. На двете нивоа, англиски беше вообичаено прв странски јазик. Втор странски јазик беше изучуван од 10% од учениците во основното образование и 39% од учениците во средно образование. Главно станува збор за германскиот и францускиот јазик.

По повод Европскиот ден на јазиците[33], кој се слави секоја година на 26 септември, Еуростат, канцеларијата за статистика на Европската унија, објавува податоци[34] за странските јазици кои ги изучуват учениците и се разбира јазичните вештини на возрасните. Општите цели на овој настан е да се алармира јавноста за важноста на учењето на јазиците, да се промовира богатата јазична и културна разновидност на Европа и да се охрабри доживотното изучување на јазиците во и надвор од училиштето.

---

[32] МОН, БРО, (2007) „*Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*“, Скопје,стр.18-20
[33] http://edl.ecml.at
[34] Eurostat, Statistics in Focus, 49/2010, "More students study foreign languages in Europe but perceptions of skill levels differ significantly", available free of charge in pdf format on the Eurostat web site.

Највисокиот процент на ученици во основното образование, кои изучуваат странски јазик во 2008 година, беше пронајден во Луксембург и Шведска (и 100%), Италија (99%) и Шпанија (98%), а најниска во Ирска (3%), Холандија (32%) и Унгарија (33%). Процентот на ученици во основното образование, кои изучуваат втор странски јазик, беше највисок во Луксембург (83%) и Грција (24%).[35]

Не е изненадувачки, но англискиот јазик има стекнато посебно место во училишните програми во повеќе земји. Постојано, низ Европа, англискиот постана првиот странски јазик во образовните системи, често заменувајќи друг јазик. На пример, во Швајцарија, некои кантони во кои се зборува германски јазик, контраверзно одлучија дека англискиот јазик ќе се воведе на помала возраст за изучување од францискиот јазик, вториот јазик во Швајцарија. Во Балтичките држави и пост-советските држави, англискиот во многу случаи, го замени рускиот јазик како главен странски јазик. Во Естонија, на пример, во пописот од 2000 година, граѓаните беа испитувани за тоа кој странски јазик умеат да го зборуваат. Тоа покажа дека опаѓањето на говорот на рускиот јазик, беше причина за напредок на англискиот јазик за изучување кај младите луѓе . Англискиот јазик исто така се воведе во употреба и кај децата со помала возраст во основните училишта. Исто така се зголеми и употребата на CLIL во повеќе европски земји.

Редовните истражувања на Евробарометар, кои ги испитуваа граѓаните, на кои јазици може да воспостават комуникација, без изненадување укажува дека бројот на луѓето кои можат да комуницираат на англиски јазик , во повеќето истражувани земји, се зголемува во последните 5 години.

[35] Eurostatnewsrelease 139/2010 – 24 Септември 2010, http://ec.europa.eu/eurostat

## 5.2. Наставата по англиски јазик во нашите училишта

Во Република Македонија концептот за содржината и организацијата на осумгодишното основно училиште е донесен 1996 година и од истата година започна постапно да се применува новиот наставен план со новите наставни програми.
Наставните програми беа подготвени од посебни комисии составени од наставници од факултетите / стручњаци за одделни предмети, наставници од училиштата и советници од Бирото за развој на образованието.

Наставните програми содржат општа цел за наставата ( по соодветниот предмет ) и задачи за наставата со кои се конкретизира општата цел. За секоја заокружена целина (тема ) од пограмата паралелно се дадени содржините, знаењата, способностите, средствата и активностите. Направен е обид да се утврдат каталози на основните знаења и способности. Сепак, тоа не е направено потемелно и со право може да се каже дека очекуваните знаења и способности што се предвидени со наставните програми не се поцелосно емпириски проверени.

Општо гледано, наставните програми што се донесени и дополнувани по 1996 – та година заедно со искуството од повеќето развојни истражувачки проекти дадоа добра основа за развивање нови модели за планирање на наставата. Исто така, едновремено се налага потребата за систематско прибирање објективни показатели за успехот на учениците по завршувањето на одделни образовни циклуси.

Република Македонија е една од многуте држави, во која веќе од многу одамна се изучува англискиот јазик како прв странски јазик. Со осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година се направени значајни измени во организацијата на наставата во основното образование. Во почетокот, во рамките на осумгодишното образование, англискиот јазик се изучуваше само од V до VIII одделение , но со низа промени и влијанија од другите високоразвиени државни системи , настапија и низа промени во организацијата на наставата по англиски јазик.

Според наставниот план за изучување на англискиот јазик од 1998 година[36], англискиот јазик се изучува како изборен предмет, започнувајќи од IV одделение со два часа неделно, V-то и VI-то одделение по три часа неделно, а VII-мо и VIII-мо одделение да се изучува со два часа неделно. Меѓутоа, како што веќе напоменавме, низата промени кои се случуваат со глобализацијата и употребата на странските јазици во секоја област од нашето

---

[36] Министерство за образование и физичка култура, педагошки завод на Македонија ( 1998) Наставен план и наставни програми англиски јазик V-VIII , стр. 64

живеење, влијаеше и на промените во образовниот систем. Со новата концепција за основно воспитание и образование, основното образование трае девет години, така што се направени и низа промени во изучувањето на англискиот јазик.[37] Веќе, денес, 2012 година, англискиот јазик се изучува од I одделение со еден час неделно , па сè до IX –то одделение .

## 6. Англискиот јазик како основна вештина и модели на изучување на англискиот јазик

Улогата на образованието денес се гледа како начин да се обезбедат генерички вештини и знаења и специјалистички вештини и знаења за во иднина. Писменоста на национален јазик, или пак на мајчин јазик, останува основна вештина на умеење, како што е на пример математиката. Но, информатичката технологија, односно како да се користат компјутерите и апликациите, како што е на пример терминот процесори, табеларни пресметки и интернет прелистувачи, претставуваат исто толку важни вештини како и основните. Мошне едноставно, ***својата функција и место во наставните програми во образованието не го имаат како странски*** јазици, туку ова воведува темелни промени во начинот на изучување на англискиот јазик, нивната мотивација за учење и нивните потреби како ученици.

### 6.1. Модели на изучување на англискиот јазик

Постои голема разлика во тоа како англискиот јазик е предаван и изучуван низ светот, но постојат некои општо прифатени ставови со што англискиот како странски јазик бил доминантен во втората половина на 20 век, но сепак повеќе истакнат како глобален англиски јазик. Не постои еден и единствен начин на предавање и изучување на англискиот јазик, не постои единствен мотив, ниту програма или учебник, правилен начин на проценка, или пак разлика во изучување на англискиот јазик која ја истакнува целта. Тоа е примамливо, но бескорисно, бидејќи постојат многу комбинации на наставници и ученици. Зголемувањето на бројот на акроними во изучувањето на англискиот јазик ја донесе појавата на повеќе модели.[38]

Со поимот модел, не мислам на различен дијлект на англиски јазик, како што е во САД и Британија, иако изборот на одредени разлики може да игра одредена улога. Со поимот модел на англиски мислам на една комплексна рамка, која вклучува прашања од

[37] Мин, за образование и наука и Биро за развој на образованието (2007) : „Концепција за деветтогодишно основно воспитание и образование“ Скопје, стр. 82

[38] Graddol, D., (2006) “ *English Next* “, British Council, стр.82

методологијата, но оди паралелно со вклучувањето на други димензии на контекстот и практиката на изучување на англискиот јазик.

Станува јасно дека овие прашања се поврзани меѓусебе. Соодветноста на соджината јасно зависи од такви нешта, како што е возраста на учениците и дали англискиот јазик се користи како јазик за меѓународна комуникација или за комуникација за опстанок со родните говорници, или пак за време на одмор во Британија или други земји каде се зборува англиски јазик. Ова е причината зошто се дадени повеќе видови на модели кои може да се разгледуваат како структура на фактори кои се дадени како листа во една кутија.

Постојат повеќе акционери вклучени во процесот на изучување и предавање на англискиот јазик, и секој од нив има различно гледиште за јазикот. Учениците, нивните фамилии, наставниците, владите, вработените, издавачи на учебници – сите сега имаат голем интерес за бизнис со англискиот јазик.

Сепак постои голема дебата, за најдобрите методи и пристапи при изучување на англискиот јазик. Но голем дел од дебатите се насочени само кон два модела : настава по англиски јазик како странски јазик (EFL) и настава на англиски јазик како втор јазик (ESL).

## 6.2. Традицијата на изучување на англискиот јазик како странски јазик

EFL ( English as a Foreign Language)[39], како што ја знаеме денес, е креација на 19-тиот век, која низ вековите има главно интерес за класичните јазици. EFL има тенденција да се насочи кон изучување за културата и општеството на родните говорници, го нагласува центарот на методологијата во дискусиите за ефективно учење и нагласувајќи ја и важноста на мајчиниот јазик.

EFL пристапи, како и предавањето на различни странски јазици, го поставува ученикот како аутсајдер, странец, тој кој се труди да постигне прифаќање од целата заедница.

Целен јазик е секогаш некој друг мајчин јазик. Ученикот е претставен како јазичен турист-дозволено му е да посетува, но без право на престој и обврска да ги почитува родните говорници.[40]

[39] EFL – English as a Foreign Language – Англискиот јазик како странски јазик
[40] Native speakers – people that speak English in their native country
Родни говорници- луѓе чиј мајчин јазик е англискиот јазик

## 6.3. Англискиот јазик како втор странски јазик

За разлика од EFL, една од главните карактеристики на наставата по англиски јазик како втор странски јазик е тоа што ја признава улогата на англискиот јазик во општеството во кое се изучува. Историски гледано има две големи насоки на развој на ESL( English as a Second Language ), а датираат од 19 век. Прввиот вид произлегол од потребите на Британската империја да ги поучува локалните луѓе англиски јазик, за да овозможи администрација на големи региони низ светот, а со релативно мал број на државни службеници и војници. Царската стратегија вклучува идентификување на постоечката општествена елита, на која ќе и биде понудена наставна програма, која нема да ги опфати само јазичните способности, туку и британскиот вкус –култура и вредности. Литературата станала главен дел во програмата, изучувајќи го Христијанството, преку англиска поезија и проза.

Таквиот пристап кон ESL[41], доведе до колонијална поделба во денешното општество, изучувањето на англискиот јазик е проследено со комплексни културни политики и докажува дека е тешко да се шири употребата на англискиот јазик дури и кај средните класи во нашето општество. Во текот на многу децении, не повеќе од 5% од индијците, зборуваа англиски јазик, иако тоа игра значајна улога во индиското општество. Во времето на колонијалното општество, немаше голема потреба од наметнување на англискиот јазик како главен јазик- таканаречениот „Нов Англиски“. Со појавата на англискиот се издадоа и многу литератури, граматики како и речници по англиски јазик.

Во ESL земјите, децата вообичаено информативно се запознаваат со англискиот јазик пред да започнат со своето основно образование, така што улогата на учење во училница е да ги прошират своите стекнати знаења. Таму каде што постојат локални разлики на англискиот јазик, најголемо влијание врз учениците и нивното поучување имаат применетите стандарди и форми.

Карактеристика на ESL општествата е код-комутација (code-switching): звучници кои ќе се вклучуваат на англиски и на други јазици, дури и на една реченица. Познавање на нормите на код-комутација е суштински дел од комуникациските компетенции во таквите општества.

EFL и ESL претставуваат исти традиции, двете со корени од 19 век. Во последните неколку години се развија нови педагошки пракси, кои главно се насочени кон создавање на нов свет во кој главен јазик е глобалниот англиски јазик.

---

[41] ESL –English as a second Language – Англискиот како втор странски јазик

## 6.4. Англискиот јазик како лингва франка

Предавањето и изучувањето на англискиот јазик како лингва франка е најверојатно најрадикалниот и најконтраверзниот пристап во последниве неколку години. Главно повеќето прашања се поврзани со глобален англиски јазик.

Еден незапирлив тренд во употребата на глобален англиски јазик е дека неколку интеракции ги вклучуваат и родните говорници на англиски јазик. Застапниците на изучувањето на англискиот јазик како лингва франка, сметаат дека начинот на кој се изучува англискиот јазик треба главно да влијае на оние на кои англискиот не им е мајчин јазик, и кои го користат англискиот јазик за комуникација со другите луѓе од други земји. Разбирливо е дека новите говорници на англиски јазик претставуваат сериозна област за истражување.

Виена – Оксфорд меѓународниот проект за англиски јазик, предводен од Барбара Зајдлхофер, креираше компјутерски корпус на лингва франка интеракции, кои помага подобро да се разбере изучувањето на англискиот како лингва франка, а исто така обезбеди поддршка на изучувачите на EFL.Застапниците на ELF веќе дадоа некои индикации за тоа како некои пристапи кон EFL треба да се променат. Џенкинс (2000) на пример, става приоритет за изучувањето на изговорот на англискиот јазик.

Во ELF, од примарна важност е разбирливоста на јазикот, отколку интересот за јазикот како мајчин јазик. Наставата за одредени карактеристики, како што се артикулацијата на “th” како интердентален фрикатив, се чини дека претставува губење на време, додека други проблеми кои се јавуваат при изговорот на група консонанти, предизвикуваат проблем во разбирањето.

Ваквиот пристап им овозможува на истражувачите да го креираат Lingua franca core (LFC) кој обезбедува водечки принципи во креирањето на наставните планови и материјалите за работа при учењето на англискиот јазик. За разлика од традиционалниот EFL, ELF главно се фокусира на прагматичните стратегии кои се бараат во интеркултурната комуникација. Целниот модел на англиски јазик, во рамките на ELF, не претставува употребата на мајчиниот говор, туку билингвално говорење, при што говорителот го зачувува родниот говор во форма на акцент, и кој исто така има вештини, кои се потребни за да преговара, со разбирање, со друг соговорник.

Истражувањето исто така покажува дека некои луѓе на кои англискиот јазик им е мајчин јазик, го користат на многу лош начин јазикот за меѓународна комуникација. Решение

би можело да биде, елементите на ELF наставната програма да се опфатат во наставната програма на мајчиниот јазик.

ELF предлага радилкална проценка на начинот на кој се предава англискиот јазик, па и да се прифати ELF во целост, некои од неговите идеи, најверојатно ќе влијаат на традиционалната настава и практики за изучување во иднина.

### 6.5. Интегрирано изучување на странските јазици

Интегрирано изучување на странските јазици (CLIL Content and language integrated learning) е пристап кон двојазично образование во кое содржината на наставната програма- како и наука и географија како и англиски јазик се изучуваат заедно, поврзано. Тоа се разликува од едноставниот начин на изучување на англискиот јазик, при што не се очекува од ученикот да се стекне со совршено знаење на јазикот, пред да започне изучувањето. Оттука, тоа претставува изучување на предметите од наставната програма преку истовремено изучување на јазикот, како и потребата на поврзување на јазикот со спецификите на одреден предмет. Интегрираното учење исто така може да се разгледува и како изучување на англискиот јазик преку специјални содржини.

Интегрираното учење како иновација се појави во Финска, во средината на 1990-тите, и беше прифатено во многу европски земји, особено поврзано со англискиот јазик. Нема некои одредени правила на тоа како да се имплементира интегрираното учење и кои практики се применуваат. Интегрираното учење е компатибилно со идејата за „учење на време“ и некои од практичарите се смета за последна комуникативна методологија. Изучувањето на наставните предмети преку англискиот јазик, значи дека наставниците мора не само да ја пренесат содржината на наставната единица и јазикот, туку и практичното решавање на проблемот, со примена на преговори, дискусии и менаџирање во училница, на начин што ќе го окарактеризира педагошкиот аспект. Во тој поглед се разликува од ESP.

Во повеќето случаи, интегрираното учење се користи во средните училишта и се поткрепува на веќе претходно стекнатите знаења на англискиот јазик во основното училиште.

Интегрираното учење ги променува работните односи меѓу училиштата, и бара посебен вид на културни промени, кои некогаш е тешко да се воведат во училиштата. Наставниците по англиски јазик мора да соработуваат со предметните наставници за да се

уверат дека развојот на знаењата на јазикот се на добро ниво и тоа бара доволно време за преглед и планирање. Наставниците по англиски јазик може да го загубат англискиот јазик како главен предмет и да се јави како предмет со споредна улога.

Поради овие причини, иако се чини дека интегрираното учење веќе се користи во многу земји, оди се понапред, спротивен би бил ефектот ако реформите се движат надолу. Интегрираното учење е тешко да се примени единствено, ако двајцата наставници се билингвисти. Во случајот кога англискиот јазик е развиен со помош на интегрирано учење, тогаш и оценувањето на англискиот јазик се прави со оценување на другите предмети паралелно.

### 6.6. Англискиот јазик за младите ученици (English for young learners EYL)

Возраста, на која децата започнуваат да го изучуваат англискиот јазик се намалува низ целиот свет. Англискиот од местото на „странски јазици", премина во изучување во средното, основното и предучилишното образование. Трендот за изучување настана забрзано речиси неодамна и со главно настојување за воведување на билингвално население.

Учениците кои изучуваат англиски јазик стануваат се помлади и помлади. Низ целиот свет, од Чиле до Монголија, од Кина до Португалија, англискиот се изучува во основните училишта, со поголема незапирливост, и кај сè помала возраст на изучувачи. Глобалното истражување на англискиот за младите ученици, направено од Британскиот Совет 1999 година, покажа дека поголемиот број земји во кои англискиот јазик се изучува во основните училишта, воведува иновации започнувјќи од 1990-тите години.Тие иновации се со еден вид експериментална основа или пак некое повисоко рамниште. Од тогаш па наваму, оваа пракса стана насекаде распространета.

Во Европа, речиси секоја земја го документираше истражувањето Евридика од 2005 година, кое покажа зголемување на процентот на ученици кои го изучуваат англискиот јазик во основното образование за перидот од 1998- 2002 година (последната година за која имаше достапна документација). Од 2002 година трендот се прошири со уште поголемо темпо.

Често постои голем притисок од родителите , кои можат да го надополнат училишното образование со приватни часови. Во Јапонија, Benesse (јапонската компанија која ги поседува училиштата за странски јазици Berlitz) изјавила дека во 2005 година 25 % од децата на 5 годишна возраст во Јапонија посетувале часови по англиски јазик за конверзација, кои во 2000 - та година биле само 6%. Ова е типично за повеќе азиски земји.

Една рационална идеја за децата со помала возраст е дека тие побрзо изучуваат странски јазици од постарите. Во практиката, младите изучувачи наидуваат на повеќе пречки, за разлика од постарите ученици. Тие сè уште се развиваат физички и интелектуално. Нивните емоционални потреби се поголеми, тие имаат помала одговорност за тоа што го изучуваат. Една од практичните причини за кои се јавува англискиот јазик кај учениците со помала возраст е дека тие имаат подолго време во својата кариера да го совладаат јазикот, а друго е што распоредите во средните училишта се со други барања.

Изучувањето кај младите ученици обезбедува фондација за преминување во CLIL или во англиски медиум во средно училиште. Постојат многу опасности во изучувањето на англиски јазик кај помладите ученици, кој бара наставниците кои имаат образование за англиски јазик, да посетуваат и други обуки кои се однесуваат на развојот на детето, и да бидат способни да ги мотивираат малите ученици. Такви наставници се со помал број во повеќе земји, но овој неуспех ќе биде потешко да се поправи подоцна во иднина.

## 7. Англискиот јазик во Европа

Изработената рамка на Советот на Европа, имаше значајно влијание на развојот на наставните програми во многу европски земји, и претставува многу повеќе од само едноставно предавање на странски јазик.

Европа, каде идејалот за еден национален јазик на национална држава постана главна карактеристика на модернитет, се ресоздава себеси. Политиките за јазици на Советот на Европа креираа нов фокус за изучување на странски јазици кој ќе се применува во Европа. Новиот европски модел предвидува повеќе од стандардизираните пристапи кон изучувањето на странски јазици, преку механизми како што е заедничката европска рамка ***(Common European Framework CEF)***. [42]

Тој претставува широк идеолошки проект за подобрување на свеста на популацијата за повеќејазичната природа на Европа, да се постигне позитивен став за јазичната разновидност, и да се промовира изучувањето на неколку јазици истовремено. Европскиот проект претставува поттикнувач на полилингвизмот во Европа или мултилингвизам како што преферира да го нарекува Советот на Европа.

[42] Заедничка европска рамка,која обезбедува заедничка основа за изработка на наставните планови, наставните насоки, прегледи, учебници на сите јазици низ Европа. Таа, исто така, го опфаќа културниот контекст во кој јазикот е поставен. Европската рамка исто така го дефинира нивото на владеење на јазикот на учениците.

Граѓаните на Европа треба идеално да научат два јазика, во прилог на мајчиниот јазик. Очекуваните исходи од таквата програма , вклучуваат подобро разбирање меѓу соседните народи, подобрување на мобилноста на народите  во работата и студиите, и  зголемено чувство на заеднички европски идентитет.

Во овој поглед, Европа на 21-от век изгледа дека се повлекува назад во векот на проектот на модернизам, кој креираше мултилингвални општества.

## 7.1. Англискиот јазик како европски лингва франка

Слабоста на Европскиот проект е дека сите јазици се позиционирани да имаат една или повеќе земји домаќини. Во теоријата, англискиот нема поголем статус, во европските рамки, отколку да речеме француски или шведски јазик.

### Светскиот проект на англиски јазик

Равојот на наставата по англиски јазик, укажува дека општоприфатеноста се развила во последните неколку години, која може да се опише со Светскиот проект по англиски јазик. Ако овој проект успее, во период од една деценија може да се генерираат 2 билиони нови корисници на англискиот јазик.

## 8. Наставнички кадар

Во моментов во образовните институции работат наставници од три категории. Од првата категорија останаа уште неколкумина наставници кои како иницијално педагошко образование имаат т.н. учителска школа која беше облик на средно образование. Овие школи беа затворени во 1963 година, така што со новиот Закон за пензиско осигурување, овие наставници веќе го завршиле или наскоро ќе го завршат својот работен ангажман.

Општата перцепција за оваа категорија наставници кои беа ангажирани во одделенската настава е дека тие ги исполнија очекувањата. Со релативно скромното формално образование тие, може да се каже, дека мисионерски го описменуваа населението во изминативе децении. Општи карактеристики за овој кадар се: посветеноста, сериозноста и донекаде традиционалниот пристап во реализацијата на наставата во чија основа е почитување на авторитетот на наставникот.

Втората категорија на наставници се носители на диплома од ВПШ, односно од вишите педагошки школи. Оваа категорија на наставници е профилирана во време кога овие виши школи не беа доволно привлечни за младите, кои сериозно би ја вршеле просветната дејност. Таквата состојба им одеше во прилог на млади луѓе со просечни квалитети кои не беа многу заинтересирани за оваа професија. Денес, најголем процент од вработените во одделенската настава се од оваа категорија на наставници.

Третата категорија на наставници ја сочинуваат професори од предметната настава на основното образование, од гимназиското образование и општите предмети од средното стручно образование, кои своето педагошко образование го стекнале на други факултети кои служат како наставни бази (Филолошки Факултет, Природно-математичкиот факултет, Факултетот за музичка уметност, Факултетот за ликовна уметност и Филозофскиот факултет).

Од аспект на формални квалификации, оваа категорија ги исполнува најстрогите критериуми за работа во образовните институции, пропишани со законите за основно и за средно образование. Со новите измени во легислативата е предвидено во образованието како наставници да работат само кадри со академско звање, односно со високо образование. Сега се поставува прашањето дали ова законско решение го решава проблемот на квалитетот на наставничкиот кадар. Одговорот е двоен, и да и не. Да - затоа што сега овие кадри ќе треба повеќе време да поминат во стекнување на своите квалификации. Не - затоа што со формален акт не се решаваат проблемите, ако тоа не е проследено со соодветни мерки за нивно спроведување и ефектуирање.

Имено, очигледно е дека споменатите факултети кои профилираат кадри за образовните институции не се во состојба да создаваат кадри со перформанси кои одговараат на потребите на современото образование. Наставникот во XXI век треба да биде одлично образован, флексибилен, комуникативен, информатички писмен, со солидно познавање на најмалку еден странски јазик, инвентивен и посветен на работата со млади. Тој треба да располага со следниве генерички компетенции:[43]

- посветеност на напредокот и на постигнувањата на учениците;
- компетенција за голем број стратегии за настава/учење;
- компетенција за советување на студенти и на родители;
- знаење за предметот што треба да го предава;
- способност за ефективна комуникација со групи и со поединци;
- способност за создавање клима во која се одвива учење;
- способност за ефективно управување со времето;
- свест за потребата од континуиран професионален развој;
- способност за оценување на очекуваните резултати од учењето и на постигнувањата на учениците;
- компетенција за решавање проблеми преку соработка;
- способност да се реагира на различните потреби на учениците;
- способност да се подобри средината за настава/учење;
- способност курикулумот да се приспособи на конкретниот образовен контекст итн.

*Во овој момент е неопходно да се редефинира улогата на наставниците во општеството, заснована врз знаење и да се детерминираат нови компетенции што се потребни посебно во примената на информатичката комуникациска технологија како алатка во наставниот процес, во примената на техники за развој на критичко размислување и функционално знаење помеѓу учениците и студентите.*

Затоа во оваа сфера се потребни сериозни интервенции. Најпрво треба да се обнови кадарот во високообразовните институции кои служат како наставна база со кадар кој ќе треба да ги има барем истите перформанси со оние што треба да ги имаат идните наставници. Значајна интервенција треба да се случи и во модернизацијата на студиските програми преку кои се едуцираат идни наставници во согласност со препораките на Болоњската декларација.

[43] МОН, БРО, (2007) *„Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование"*, Скопје, , стр.46-50

Освен радикалната интервенција во кадровска смисла, државата како своевиден работодавец за кадрите од овие факултети ќе треба да интервенира во подобрувањето на техничките и на просторните можности во овие институции.

*Во однос на иницијалната обука за наставници неопходно е да се модернизираат студиските програми на високообразовните институции кои создаваат наставнички кадар, без притоа да се афектира нивната автономија, како и да се обезбеди сигурно здобивање со практични вештини кај новите наставници.*

Од своја страна наставничкиот и соработничкиот кадар на факултетите, освен оние кои стекнале диплома на наставнички факултет, никогаш немале можност да стекнат формални компетенции за изведување настава. Тоа е и причината зошто во наставата на сите нивоа има многу стереотипи, импровизации, необјективност, а малку инвентивност, посветеност и квалитет. Ваквата состојба на наставничкиот кадар во Македонија се должи и на отсуството на востановен систем на доедукација на кадарот и негово лиценцирање.

Имено, досега се реализирани бројни проекти за дообука на кадарот од кои голем број се финансирани од меѓународни извори, но сè уште не постои етаблиран систем за дообука на овој кадар кој би се засновал врз стабилни извори на финансирање, врз акредитација на програми за ваков тип на обука. Процесот на создавање систем за дообука на наставничкиот кадар првпат е започнат со проектот „Модернизација на образованието" од Светска банка, со кој за првпат се „отвори пазар" на понудувачи на обуки преку акредитацијата на програми, кои во следните две години ќе бидат финансирани од споменатиот проект.

Воедно, се прави план како државата, локалната власт и училиштата во иднина да го преземат врз себе финансирањето на обуките. *Државата треба да обезбеди одржлив систем на финансирање на дообуката на наставниците како еден од клучните услови за нивниот кариерен развој преку издвојување точно определен процент во училишните буџети.* Во овој момент во Македонија наставничката професија не е лиценцирана. Со лиценцирањето се очекува дека ќе се зајакне конкурентноста кај наставничкиот кадар и дека конечно ќе се воспостават механизми со кои добрите наставници ќе напредуваат и ќе се наградуваат, а лошите ќе си заминуваат од образованието.

Овој процес бездруго треба да се извлече од влијанието на државата за да не стане оружје за политичка пресметка и да се даде во надлежност на просветна комора што треба да се формира. Свое влијание врз неповолните состојби со наставничкиот кадар има и целосната формализација на т.н. стручен испит, што се полага по една година стаж и со кој се заверува дипломата стекната во текот на формалното образование.

Овој испит треба да има третман на државен испит и ќе треба да стане своевидна заверка на дипломата за сите оние кои се занимаваат со образование. Испитот во иднина би требало да биде структуриран и да се состои од повеќе делови кои би се одржувале во еден подолг временски рок. Заострувањето на критериумите и усложнувањето на полагањето на стручниот испит, немаат цел да создаваат страв кај наставниците - почетници, туку да ги мотивира сериозно да пристапуваат кон неговото полагање.

*Да се изготви нов концепт на стручен (државен) испит за наставниците со кој ќе се заострат критериумите за негово полагање, а би се реализирал во три фази (стручна, општа и практична).*[44]

Главно треба да посочиме дека во рамките на образовниот систем наставникот воопшто не се разгледувал како лидер во училишната средина. Едни од основните водечки вештини на наставникот се сметаат :

1) административните активности,

2) организирање или водење на активистички движења со друга група наставници

3) постанување активен член на локални организации и придонесувајќи за подобрување на состојбата во училиштата.

Работната група, главно е насочена кон улогата на наставникот како лидер во училиштата, и притоа насочувајќи се кон : улогата на наставникот во училницата, училиштето и политиката на животната средина.

Со зајакнувањето на училишната култура и самодовербата на директорот, кој е насочен да експериментира и да ја наметне својата моќ, улогата на наставниците во локалната самоуправа со текот на времето ќе биде рангирана на многу високо ниво. Роланд Барт , во една своја изјава насочува дека: „нешто длабоко и моќно владее во училишната култура “нешто работи против водството на наставниците “ има најмалку десет области кои влијаат на односот ученик - наставник, каде наставникот има суштинска улога во зачувување на здравјето на училиштето.[45]

- Избор на учебници и наставни материјали
- Обликување на наставната програма
- Поставување стандарди за однесувањето на учениците
- Одлучување дали учениците се со посебни образовни потреби
- Дизајнирање на програма за развој на персоналот

---

[44] Ibid. стр.48

[45] Barth ,R. (!991), *Restructuring Schools, Some Questions for teachers and Principals* “ , Phi Delta Kappa International, стр. 125

- Промовирање на нови програми и политики
- Одлучување за училишниот буџет
- Оценување на работата на наставникот
- Избор на нови наставници
- Избор на нови администратори

За професионалците од други полиња на науката ова типично би претставувало работа за неспособни , но ова претставуаат само почетни улоги кои натаму ќе доведат до посериозно учество во организациите.

„Трудот да се креира кадар на лидери во рамките на наставниот кадар реторички е поддржано од скоро сите, а всушност поддржано само од неколку " Харет Тајсон 1993

Иако, литературата за наставникот како лидер во училиштата е многу сиромашна, а некои критичари би потенцирале дека продуктот на денешните институции за обука на наставниците се недоволно подготвени и квалификувани , за да можат наставниците да преземаат поголема улога за лидерство, од секојдневните обврски во рамките на училницата и нејзиното менаџирање. Низ целата земја, повеќе наставници лидери направија нивното присуство и влијание да се чувствува и надвор од училишната зграда.

Во членот Phi Delta Kappan, Роланд Барт изјави дека: „Само неколку училишта работат демократски ". Но доколку некои наставници го преземат водството и надвор од својата училница нивните училишта постануват повеќе демократски, отколку диктаторски, така што сите имаат придобивки. Со поголема демократска култура во училиштата, учениците веруваат и го поддржуваат новиот начин на владеење.

На овој начин, наставниците, директорите и самото училиште ќе ја зајакнат својата улога. А со зголемување на обврските, во период каде секому времето е скапоцено, повеќе ќе владее претпазливоста отколку кретивност во училиштата.

Водството на наставниците не се однесува на нивната моќ. Тоа всушност се однесува на мобилизирање во уште поголема мера на способностите на наставниците, со цел да се зголеми соработката, поделеното раководење, во секојдневното работење во училиштата.

Наставниците мора да бидат суштински дел од тоа раководење, а тоа раководење може да одговори на повеќе суштински прашања како што се :

- Како може да се креира професионална заедница која е од суштинско значење за да се достигне врвот во работата на училиштето и учениците?

- Како може да се создаде училишна средина каде сите ученици ќе бидат третирани индивидуално ?
- Што треба да се направи за да се зголеми квалитетот на наставниците и нивниот професионализам?
- Каква заедничка врска може да се направи помеѓу академските стандарди и она што се случува внатре во училницата?
- Што може да се направи за државните и национални политики да бидат доволно информирани за реалната состојба на училиштата и нивното функционирање, како и спроведување на нови реформи ?

Училишното раководство не е фантазија. Тоа е сè повеќе присутно во нашите училишта и неговото влијание е се повеќе видливо. Но, наведувањето дека наставникот ќе ја преземе целата контрола во блиска иднина, е лага. Еден од главните интереси на денешницата е просветниот работник да се сфати како една професија, која е ист како и сите други, и покрај тоа што поголемиот дел од наставниците , во тој случај би биле повредени и би се чувствувале како граѓани од втор ред. Не постои пат кој може да го овозможи овој сон да стане реалност, но може да се разгледаат позитивностите во овој интерес на образовните институции.

## 8.1. Што може да придонесат наставниците?

Наставниците нудат нешто повеќе од експертиза. Но во време кога јавното образование е под влијание на политиката, стандардите и одговорноста, тие се под голем притисок, од било кога. Посебните квалитети кои ги поседуваат , како што се знаењето на учениците и предметот, емпатијата, посветеноста, техниката, чувствителноста на заедницата и семејството, подготвеноста да помогнат, тимски дух, способност за комуникација, како и многу други –од ден за ден се барани се повеќе. Овие атрибути се неопходни во рамките на водството на училиштата.

Како се подготвуваат?

Денес, наставниците, доаѓаат на пазарот за трудот како несоодветно подготвен производ, така што факултетите и колеџите треба конструктивно да влијаат на промените на системот. Извештаите на институциите за поготовка на наставниците, кои ги кршат

нормативите за соодветно образование, се повеќе се зголемува, иако постојат одреден број институции кои сè уште ги почитуваат рамките на ефикасност.

Во Америка, организациите, како што е обновениот Национален совет за акредитација на образованието на наставниците ( National Council for Accreditation of Teacher Education NCATE) , главно се насочени кон креирање и трансформирање на институциите во модерни, првостепени центри за изучување, кои се потребни на наставниците.[46]

Професионализмот и почетоците за појава на свеста за лидерство во Америка, кои треба да бидат основна карактеристика на обуката на наставниците , не претставува лесен предизвик . Иако повеќето наставни институции таму тврдат дека ги преземаат сите можни мерки за обучување на наставниците соодветно, според светските нормативи, родителите го негираат, тоа тврдејќи дека учениците се гледаат како „начин за добивање пари“ како што тврди Џон Мероу.

Линда Дарлинг - Хамонд, посочува дека „ Доколку се подготвуваш да бидеш наставник, треба да очекуваш дека речиси половина од износот на школарината која ја плаќате, ќе ја користите повторно за своја подготовка.“ Ова е евтина обука, а евтините подготовки не носат гаранција за успех.

## 8.2. Што треба да знае секој наставник по англиски јазик

Развојот на вештините за изучување на втор странски јазик се развива во четири подрачја. Тие подрачја се : слушање, говорење, читање и пишување. Во нормалниот развој на јазикот за изучувачите на прв странски јазик , оралните вештини на зборување на странскиот јазик се насочени кон читање и пишување. Процесот е ист и за изучувачите на втор странски јазик. Учениците треба да имаат стекнато предзнаење, за кога ќе започнат со читање да имаат доволно разбирање на јазикот. Значајното искуство го олеснува разбирањето и го одржува постојаниот интерес на учениците.

Се додека изучувањето на гласовите на англискиот јазик не претставува приоритет, студентите треба да бидат способни да ги воочат разликите меѓу родниот јазик и англискиот јазик, пред да се очекува да ги користат гласовите. Учениците треба да можат да ги дешифрираат разликите меѓу гласовите, за да го разбираат и јазикот.

[46] IEL-Institut of Educational Leadership, ( 2001) “ *Leadership for Student Learning, Redifining the teacher as leader”,* Washington, , стр. 10

Истражувањата направени за усвојувањето на вториот странски јазик ни покажаа дека учениците поефективно го усвојуваат странскиот јазик, доколку се потенцира дека изучувањето на јазикот е значајно и изучувањето е поразбирливо и подостапно за учениците. Поразбирливо усвојување се однесува на вклучување и истовремено образложување и објаснување на активностите. Новите предмети, новите јазици треба да се презентираат преку најразлични модели пред целиот клас, или пак на секој ученик индивидуално.

Визуелното презентирање на нови термини пред учениците помага во полесно и побрзо совладување на вокабуларот. Повторувањето на зборови и фрази кои не се од големо значење за учениците, не се препорачува при изучувањето и совладувањето на странски јазик. Учениците кои имаат поголеми вештини за совладување на вокабуларот, тие концепти на работа ги користат во секојдневната работа на часот.

Проблемот кој го имаме овде е тоа што нашиот начин на изучување на јазикот е различен од нивниот. Клучна реализација на наставата и подобро усвојување на јазикот е овозможено со визуелно претставување на термините и со тоа се овозможува полесно усвојување на вокабуларот. Концептот е постојан, а јазикот е променлив. Концептуалните вештини се однесуваат на англискиот јзик, така што важно е тие да не се променуваат. Јазикот и вокабуларот треба да се разгледуваат на таков начин што да се насочени кон постигнување и зајакнување на знаењето на учениците, кое тие веќе го поседуват.

Примарна цел би била да се разбере значењето и да се развие комуникацијата при изучувањето на наставниот материјал. Наставниците треба да воведат многу повеќе, практични, визуелни и конкретни активности за да го олеснат усвојувањето на јазикот.[47]

Рамка за наставници на ученици кои изучуваат втор странски јазик (ESL)

Културно и лингвистички подготвена училница

Теоретска рамка

1. Животна средина
2. Инструкции
3. Мислење, Проценка
4. Домашна и училишна комуникација

Училницата како средина

А. Училницата е надворешно примамлива.

---

[47] Dr. Concetta Raimondi, Superintendent, (2010) *English as a second language Program handbook 2010-2011* ,Indianopolis, Indiana , стр. 27

1. Ја претставува расата и јазикот на сите ученици во училницата ( огласни табли, постери, би/мулти лингвални залепени училишни предмети)

2. Ги прифаќа сите родни јазици на учениците (дозволува одреден дел на часот за присетување од мајчиниот јазик на туѓ јазик, ја зајакнува самодовербата, самопочитта и академската подготовка)

Б. Наставниците треба да креираат позитивни училишни средини за своите ученици

Структурални стратегии кои го поддржуваат и презентираат новиот јазик и полесно негово усвојување.

1. Учат како да го изговараат точно името на ученикот
2. Учат нешто повеќе за фамилијата на ученикот
3. Доделуваат другар за да го запознаат и приспособат новиот ученик со новата средина . Оваа задача ја доделуваат на повеќе ученици
4. Го вклучуваат детето во училишните активности
5. Одржуваат охрабрувачка, атмосфера насочена само кон успеси

   Ги прифаќа граматичките грешки и грешките при изговор. Ги преименува, парафразира направените граматички грешки при изговорот на ученикот.
6. Признава дека стандардизираните тестови се најчесто несоодветни за учениците со помало владеење на јазикот
7. Ја снима употребата на јазикот на новиот ученик неколку пати во учебната година
8. Доколку ученикот пишува треба да се зачуваат примери од претходното и подоцнежното пишување
9. Наградете ги учениците за успехот што го постигнале при изучувањето на јазикот
10. Задржете го постојан јазикот на зборување во училницата

II.Правила за во училница

А. Соработувајте со наставникот по англиски јазик при планирањето и изработката на наставната содржина

1. Планирајте група проекти така што моделите и инструкциите да бидат користени. Користете интеракција меѓу учениците со различно владеење на јазикот.

Менувајте се постојано и среќавајте се индивидуално со секоја група. Внимавајте, најдобрите ученици да не ја изработуват целата задача. Користете метод на делба на задачите , за сите ученици да учествуваат во работата.

2. Користете вербални и невербални активности за секоја наставна единица. Направете усна презентација, поразбирлива, со визуелни, употреба на идиоми, фасцијални изрази,

поставете прашања од различни нивоа, поставете ги насловите на најразлични начини, за секој од учениците да излегува и покажува на вашата презентација

3. Користете визуелно претставување на вокабуларот со постери,слики, алатки, предмети, фотографии, книги, костими..)
4. Користете говор и напишан материјал. Користете визуелни елементи ( разговори, графикони, слики)Зборувајте пополека и акцентирајте многу добро. Поставувајте основни прашања со How, When. Повторувајте ги клучните фрази постојано.
5. Наставниците можат да го користат начинот на размислување, водејќи ги учениците кон заклучокот, користејќи го моделот „Размислување е дозволено“. На пример, „ Јас забележувам дека едното се зголемува, а другото намалува . Што мислите зошто е тоа така ?“ Замолете ги учениците да појаснат усно зошто е тоа така.
6. дадете паралелни активности на сите ученици, дадете им на учениците да нацртаат табела со дијаграм, или слики кои се поврзани со наставната единица, да ги класифицираат зборовите во групи, да ги пополнат во кратки дијалози, или пак реченици. Користете го клучниот вокабулар за одговор на прашања. Сумирајте го исходот од читање, набљудување, нацртајте заклучоци и цели кои се постигнати во текот на часот.
7. Користете Троделен пристап кон учениците , т.е, кога концептот се истражува на три начина

- демонстрацијата на наставникот (учениците набљудуваат без да го употребуваат јазикот )

- истражување на група (шанса да се користи нов јазик со другите во групата на релаксиран начин)

- *независно истражување ( поформално, со финален извештај кој може да биде* напишан или усно презентиран)

8. Охрабрете ги да го користат мајчиниот јазик за усвојување ( оставете ги учениците да одговараат на својот мајчин јазик на прашањата кои се поставени на англиски јазик , лоцирајте книги, филмови, весници на мајчиниот јазик каде што може учениците да истражуваат)
9. Наставна програма организирана по теми

   Направете врски, постигнете подлабоко разбирање на концептот, користејќи повеќе различни гледишта. (веб страници, презентации, )
10. Користете ја девизата „Помалку е повеќе“

11. Искористете и други материјали кои ќе ги приспособите на учениците со помали знаења ( пониско ниво на совладување на читањето, користете мулти сензорни активности кои се главно насочени кон визуелното, аудитивното, усното и кинестетичкото. Примери :

- Користете цртани филмови и оставете ги празни балончињата на главите на ликовите за децата да ги пополнуваат;
- Користете различни игри кои се играат во парови или групи;
- Покажете ги потребните информации преку дијалози , визуелно;
- Напишете инструкции и проблеми со поедноставни реченици;
- Намалете ја брзината и насочете се кон задржување на вниманието;
- Оставете ги учениците сами да ги подвлечат непознатите зборови;
- Флексибилноста е главен фактор за усвојување на јазикот;
- Намалете ја љубопитноста и фрустрацијата;
- Дозволете им на учениците да ризикуваат;

1. Погрижете се учениците да слушаат и користат значајни изрази кои се користат во секојдневниот говор (уметност, научни експерименти, игри, музика, играње улоги);
2. Воведете ги и учениците , чиј мајчин јазик е англискиот јазик да учествуваат во разговорите со другите ученици;
3. Доколку е возможно, користете го мајчиниот јазик на учениците за да можат полесно да го совладат материјалот;
4. Охрабрете го учеството на учениците, во поставување прашања,кои можат да се одговорат на ниво на знаење на учениците Да/Не;
5. Кога ученикот ќе започне да учествува во дискусиите на часот, прифатете ги грешките кои се направени при изговорот или граматиката, а подоцна неосетно поправете ги;
6. Концентрирајте се на градење на усното изразување на учениците;
7. Дадете задача на учениците да направат двојазичен речник од изразите кои ги користат во текот на часот[48];

[48] Dr. Concetta Raimondi, Superintendent,( 2010) , *English as a second language Program handbook 2010-2011* ,Indianopolis, Indiana , стр.34

# 9. Компетенции на наставниците во основното образование

Наставниците играат одлучувачка улога во поддржувањето на искуството на учење кај младите луѓе и кај возрасните ученици. Тие се клучните играчи во тоа како образовните системи еволуираат и во спроведувањето на реформите коишто може да ја направат Европската економија со највисок перформанс движена од знаењето во светот. Тие признаваат дека висококвалитетното образование, на оние што учат, им дава лично исполнување, подобри социјални вештини и поразновидни можности за вработување. Нивната професија, инспирирана од вредностите на вклучувањето и од потребата да се негува потенцијалот на сите кои учат, има силно влијание врз општеството и игра витална улога во унапредувањето на човековиот потенцијал и во обликувањето на идните генерации. Затоа, за да ја оствари својата амбициозна цел, Европската унија ги гледа улогата на наставниците и нивното доживотно учење и развојот на кариерата како клучни приоритети. [49]

Наставниците треба да бидат опремени да одговорат на еволуирачките предизвици на општеството на знаењето, активно да учествуваат во него и да ги подготват, оние што учат, да бидат автономни доживотни ученици. Затоа, тие треба да бидат способни да размислат за процесите на учење и на предавање преку континуирана вклученост во предметното знаење, содржината на курикулумот, педагогијата, иновацијата, истражувањето и социјалната и културната димензија на образованието. Образованието на наставниците треба да биде на ниво на високо образование или негов еквивалент и да биде поддржано со силни партнерства меѓу високото образование и институциите каде што ќе се вработуваат наставниците.

Наставниците, исто така, имаат клучна улога во подготвувањето на учениците за нивната улога како граѓани на ЕУ. Како такви, тие треба да можат да ги признаат и почитуваат различните кутури. Искуството, од прва рака стекнато во други европски земји им дава поддршка на наставниците кога тие одговораат на овој предизвик.. Затоа, приоритет треба да се даде на развивањето на заедничка доверба и признавање на компетенциите и квалификациите [50] на наставниците меѓу земјите-членки.

---

49

*Образование и обука 2010 – Успехот на факторите на Лисабонската стратегија за ургентни реформи* беше донесен заедно од страна на Советот и на Комисијата на 26 февруари 2004. Овој извештај препорача дека како „приоритетно прашање“ треба да се развијат заеднички европски референци и принципи во повеќе области, вклучувајќи ги компетенциите и квалификациите на наставниците и обучувачите, стр. 28.

[50] Квалификациите и постигнувањата на наставниците треба да се разберат во рамките на Европската рамка на квалификации

И покрај тоа што наставниците играат суштинска улога во општеството, тие не можат да дејствуваат сами. Нивното сопствено висококвалитетно образование треба да биде поддржано од институциите каде што тие се вработени, во контекст на кохерентни национални или регионални политики, коишто располагаат со соодветните ресурси. Овие политики мора да се осврнуваат на иницијалното образование на наставниците и на континуираниот професионален развој, но исто така мора да бидат поставени, генерално, во рамки на поширокиот контекст на образовни политики. Оние кои ги обучуваат наставниците имаат влијание врз квалитетот на учењето и затоа треба да бидат поддржани како дел од националниот или регионалниот систем.

Во услови на интензивирање на внатрешните промени на содржината и организацијата на основните училишта со цел за подобрување на квалитетот на наставата и образованието се налага потреба состојбите со иницијалното образование на наставниците и нивната дополнителна обука да бидат континуирано следени и вреднувани.

Поголем број од наставниците во основните училишта имаат двегодишни студии за наставници на педагошките академии, на одделни студиски групи за одделенска и предметна настава, додека пак во наставната практика постојното иницијално образование на предметните наставници често им овозможува да изведуваат настава по сродни предмети со природните, односно општествените науки, а во неколку случаи и за други предмети од јазичното подрачје. Последниве децении и во градинките, забавиштата и основните училишта се зголемува бројот на наставниците со високо образование. Овој процес е поткрепен со системските закони, како и со измените на наставните планови и програми на факултетите за наставнички занимања.

Барањата за подобрување на квлитетот на наставата и на обрзованието во основното училиште секогаш се поврзани не само со зголемувањето на иницијалното образование на наставниците, туку и со развивањето на програми за стажирање ( подготовка за работа ) и стручно усовршување. Со поткренување на овие механизми, во периодот после 1996 година, се очекуваше да се изгради целосен систем што ќе овозможи наставниците подобро да бидат оспособени за вештините кои ќе им овозможат да се подобрува квалитетот на наставата и учењето, а со тоа и начинот на следење и вреднување на постигањата на учениците.

Со нормативните прописи , учителите, наставниците, воспитувачите и соработниците кои прв пат се вработуваат во оновните училишта имаат обврска по една година да полагаат стручен испит, според програма што ја донесува министерот за образование и наука на предлог од Бирото за развој на образованието. По стекнувањето на статусот наставник, во

својот работен век наставниците, воспитувачите, стручните соработници и директорите на училиштата имаат обврска да ги посетуваат семинарите и другите форми за стручно и педагошко усовршување.

Стручното и педагошко усовршување на наставниците е во надлежност на високообразовните институции на кои се организирани студии за наставници. Сепак во практиката најголемите обврски за стручното и педагошкото усовршување на наставниците припаѓаат на Бирото за развој на образованието. Со примената на законот за Биро за развој на образованието се очекува многу поорганизирано и постручно да се изготвуваат и реализираат современи програми за обука на наставниците за успешно воведување на измените во основното образование.

Со оглед на крупните измени во содржината и организацијата на задолжителното основно воспитание и образование се налага потреба да се развијат современи програми за обука на наставниците. За усовршување на наставниците постои законска регулатива според која компетентни институции во оваа област се: Бирото за развој на образованието, високообразовните установи на кои се подготвуваат наставниците, основните училишта и самите наставници, воспитувачи и стручни соработници.

Меѓутоа, институциите за перманентно усовршување на наставниот кадар имаат различна иницијативност во реализацијата на обуките на наставниците. Поради тоа неопходно е постојните високообразовни институции, на кои се школуваат учители, наставници, воспитувачи, стручни соработници за основните училишта (педагози, психолози, дефектолози и др.), да партиципираат во програмите за перманентното стручно и педагошко усовршување на наставниците и другите соработници на основното училиште.

Притоа, нужно е да се воспостават механизми за вреднување и на програмите за стручното усовршување. Ова е еден од најкрупните проблеми во образованието на наставниците и учителите во Република Македонија. Бирото за развој на образованието треба да изготви план и програма за стручното усовршување на воспитувачите, учителите и наставниците за успешно имплементирање на новите наставни програми во основното училиште.

## 9.1. Компетенции на наставниците по англиски јазик во основните училишта во Република Македонија

Со новиот концепт на деветгодишно основно образование и воспитание, како што напоменавме, беше воведен нов задолжителен предмет за изучување - англискиот јазик, започнувајќи од I – во одделение.

Воведувањето на англискиот јазик како редовен предмет во првиот период од основното образование наиде на различни ставови од страна на одделенските наставници, наставниците по англиски јазик, како и директорите и родителите. Впрочем , поголеми несогласувања и дебати се јавија во однос на компетенцијата на наставниот кадар по англиски јазик и иницијалното образование на наставниците по англиски јазик, однесувајќи се на нивната способност и умешност да работат со ученици на возраст од шест години па нагоре. Поради ваквите несогласувања и различни перцепции, во однос на прашањето за англискиот јазик во основното образование, беше изведено ова истражување, со цел, да се увиди ставот и прифатеноста на англискиоѕт јазик во нашето општество.

Нормативот за наставен кадар по предметот англиски јазик се разликува во сите три периоди. Во првиот период, односно започнувајќи од **I- во одделение**, англиски јазик може да предаваат[51] :

- наставници со завршени студии по англиски јазик и литература – наставна насока,
- наставници со завршени студии англиски јазик и книжевност,
- наставници со завршени студии по англиски јазик и литература и на друга насока и со здобиена соодветна педагошко- психолошка и методска подготовка на соодветен факултет,
- наставници со завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик
- наставници со завршени студии за предучилишно воспитување со модул за англиски јазик

[51] БРО, наставна програма по англиски јазик за I одделение

Во **II одделение** може да предаваат наставници со[52] :

- Завршени студии по англиски јазик и литература- наставна насока
- Завршени студии по англиски јазик и книжевност
- Завршени студии по англиски јазик и литература и на друга насока и со здобиена соодветна педагошко- психолошка и методска подготовка на соодветен факултет
- Завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик

Во **III одделение** може да предаваат наставници со [53]:

- Завршени студии по англиски јазик и литература- наставна насока
- Завршени студии по англиски јазик и книжевност
- Завршени студии по англиски јазик и литература и на друга насока и со здобиена соодветна педагошко- психолошка и методска подготовка на соодветен факултет
- Завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик

Во **IV одделение** може да предаваат наставници со[54] :

- Завршени студии по англиски јазик и литература- наставна насока
- Завршени студии по англиски јазик и книжевност
- Завршени студии по англиски јазик и литература и на друга насока и со здобиена соодветна педагошко- психолошка и методска подготовка на соодветен факултет

**V одделение**[55]

- Завршени студии по англиски јазик и литература – наставна насока,
- Завршени студии по англиски јазик и книжевност,
- Завршени двопредметни студии по македонски и англиски јазик,.
- Завршени студии по англиски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и метод ска подготовка на соодветен факултет,

**VI до VIII – мо одделение може да предаваат наставници со :**

- Завршени студии по англиски јазик и литература – наставна насока,
- Завршени студии по англиски јазик и книжевност,
- Завршени двопредметни студии по македонски и англиски јазик,
- Завршени студии по англиски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет,

[52] БРО,наставна програма по англиски јазик за II одделение
[53] БРО,наставна програма по англиски јазик за III одделение
[54] БРО, наставна програма по англиски јазик за IV одделение
[55] БРО, наставна програма по англиски јазик за V одделение

## II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Современото основно воспитание и образование претрпе повеќе значајни промени, со воведувањето на Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование во 2007-мата година. Новиот концепт на деветгодишно основно воспитание и образование значително се одрази и врз поставеноста и реализацијата на предметот англиски јазик.

Англискиот јазик, како задолжителен предмет се изучуваше од V-то до VIII- мо одделение, подоцна се воведе од IV –то одделение, за сега, со новиот концепт, да се изучува од I – во одделение.

Наш предмет на истражување е организацијата и реализацијата на наставата по англиски јазик во новиот концепт на основно деветгодишно воспитание и образование. Во нашето истражување главно се насочивме кон идентификување на придобивките и негативностите од воведувањето на предметот англиски јазик како задолжителен предмет кај учениците од најрана возраст. Ги анализиравме наставните планови и програми кај нас и во другите земји од аспект на реализацијата на наставата по англиски јазик, директорот како менаџер и водач, во основните училишта и неговата улога во организацијата и реализацијата на наставата по англиски јазик.

Предметот на истражување се испитува преку :

- Организацијата на наставата по англиски јазик;
- Ставовите на наставниците по англиски јазик од I, II и III циклус;
- Ставовите на наставниците по одделенска настава;
- Ставовите на директорот;

## 2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Од предметот на истражување произлегуваат целта и задачите на истражувањето.

Целта на нашето истражување е насочена кон испитување на степенот на успешност на организацита на наставата по англиски јазик во новиот концепт на основното деветгодишно воспитание и образование.

Ова истражување има емпириски карактер, бидејќи проблемот се проучува преку користење на искуствени факти и мерење. Предметот на истражување е временски ограничен со користени различни примероци.

Доминира индуктивниот метод, а како составен дел на емпириското истражување е теренската работа, која денес се толкува во многу поширок контекст и во скоро сите општествени истражувања. Во однос на целта ова истражување е применето бидејќи е насочено кон решавање на практични проблеми т.е. како подобро да се организира и реализира наставата по англиски јазик .

Во однос на функцијата тоа е експлоративно, бидејќи има за цел анализа на што поголем број информации – користење на меѓународни искуства во реализацијата и организацијата на наставата по англиски јазик, кои треба да овозможат подобар увид и разбирање на ситуацијата и точно дефинирање на појавата која треба прецизно да се проучи. Исто така, во однос на бројот на истражувачите, тука станува збор за индивидуално истражување бидејќи ќе биде реализирано од страна на истражувач - поединец.

Ова истражување ќе овозможи да се добијат релевантни сознанија за концептот на организација и реализација на наставата по англиски јазик, односно предностите и недостатоците од досегашната реализација.

## 3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во согласност со дефинираната цел ги поставивме следниве задачи на истражувањето:

3.1. Да се изврши анализа на концептот на деветгодишно основно образование и поставеноста на наставниот предмет - англиски јазик во основното училиште.

3.2. Да се испитаат ставовите на директорите и наставниците во однос на изучувањето на англискиот јазик од I – во одделение.

3.3. Да се идентификуваат менаџерските способности на директорот по однос на имплементацијата на новиот концепт на деветгодишно образование и организацијата на наставата по англиски јазик.

3.4. Да се испитаат ставовите и мислењата на директорот во однос на вработување на наставници за реализација на наставата по англиски јазик.

3.5. Да се испита колку директорите на училиштата обезбедувале материјални услови за реализација на наставата по англиски јазик.

3.6. Да се испитаат ставовите на директорите и наставниците по англиски јазик во врска со начините на кои ја реализираат наставата по англиски јазик.

3.7. Да се испита колку педагошките компетенции влијаат на успешна организација и реализација на наставата по англиски јазик.

3.8. Да се испитаат ставовите и мислењата на директорите и наставниците за влијанието на степенот на образование врз реализацијата на наставата по англиски јазик.

## 4. ХИПОТЕЗИ

Согласно со предметот и целта на истражувањето и врз основа на задачите произлегоа следниве хипотези :

Општа хипотеза :

Х0. Организацијата и реализацијата на наставата по англиски јазик се остварува успешно.

Посебни хипотези:

Х1. Наставниците и директорите имаат позитивни ставови во однос на воведувањето на англискиот јазик во I - во одделение.

Х2. Директорите на училиштата поседуваат соодветни менаџерски способности и вештини за имплементација на новиот концепт на деветгодишно образование во функција на воведување на англискиот јазик.

Х3. Директорите на училиштата даваат приоритет за вработување на наставници кои имаат завршено соодветно високо образование.

Х4. Директорите на училиштата обезбедуваат доволно материјални услови за реализација на наставата по англиски јазик.

Х5. Наставниците по англиски јазик користат современи начини за реализација на наставата по англиски јазик.

Х6. Педагошките компетенции на наставниците значајно влијаат на квалитетот на организација и реализација на наставата по англиски јазик.

Х7. Наставниците и директорите сметаат дека степенот на образование влијае врз реализацијата на наставата по англиски јазик.

## 5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Независна варијабла**

Работниот стаж на директорот и наставниците, менаџерските вештини кои ги поседуваат директорите, образовниот профил на наставниците и директорите.

**Зависна варијабла**

Организацијата и реализацијата на наставата по англиски јазик во деветгодишното основно воспитание и образование и ставовите и милењата на наставниците и директорите.

## 6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Методи на истражувањето:

- метод на теоретска анализа
- дескриптивен метод
- индуктивен метод
- аналитичко – синтетички метод
- компаративен метод

Методот на теоретска анализа е применет при анализа на теоретските сознанија на проблемите и дилемите околу организацијата и реализацијата на наставата по англиски јазик во концептот на деветгодишно образование.

Дескриптивниот метод е применет при анализа на разновидни документи, закони, наставни планови и програми и постојната педагошка практика по англиски јазик, како и дескриптивно – прогностичкиот метод, со кој се покажува перспективата за наставата по англиски јазик. Со дескриптивниот метод се опишува досегашната организација и реализација на наставата по англиски јазик, а потоа, со употребата на компаративниот метод, се овозможи споредба со другите меѓународни стручни анализи, студии и искуства од оваа област.

Во текот на истражувањето, со цел да се реализираат поставените задачи и хипотези, се применети постапките на анализа на содржина.

За испитување на ставовите и мислењата на наставниците се користи техниката на скалирање .

Од инструментите се користени анкетни листови- прашалници. Прашалникот, наменет за директорите, наставниците по англиски јазик, наставниците од одделенска настава, се состои од околу 10 прашања од различен вид. Прашалникот е доставен директно на наставниците и директорите, заради обезбедување на поголема објективност во одговорите, и е анонимен.

## 7. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК

Во истражувањето се опфатени популациони категории од наставници по англиски јазик, наставници од одделенска настава и директори на основните училишта.

Популација на наставници ги опфаќа наставниците по англиски јазик кои предаваат од прво до шесто одделение - деветолетка, наставници по одделенска настава, како и директорите на основните училишта. Примерокот на истражување се состои од: 116 наставници по одделенска настава, 27 наставници по англиски јазик и 10 директори.

Училишта опфатени во истражувањето се :

1. О.У „ Кирил Пејчиновиќ " – нас. Кисела Вода, Скопје
2. О.У „ Партенија Зографски " – нас. Кисела Вода, Скопје
3. О.У „ Круме Кепески " – нас. Кисела Вода, Скопје
4. О.У „ Кузман Јосифовски – Питу" – нас. Кисела Вода, Скопје
5. О.У „ св. Климент Охридски " – село Драчево, Скопје
6. О.У „ Невена Горгиева – Дуња " – нас. Кисела Вода, Скопје
7. О.У „ Јохан Хајнрих Песталоци " – нас. Центар, Скопје
8. О.У „ Ванчо Прќе " – Штип
9. О.У „ Рајко Жинзифов " – нас. Драчево, Скопје
10. О.У „ Кузман Шапкарев " – нас. Драчево, Скопје
11. П.О.У „ Ванчо Прќе " – село Лакавица, Штип
12. П.О.У „ Ванчо Прќе " – село Селце, Штип
13. П.О.У „Ванчо Прќе " – нас. Ново Село, Штип

# 8. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Процесот на истражување се одвива низ испреплетени серии на теоретски и емпириски активности кои се одвиваа повеќе или помалку по утврден редослед. Пред да се презентираат временските рамки во кои се изврши истражувањето. Поради конзистентност, уште еднаш хронолошки ќе ги наведеме фазите низ кои помина ова истражување :

1. Избор и анализа на истражувачки проблем;
2. Одредување на област на научната анализа;
3. Поставување на хипотеза;
4. Идентификација, класификација и операционализација на варијаблите;
5. Избор и разработка на методот, постапките и инструментите;
6. Планирање и спроведување на теренскиот дел на истражувањето ( собирање на емпириска евиденција);
7. Средување и обработка на податоците;
8. Анализа и интерпретација на податоците и изведување заклучоци;
9. Пишување на извештај ;

Истражувањето е спроведено во наведените основни училишта во период од еден месец.

# 9. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Анализа на податоците се изврши во неколку етапи: прво се изврши сигнирање/кодирање со кодекс на правила по кој се изврши сигнирањето.

Во втората етапа се изврши групирање, при што податоците се распоредуваа по групи според заеднички обележја, се преброи т.е. се определи нивната заедничка фрекфенција. Потоа се определи дистрибуцијата на фрекфенцијата. Следна фаза беше табелирање.

При анализа на резултатите од анкетирањето, прво се изврши редиригирање на прашалникот, потоа сигнирање/кодирање на податоците во групи според одредени ознаки, потоа табелирање. Квантитативната анализа се изврши со пресметување на фрекфенции на резултатите, потоа пресметување на процент и аритметичка средина.

# III. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА НА НАСТАВНИЦИТЕ ОД ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ВО УЧИЛИШТАТА

Следи анализа и интерпретација на добиените резултати од спроведената анкета во 13 училишта. Податоците се добиени со пополнувањето на анкетниот прашалник од страна на наставниците од одделенка настава од овие училишта.

Интерпретацијата на добиените резултати придонесува во утврдувањето на успешноста во организацијата и реализацијата на наставата по англиски јазик во основните училишта, имплементацијата на концептот на деветгодишно образование, општата прифатеност на англискиот јазик како предмет воведен од I - во одделение, компетенциите на менаџерот – директорот да ја подобри организацијата на наставата по англиски јазик, како и компетенциите на наставниците по англиски јазик за успешна реализација на наставата.

Компетенциите на директорот се однесуваат на неговата умешност за организација и реализација на обуки за наставниот кадар, осовременување на воспитно – образовниот процес, навременото известување на наставниците за организираните обуки, снабдување на училиштата со потребните наставни средства за успешно реализирана настава, мотивирање на вработените и сл.

*Табела 1.* : Степен на образование на наставниците од одделенска настава

| | Више | | Високо | | Магистерски студии | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Степен на образование | 27 | 23,2% | 89 | 76,7% | 0 | 0% |

Првите три прашања од анкетниот прашалник се однесуваат лично на наставниците, односно степенот на стекнато образование, работниот стаж во образование, како и образовниот профил т.е. дали се наставници по одделенска настава или воспитувачи.

На првото прашање за наставниците по одделенска настава, кое се однесува на степенот на образование, од вкупно 116 испитаници , кои се наставници по одделенска настава 27 наставници, односно 23,28% се со више, а 89 наставници, односно 76,72 %, се со високо стекнато образование. Од одделенска настава ниту еден наставник не се стекнал со повисок степен на студии т.е. магистерски студии.

**Графикон 1.**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од одделенска настава.




Податоците покажуваат дека повисок е процентот на наставници кои имаат завршено високо образование, во однос на оние со више, а тоа го покажуваат повеќе од 50 % од наставниците.

*Табела 2:* Работен стаж на наставниците по одделенска настава од избраниот примерок

| Работен стаж | до 10 год | % | од 10 - 20год. | % | повеќе од 20 год. | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | | f | | f | |
| | 27 | 23,28 | 30 | 25,86 | 59 | 50,86 |

На прашањето , кое се однесува на работниот стаж на наставниците, од вкупниот број на испитани наставници од одделенска настава 27, односно 23,28 % имаат стаж до 10 години, 30 наставници т.е. 25,86 % имаат стаж од 10 до 20 години, додека пак 50,86 % од наставниците, односно 59 наставници имаат стаж повеќе од 20 години. Податоците укажуваат дека поголем е бројот на испитаници кои имаат стаж повеќе од 20 години, а тоа може подобро да се забележи на графичкиот приказ :

**Графикон 2**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од одделенска настава.




*Табела 3:* Образовен профил на испитаниците

| образовен профил | Воспитувач | % | одделенски наставник | % | дипломиран наставник по англиски јазик | % | дипломиран педагог | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | | f | | f | | f | |
| | 6 | 5,17 | 101 | 87,07 | 0 | 0 | 9 | 7,76 |

На прашањето, кое се однесува на образовниот профил, вкупно 101 наставник се изјаснил како одделенски наставник, односно 87,07 %, 9 наставници, 7,76 % , се изјасниле како педагози , а 5,17%, 6 наставника одговориле дека се воспитувачи. Од ова прашање може да утврдиме дека е поголем бројот на одделенски наставници, т.е дипломиран наставник по одделенска настава.

**Графикон 3.**

Графичкиот приказ на на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците.



*Табела 4 :* Ставови на наставниците по одделенска настава за ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК КАКО РЕДОВЕН ПРЕДМЕТ ОД I- ВО одделение во основното воспитание и образование.

| 6. | Тврдења | Потполно се согласувам | % | Делумно се согласувам | % | Не се согласувам | % | / | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Концептот на деветгодишно образование беше успешно имплементиран во нашето училиште. | 75 | 64,66 | 39 | 33,62 | 1 | 0,86 | 1 | 0,86 |
| 2. | Промените, настанати при имплементацијата на концептот на деветгодишно образование беа целосно прифатени од наставниот кадар. | 78 | 67,24 | 34 | 29,31 | 3 | 2,59 | 1 | 0,86 |
| 3. | Поставеноста на англискиот јазик во првите два периода од основното образование е во согласност со современите образовни тенденции. | 88 | 75,86 | 24 | 20,69 | 2 | 1,72 | 2 | 1,72 |
| 4. | Наставната програма по англиски јазик за I - во одделение не соодвествува на возраста на учениците | 38 | 32,76 | 37 | 31,90 | 36 | 31,03 | 5 | 4,31 |
| 5. | Наставните програми по англиски јазик постојано се менуваат и при тоа не се постигнуваат добри резултати при реализацијата. | 29 | 25,00 | 57 | 49,14 | 24 | 20,69 | 6 | 5,17 |
| 6. | Наставникот по англиски јазик може да ја подобри реализацијата на наставата по англиски јазик | 57 | 49,14 | 44 | 37,93 | 10 | 8,62 | 5 | 4,31 |
| 7. | Наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот за настава по англиски јазик | 88 | 75,86 | 19 | 16,38 | 5 | 4,31 | 4 | 3,45 |

Првата категорија тврдења се однесуваат на имплементацијата на англискиот јазик како редовен предмет од I – во одделение во основното воспитание и образование.

**Тврдење бр. 1.**

**„ Концептот на деветгодишно образование беше успешно имплементиран во нашето училиште “.**

На ова тврдење 75 од испитуваните наставници или 64,66 % одговориле дека потполно се согласуваат дека концептот на деветгодишно образование е успешно имплементиран во училиштето. Делумно се согласуваат 33,62% од наставниците, односно 39 наставници, еден наставник ,0,86%, не се согласува и еден наставник не одговорил на даденото прашање, а тоа изнесува 0,86%.

**Графикон 4.**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по одделенска настава.




Податоците покажуваат дека поголем процент од наставниците потполно се согласуваат со тврдењето дека концептот на деветгодишно образование е успешно имплементиран во училиштата. Иако поголем број од испитаниците делумно се согласуваат со даденото тврдење, 64,66 % од испитаниците потполно се согласуваат.

**Тврдење 2.**

**„ Промените, настанати при имплементацијата на концептот на деветгодишно образование беа целосно прифатени од наставниот кадар.“**

На ова тврдење 78 наставници или 67,24% дале одговор дека потполно се согласуваат дека промените, воведени со новиот концепт се целосно прифатени, додека 29,31% или 34 наставници одговориле дека делумно се согласуваат , наспроти 2,59 % или 3 наставника кои воопшто не се согласуваат со даденото тврдење. На ова тврдење не одговорил само еден наставник, а тоа е 0,86 % од испитаниците.

**Графикон 5.**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по одделенска настава.




Добиените резултати од испитаниците за ова тврдење потврдуваат дека голем процент од наставниците по одделенска настава се согласуваат со тврдењето дека промените, кои настанале со имплементацијата на новиот концепт на деветгодишно образование се прифатени од наставниот кадар.

**Тврдење 3.**

**„ Поставеноста на англискиот јазик во првите два периода од основното образование е во согласност со современите образовни тенденции "**

Во однос на ова тврдење , 88 наставници т.е. 75,86 % одговориле дека потполно се согласуваат дека воведувањето на англискиот јазик од I – во одделение во основните училишта , претставува современа образовна тенденција, 20,69 % или 24 наставници делумно се согласуваат со ова тврдење, а 1,72 % или 2 наставника воопшто не се согласуваат со ова тврдење.

**Графикон 6.**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по одделенска настава.




Добиените резултати на ова тврдење покажуваат дека е голем процентот на наставниците кои потполно се согласуваат дека воведувањето на англискиот јазик во првите два периода од основното образование е современа образовна тенденција.

Добиените резултати од испитаниците на ова тврдење одат во прилог на првата хипотеза **X1,** која гласи : „ Наставниците и директорите имаат позитивни ставови во однос на воведувањето на англискиот јазик во I - во одделение".

Претходните тврдења и добиениот резултат потврдуваат дека концептот на деветгодишно образование е успешно имплементиран во училиштата и поставеноста на англискиот јазик претставува добро прифатена промена.

**Тврдење 4.**

**„ Наставната програма по англиски јазик за I – во одделение не соодвествува на возраста на учениците" .**

На ова тврдење 38 наставници или 32,76 % од испитаните наставници потполно се согласуваат со тврдењето дека наставната програма по англиски јазик за I – во одделение не соодвествува на возраста на учениците, додека пак 31,90 % или 36 наставници делумно се согласуваат со тврдењето. 31,03 % или 36 наставници воопшто не се согласуваат со даденото тврдење, наспроти 4,31 % или 5 наставника кои не одговориле на поставеното прашање.

**Графикон 7**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по одделенска настава.




Од графичкиот приказ и од процентуалната вредност на одговорите можеме да утврдиме дека ставовите на наставниците во однос на ова тврдење се разликуваат само за 1%, што не претставува голема разлика.

**Тврдење 5**

**„ Наставните програми по англиски јазик постојано се менуваат и при тоа не се постигнуваат добри резултати при реализацијата“.**

На ова тврдење добиени се следните резултати :

29 наставници од вкупно испитаните или 25,00% потполно се согласуваат со даденото тврдење, 49,14% или 57 наставници делумно се согласуваат дека промените на наставните програми влијаат на реализацијата на наставата по англиски јазик, додека 20,69 % или 24 наставници не се согласуваат со даденото тврдење. 6 наставници или 5,17 % не одговориле на даденото прашање.

**Графикон 8**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по одделенска настава




Добиените резултати укажуваат дека промените на наставните програми по англиски јазик делумно влијаат на успешната реализација на наставата по англиски јазик.

**Тврдење 6**

**„ Наставникот по англиски јазик може да ја подобри реализацијата на наставата по англиски јазик“**

На ова тврдење 57 од испитаните наставници, или 49,14 % одговориле дека потполно се согласуваат дека успешната реализација на наставата по англиски јазик зависи од наставникот по англиски јазик, 37,93 % или 44 наставници делумно се согласуваат со ова тврдење, а 10 наставника или 8,62 % воопшто не се согласуваат.Од добиените резултати можеме да утврдиме дека најголем е процентот на наставниците кои се согласуваат со ова тврдење.

**Графикон 9**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците.



**Тврдење 7**

**„ Наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот за настава по англиски јазик “**

На ова тврдење се добиени следниве одговори :

75,86 % од испитаните наставници, или 88 наставници одговориле дека потполно се согласуваат дека наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот за наставен кадар за предметот англиски јазик. 16,38 % или 19 наставници делумно се согласуваат со ова тврдење, а 4,31% или 5 наставника воопшто не се согласуваат. 3,45 % или 4 наставника не одговориле на ова прашање.

Ова тврдење оди во прилог на третата хипотеза **Х3** која гласи „ Директорите на училиштата даваат приоритет за вработување на наставници кои имаат завршено соодветно високо образование.“

**Графикон 10**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по одделенска настава.




Одговорите добиени на ова тврдење се во најголем процент позитивни, што значи дека во основното образование се вработуваат наставници по англиски јазик кои ги исполнуваат сите критериуми кои са наведени во нормативот за наставен кадар по англиски јазик, покрај тоа што 16,38% од наставниците делумно се согласуваат со ова тврдење.

*Табела 5 :* Соработка меѓу наставниците по одделенска настава и наставниците по англиски јазик

| | Да,целосно | % | Делумно | % | Не воопшто | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | | f | | f | |
| соработка меѓу наставниците | 99 | 85,34 | 11 | 9,48 | 6 | 5,17 |

На ова прашање, кое се однесува на соработката меѓу наставниците по одделенска настава и наставниците по англиски јазик, 99 наставници или 85,34%, одговориле позитивно, тврдејќи дека имаат успешна соработка со наставниците по англиски јазик, 9,48 % или 11 наставници одговориле дека делумно соработуваат со колегите по англиски јазик .

**Графикон 11.**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по одделенска настава




Од прикажното можеме да увидиме дека мошне е висок процентот на оние испитаници кои се согласиле се тврдењето. Овие резултати ни укажуваат дека наставниците по одделенска настава одлично соработуваат со наставниците по англиски јазик.

Наставната програма по англиски јазик се изработува во корелација со други предмети, од што произлегува размената на искуства и идеи меѓу наставниците по англиски јазик и наставниците по одделенска настава.

*Табела 6:* Ставови на наставниците по одделенска настава за тоа кои квалитети ги поседуваат директорите за поуспешна организација и реализација на наставата по англиски јазик

| | **Колку се согласувате со дадените тврдења ?** | **Потполно се согласувам** | **%** | **Делумно се согласувам** | **%** | **Не се согласувам** | **%** | **/** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | | **f** | | **f** | | **f** | |
| 1. | Менаџерот влијае на осовременување на воспитно – образовниот процес | 82 | 70,69 | 31 | 26,72 | 1 | 0,86 | 2 | 1,72 |
| 2. | Менаџерот користи најразлични методи за мотивација на наставниот кадар | 84 | 72,41 | 29 | 25,00 | 2 | 1,72 | 1 | 0,86 |
| 3. | Менаџерот иницира проекти за иновации во наставата по англиски јазик | 74 | 63,79 | 29 | 25,00 | 10 | 8,62 | 3 | 2,59 |
| 4. | Менаџерот учествува во проекти за добивање средства за подобрување на условите за работа во училиштето | 83 | 71,55 | 30 | 25,86 | 2 | 1,72 | 1 | 0,86 |
| 5. | Менаџерот дава се од себе за да ги обезбеди потребните материјални услови за успешна реализација на наставата по англиски јазик | 84 | 72,41 | 22 | 18,97 | 7 | 6,03 | 3 | 2,59 |
| 6. | Менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик | 65 | 56,03 | 38 | 32,76 | 9 | 7,76 | 4 | 3,45 |

**Тврдење 1**

**„ Менаџерот влијае на осовременување на воспитно – образовниот процес. “**

На тврдењето кое се однесува на квалитетите и способностите кои ги поседува директорот, за да влијае на осовременување на воспитно – образовниот процес 82, т.е. 70,69 % од испитаните наставници потполно се согласуваат дека осовременувањето на воспитно-образовниот процес главно зависи од квалитетите на менаџерот. 31 наставник или 26,72 % од наставниците делумно се согласуваат со тврдењето, додека 1 наставник или 0,86 % не се согласува со тврдењето. 2 наставника или 1,72 % не одговориле на прашањето.

**Графикон 12**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците.




Добиените одговори покажуваат дека е најголем процентот на наставниците по одделенска настава кои позитивно одговориле на тврдењето дека менаџерот влијае на воспитно – образовниот процес, односно на неговото осовременување.

**Тврдење 2**

**„ Менаџерот користи најразлични методи за мотивација на наставниот кадар “**

На ова тврдење 84 наставници или 72,41% одговориле дека се согласуваат дека најглавниот фактор за мотивација на наставниците претставува директорот, 25% одговориле дека делумно се согласуваат со тврдењето, а 1,72 % или 2 наставника не се согласуваат со тврдењето.1 наставник не одговорил на прашањето.

**Графикон 13**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците.




Од добиените резултати можеме да потврдиме дека мотивацијата на наставниците во голем дел зависи од менаџерот на училиштето, кој со својата пофалба или критика влијае врз успешната реализација на наставата.

**Тврдење 3**

**„ Менаџерот иницира проекти за иновации на наставата по англиски јазик "**

На ова тврдење 63,79 % од испитаните наставници по одделенска настава или 74 наставници одговориле дека менаџерот на училиштето иницира проекти , кои придонесуваат за иновации на наставата по англиски јазик, додека 25 % или 29 наставници делумно се согласуваат со ова тврдење. 10 наставници или 8,62 % не се согласуваат со тврдењето, а 2,59 % или 3 наставника не одговориле на прашањето.

**Графикон 14**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитниците.



Од добиените одговори можеме да утврдиме дека 64,79% од наставниците имаат позитивен став за тврдењето дека менаџерот има голема улога во организацијата на проекти, кои во голема мера влијаат на воведувањето иновации во наставата по англиски јазик што е во согласност со современите образовни тенденции.

**Тврдење 4**

**„ Менаџерот учествува во проекти за добивање средства за подобрување на условите за работа во училиштето “**

Во однос на четвртото тврдење од оваа категорија кое гласи дека менаџерот учествува во проекти за подобрување на условите за работа во училиштето, 71,55 % или 83 наставници одговориле позитивно, 25, 86% или 30 наставници одговориле дека делумно се согласуваат со даденото тврдење и 1,72 % или 2 наставника воопшто не се согласиле со ова тврдење. Само 1 наставник или 0,86 % не одговорил на поставеното прашање.

**Графикон 15**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитниците




Како и за претходното тврдење голем процент од наставниците се согласуваат дека менаџерот учествува во разни проекти, со цел да обезбеди доволно средства и да ги подобри условите за работа во училиштето. Добиените позитивни ставови од наставниците за ова тврдење одат во прилог на четвртата хипотеза **Х4**, која гласи :„ Директорите на училиштата обезбедуваат доволно материјални услови за реализација на наставата по англиски јазик“.

**Тврдење 5.**

**„ Менаџерот дава се од себе за да ги обезбеди потребните материјални услови за успешна реализација на наставата по англиски јазик “**

На ова тврдење како и на претходните, наставниците по одделенска настава во голем процент , односно 72,41 % или 84 наставници потврдуваат дека директорот се труди да ги обезбеди сите наставни средства за успешна реализација на наставата по англиски јазик. 18, 97 % или 22 наставници делумно се согласуваат со ова тврдење, а 6,03 % или 7 наставници

воопшто не се согласуваат за улогата на менаџерот во успешната реализација на наставата по англиски јазик. 3 наставника или 2,59 % не одговориле на даденото тврдење.

**Графикон 16**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците.




Добиените податоци укажуваат дека 72,41 % од наставниците по одделенска настава потврдуваат дека менаџерот дава сѐ од себе за да ги обезбеди потребните материјални услови за наставниците по англиски јазик и истовремено да овозможи успешна реализација на наставата по англиски јазик, што ни овозможува да ја потврдиме четвртата хипотеза: „ Директорите на училиштата обезбедуваат доволно материјални услови за реализација на наставата по англиски јазик“.

**Тврдење 6**

**„ Менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик “**

Тврдењето дека менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик ги даде следниве резултати:

65 од испитуваните наставници или 56,03% сметаат дека менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик, 32,76% или 38 наставници делумно се согласуваат со ова тврдење, наспроти 7,76 % или 9 наставника кои не се согласуваат со тврдењето. 4 наставника или 3,45% не одговориле на прашањето.

**Графикон 17**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците.




Добиените резултати потврдуваат дека 56,03 % од наставниците по одделенска настава се согласуваат дека директорот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик.

*Табела 7* : Ставови на наставниците по одделенска настава за организацијата и реализацијата на обуки на наставниот кадар

| | Колку се согласуват е со дадените тврдења ? | **Потполно се согласувам** | **%** | **Делумно се согласувам** | **%** | **Не се согласувам** | **%** | **/** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | | f | | f | | f | |
| 1 | Менаџерот создава клима во училиштето каде наставнички от кадар успешно ќе се усовршува | 83 | 71,55 | 28 | 24,14 | 3 | 2,59 | 2 | 1,72 |
| 2 | Менаџерот организира интерни обуки за усовршување на наставниците | 94 | 81,03 | 17 | 14,66 | 3 | 2,59 | 2 | 1,72 |
| 3 | Менаџерот постојано не известува за организиран ите обуки од страна на БРО, USAID,и сл. | 86 | 74,14 | 25 | 21,55 | 3 | 2,59 | 2 | 1,72 |
| 4 | Менаџерот прави проценка на резултатите од обуките и нивната ефективност | 84 | 72,41 | 24 | 20,69 | 5 | 4,31 | 3 | 2,59 |
| 5 | Менаџерот обезбедува доволно стручна литература за професионал ен развој на наставниците | 74 | 63,79 | 37 | 31,90 | 3 | 2,59 | 2 | 1,72 |

**Тврдење 1**

**„Менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно ќе се усовршува “**

Во однос на тврдењето дека менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно се усовршува 71,77 % од испитаните наставници или 83 наставници одговориле позитивно, 24,14% или 28 наставници делумно се согласиле, а 2,59 % или 3 наставници не се согласуваат со даденото тврдење. 1,72% или 2 наставника не одговориле на прашањето.

**Графикон 18**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава.




Високиот процент на добиени одговори од страна на испитаниците, дека менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно ќе се усовршува, може да се види од графичкиот приказ.

**Тврдење 2**

**„ Менаџерот организира интерни обуки за усовршување на наставниците“**

На ова тврдење 81,03 % или 94 наставници одговориле дека потполно се согласуваат дека менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно ќе се усовршува. 14,66 % или 17 наставници делумно се согласуваат со тврдењето, а 2,59 % или 3 наставници не се согласуваат со тврдењето. 2 наставника или 1,72 % не одговориле на прашањето.

**Графикон 19**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците.




**Тврдење 3**

**„ Менаџерот постојано не известува за организирните обуки од страна на БРО, USAID, и сл. “**

Следи тврдењето кое испитува дали менаџерот постојано ги известува наставниците за организираните обуки од страна на БРО, USAID и др. Од испитуваните наставници по одделенска настава 74,14 % или 86 одговориле дека потполно се согласуват со тврдењето, 21,55 % или 25 наставници делумно се согласуваат и 2,59 % или 3 наставника воопшто не се согласуваат со тврдењето. 2 наставника или 1,72 % не одговориле на прашањето.

**Графикон 20**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците.




Високиот процент на добиени одговори од страна на испитаниците покажува дека менаџерот постојано ги известува наставниците за организираните обуки, што овозможува надградување на знаењата на наставниците за успешна реализација на наставата.

**Тврдење 4.**

**„ Менаџерот прави проценка на резултатите од обуките и нивната ефективност“.**

На тврдењето дека менаџерот прави проценка на резултатите од стекнатите знаења на наставниците од посетените обуки, како и нивната имплементација во наставата ги доби следниве резултати : 72,41 % од наставниците или 84 наставници се согласуваат со тврдењето, додека 20,69% или 4 наставници по одделенска настава делумно се согласуваат дека менаџерот прави проценка на спроведените обуки. 4,31 % или 5 наставника не се согласуваат со тврдењето и 3 или 2,59% наставници не одговориле на поставеното прашање.

**Графикон 21**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава.




Добиените резултати од ова тврдење покажуват на високиот процент на испитаници кои потврдуваат дека менаџерот постојано се залага за подобрување на организацијата на наставата, следејќи ги резултатите од спроведените обуки и нивната ефективност.

**Тврдење 5**

**„ Менаџерот обезбедува доволно стручна литература за професионален развој на наставниците .“**

На тврдењето дека менаџерот обезбедува стручна литература за професионален развој на наставниците 63,79 % или 74 наставници одговориле позитивно , наспроти 31,90 % или 37 наставници кои делумно се согласуваат со даденото тврдење. 3 наставници или 2,59 % не се согласуваат и 1,72 % или 2 наставника воопшто не одговориле на прашањето.

**Графикон 22**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава.




Врз основа на петте тврдења кои се однесуваат на организацијата и реализацијата на обуки на наставниот кадар во основните училишта, увидовме дека во првите четири случаи повеќе од 70 % од испитаниците се согласуваат, а само на петтото тврдење се согласиле 63,79%, дека менаџерите се оние кои играат значајна улога во успешноста на организацијата и реализацијата на наставата.

Директорот поседува соодветни менаџерски способности и вештини, да создаде клима во основното училиште каде наставниот кадар ќе се усовршува, организира интерни обуки за усовршување на наставниците, ги известува наставниците за организираните обуки од БРО, УСАИД и сл., прави проценка на резултатите од одржаните обуки на наставниот кадар и слично.

*Табела 8*: Ставови на наставниците во однос на компетенциите на наставниците по англиски јазик

| | 7 | % | 6 | % | 5 | % | 4 | % | 3 | % | 2 | % | 1 | % | / | % | $\bar{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | | f | | f | | f | | f | | f | | f | | f | | |
| авршени студии ) англиски јазик и литература- іаставна насока | 13 | 11,21 | 1 | 0,86 | | 0,00 | 1 | 0,86 | 3 | 2,59 | 13 | 11,21 | 69 | 59,48 | 16 | 13,79% | 2,05 |
| ВПШ | 67 | 57,76 | 8 | 6,90 | 3 | 2,59 | 12 | 10,34 | 3 | 2,59 | 6 | 5,17 | 3 | 2,59 | 14 | 12,06% | 5,92 |
| вршени студии англиски јазик итература и на уга насока и со обиенасоодветна дагошко- ихолошка и тодска дготовка на одветен културет | 1 | 0,86 | 3 | 2,59 | 8 | 6,90 | 10 | 8,62 | 44 | 37,93 | 21 | 18,10 | 11 | 9,48 | 18 | 15,52% | 2,95 |
| авршени студии за одделенска астава со модул ı англиски јазик | 1 | 0,86 | 29 | 25,00 | 14 | 12,07 | 12 | 10,34 | 14 | 12,07 | 12 | 10,34 | 6 | 5,17 | 28 | 24,15% | 4,21 |
| авршени студии ı предучилишно воспитување со )дул за англиски јазик | 11 | 9,48 | 29 | 25,00 | 46 | 39,66 | 4 | 3,45 | 9 | 7,76 | 4 | 3,45 | 6 | 5,17 | 7 | 6,03 | 4,93 |
| вршени студии превод и лкување глиски јазик и здобиена одветна дагошко – ихолошка и тодска дготовка на одветен културет | 4 | 3,45 | 10 | 8,62 | 9 | 7,76 | 55 | 47,41 | 13 | 11,21 | 7 | 6,03 | | 0,00 | 18 | 15,52% | 4,14 |
| авршени студии ) англиски јазик и книжевност | 5 | 4,31 | 14 | 12,07 | 14 | 12,07 | 10 | 8,62 | 18 | 15,52 | 36 | 31,03 | 1 | 0,86 | 18 | 15,52% | 3,63 |

Следната категорија се однесува на компетенциите на наставниците по англиски јазик во основното образование и воспитание. Дадени се 7 категории на завршени студии, а испитаниците треба да ги рангираат од 1 до 7 , според тоа, кој наставник сметаат дека е најкомпетентен да предава англиски јазик во основно образование. Притоа да напоменеме дека 1 е највисока , а 7 најниска оценка. Согласно тоа, пониската вредност на аритметичката средина означува повисока оценка на компетентноста на наставниците.

**Категорија 1**

**„ Завршени студии по англиски јазик и литература – наставна насока "**

Оваа категорија, завршени студии по англиски јазик и литература – наставна насока, 13 од испитаниците или 11,21 % , ја рангирале со најниска оценка 7, 1 наставник или 0,86 % ја ренгирал со 6, 1 наставник ја оценил со 4или 0,86 %, 3 наставника или 2,59 со 3, 13 наставника или 11,21 % со 2 и 59,48 % или 69 наставника ја рангирале со највисока оценка 1. 16 наставници не одговориле на ова прашање, а тоа се 13,79 %.

**Графикон 22**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава.




Добиените резултати покажуваат дека повеќе од 50 % од испитаниците сметаат дека наставниците по англиски јазик кои имаат завршено студии по англиски јазик и литература – наставна насока, се најкомпетентите наставници кои можат да работат во основното образование .

**Категорија 2**

**„ ВПШ "**

Следната категорија студии се ВПШ ( Виша Педагошка Школа ) на која ги добивме следниве одговори:

57,76 % или 67 наставници по одделенска настава ја дале најниската оценка 7 за ВПШ, 8 наставника или 6,90 % ја рангирале со 6, 3 наставника или 2,59 % со 5, 10,34 % или 12 наставници ја рангирле оваа категорија со 4, 2,59 % или 3 наставници со 3, 6 наставници или 5,17 % со 2 и 3 наставници или 2,59 % со 1.18 наставници или 15,52% не одговориле на прашањето.

**Графикон 23**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава.




Од добиените резултати можеме да го забележиме сосема спротивното од претходната категорија степен на образование. 57,76% од испитаниците даваат најниската оценка за овој степен на образование.

**Категорија 3**

**„Завршени студии по англиски јазик и литература и на друга насока и со здобиена соодветна педагошко- психолошка и методска подготовка на соодветен факултет "**

На третата категорија степен на образование испитаниците го дале следниот одговор :0,86 % или 1 наставник ја дал оценката 7, 3 наставника или 2,59 % одговориле со 6, 6,90 % или 8 наставници ја одбрале оценката 5, 10 наставници или 8,62 % избрале 4. Најголемиот број испитаници 37,93% или 44 како оценка во ранг листата дале 3 за студиите по англиски јазик и литература на друга насока и здобиена соодветна педагошко- психолошка и методска подготовка на соодветен факултет. 21 наставник или 18,10 % дале оценка 2 и 9,48 % или 11 наставници ја дале највисоката оценка во ранг листата.

**Графикон 24**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава.




Од добиените резултати и графичкиот приказ можеме да утврдиме дека најголема оценка од ранг листата за завршени студии по англиски јазик и литература и на друга насока со добиена соодветна педагошко- психолошка и методска подготовка на соодветен факултет е 3, а со оцена 3 одговориле 37,93 %.

**Категорија 4**

**„ Завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик"**

Завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик е категорија студии која од страна на испитаниците – наставниците по одделенска настава ги доби следниве оцени : Најниската оцена 7 ја дадоа 0,86 % или 1 наставник, за оцена 6 се одлучија 29 наставници или 25 %, 14 наставници или 12,07 % се одлучија за 5, а исто толку наставници се одлучија и за 3. Оцена 4 дадоа 10,34 % или 12 наставници, а исто толку наставници дадоа оцена 2, и 6 наставника или 5,17 % дадоа оцена 1.

**Графикон 25**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава.



На графичкиот приказ многу полесно може да се забележи процентуалното поклопување на вредностите, односно истиот број на испитаници кои се одлучиле за различни оцени.

**Категорија 5**

**„ Завршени студии за предучилишно воспитување со модул за англиски јазик“**

Понатаму следи категоријата на предучилишно воспитување со модул за англиски јазик на која ги добивме следниве резултати : 9,48 % или 11 наставници ја оценија категоријата со 7, 29 или 25 % со 6, 46 или 39,66 % со 5, 3,45 или 4 наставника со 4, а исто толку дадоа оцена 2, 9 наставници или 7,76 % со 3 и 5,17 или 6 наставника за 1.

**Графикон 26**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава.




Добиените резултати од истражувањето покажуваат дека највисок е процентот на испитаници кои одговориле со оцена 5 и изнесува повеќе од 40 %.

**Категорија 6**

**„Завршени студии за превод и толкување англиски јазик и со здобиена соодветна педагошко – психолошка и методск подготовка на соодветен факултет“**

На оваа категорија студии на наставниците по англиски јазик испитаниците одговориле на следниот начин : 4 наставника или 3,45% ги оцениле овие студии со најниската оцена 7, 10 наставника или 8,62 % одговориле со оцена 6, 7,76 % или 9 наставници со оцена 5, 55 наставници или 47,41 % одговориле со 4. Со 3 одговориле 13 наставници или 11,21 и со 2 , 7 наставника или 6,03 %. За оцена 1 не се одлучил ниту еден од испитаниците.

**Графикон 27**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава.




Добиените резултати покажуваат дека највисок процент од испитаниците се одлучиле дека ПИТ – превод и толкување како студии на наставниците по англиски јазик при рангирањето добива оцена 4.

**Категорија 7**

**„ Завршени студии по англиски јазик и книжевност"**

На оваа категорија 5 наставника или 4,31 % одговориле со 7, 14 или 12,07 за 6, како и за 5, 10 или 8,62 % за 4, 18 или 15, 52 % за 3, 31,03 % или 36 наставника за 2 и 1 или 0,86 наставник за 1.

**Графикон 27**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава.




Претходните резултати добиени со рангирањето на различните категории студии ја потврдуваат третата хипотеза **Х3**, која гласи: „ Директорите на училиштата даваат приоритет за вработување на наставници кои имаат завршено соодветно високо образование".

## 2. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА НА НАСТАВНИЦИТЕ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО I, II И III ЦИКЛУС ВО УЧИЛИШТАТА

Следува анализа на прашањата од анкетните прашалници за наставниците по англиски јазик кои предаваат во основните училишта. Испитани се сите наставници кои предаваат англиски јазик во веќе споменатите училишта во истражувањето.

Прашалникот се состои од 11 прашања кои се однесуваат на личните карактеристики на наставниците, работен стаж, образование, образовен профил, тврдења кои се однесуваат на имплементацијата на англискиот јазик во основните училишта како редовен предмет од I – во одделение, наставните средства кои ги користат наставниците за поуспешна реализација на наставата, улогата на директорот во осовременување на наставата, професионалниот развој на наставниот кадар како и компетентноста на наставниците кои предаваат англиски јазик во основните училишта.

*Табела 1 :* Степен на образование на наставниците по англиски јазик

| | више | % | Високо | % | магистерски студии | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| образование | 1 | 3,70 | 25 | 92,59 | 1 | 3,70 |

На прашањето за степенот на образование , наставниците по англиски јазик ги дале следниве одговори : 3,70 % или 1 наставник со виша , 25 наставници или 92,59 % со високо образование и 1 наставник или 3,70 % со завршени магистерски студии.

Според добиените одговори на наставниците по англиски јазик можеме да потврдиме дека најголем е процентот на наставниците кои имаат високо образование. Тоа графички ќе го претставиме на следниот начин :

**Графикон 1.**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик .



*Табела2* : Работен стаж на наставниците по англиски јазик

| | до 10 | % | од 10 -20 | % | повеќе од 20 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | | F | | f | |
| работен стаж | 13 | 48,15 | 9 | 33,33 | 5 | 18,52 |

На прашањето за работниот стаж , наставниците по англиски јазик одговориле дека 48,15 % или 13 од нив имаат работно искуство до 10 години, 33,33 % или 9 наставници имаат работно искуство од 10 до 20 години. Најмал е процентот на наставници кои имаат искуство над 20 години и изнесува 18,52 % или 5 наставника.

**Графикон 2**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик .




Добиените резултати на прашањето за работен стаж потврдуваат за процентуалната разлика меѓу бројот на наставници со помало работно искуство, кој ги има во поголем број во основните училишта, 48,15% за разлика од оние со искуство од 10 до 20 години.

*Табела 3* : Образовен профил на наставниците по англиски јазик

| | Воспитувач | % | одделенски наставник | % | дипломиран професор по англиски јазик | % | дипломиран педагог | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | | f | | f | | f | |
| образовен профил | 0 | 0 | 0 | 0 | 27 | 100 | 0 | 0 |

Како што можеме да видиме од резултатите добиени од анкетниот прашалник, сите наставници односно 100% од испитаниците се дипломирани професори по англиски јазик. Во однос на тоа на која насока ги имаат завршено нивните студии, нема да ја разгледуваме можноста, но сепак ќе ги напоменеме различните категории студии и мислењата во однос на компетентноста.

**Графикон 3**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик .




Од претходните три прашања, кои се однесуваат на личните карактеристики на секој од наставниците, утврдивме дека највисок е процентот на наставници со завршено високо образование, во однос на више, а истовремено увидовме дека поголем е бројот на наставници со работно искуство до 10 години, во споредба со оние резултати што ги добивме кај наставниците по одделенска настава.

Табела 4 : Ставови на наставниците по англиски јазик за имплементацијата на англискиот јазик како редовен предмет од I – во одделение во основното воспитание и образование.

| 6. | Тврдења | Потполно се согласувам | % | Делумно се согласувам | % | Не се согласувам | % | / | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Концептот на деветгодишно образование беше успешно имплементиран во нашето училиште. | 19 | 70,37 | 6 | 22,22 | 1 | 3,70 | 1 | 3,70 |
| 2. | Промените, настанати при имплементацијата на концептот на деветгодишно образование беа целосно прифатени од наставниот кадар. | 20 | 74,07 | 5 | 18,52 | 1 | 3,70 | 1 | 3,70 |
| 3. | Поставеноста на англискиот јазик во првите два периода од основното образование е во согласност со современите образовни тенденции. | 14 | 51,85 | 11 | 40,74 | 1 | 3,70 | 1 | 3,70 |
| 4. | Наставната програма по англиски јазик за I - во одделение не соодвествува на возраста на учениците | 9 | 33,33 | 9 | 33,33 | 8 | 29,63 | 1 | 3,70 |
| 5. | Наставните програми по англиски јазик постојано се менуваат и при тоа не се постигнуваат добри резултати при реализацијата. | 8 | 29,63 | 14 | 51,85 | 4 | 14,81 | 1 | 3,70 |
| 6. | Наставникот по англиски јазик може да ја подобри реализацијата на наставата по англиски јазик | 17 | 62,96 | 9 | 33,33 | / | / | 1 | 3,70 |
| 7. | Наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот за настава по англиски јазик | 20 | 74,07 | 4 | 14,81 | 2 | 7,41 | 1 | 3,70 |

**Тврдење бр. 1.**

**„ Концептот на деветгодишно образование беше успешно имплементиран во нашето училиште “.**

На ова тврдење наставниците по англиски јазик одговориле на следниот начин : 70,37 % или 19 наставници од вкупно 27, се согласиле со тврдењето дека концептот на деветгодишно образование е успешно имплементиран во основните училишта, 22,22 % или 6 наставника одговориле дека делумно се согласуваат со тврдењето, додека пак 1 наставник или 3,70% не се согласува со тврдењето. 1 наставник не одговорил на прашањето, што значи 3,70% од испитаниците не одговориле на прашањето.

Разгледувајќи ги добиените резултати, потврдуваме дека повеќе од 70% од наставниците по англиски јазик ги поддржуваат промените воведени со новиот концепт и ја потврдуваат успешната имплементација во наставата. Воведувањето на концептот за деветгодишно образование , претставуваше голем чекор напред, дел од промените настанати во образованието се однесуваа на англискиот јазик и неговото изучување.

22,22 % од наставниците кои делумно се согласуваат со ова тврдење, не се согласуваат со целосната имплементација на концептот во основното образование. Можеби промените настанати со концептот не се општо прифатени од наставниците, или пак родителите. Воведувањето на англискиот јазик, можеби претставува терет на учениците од шестгодишна возраст, како и низата други промени кои беа воведени во рамките на другите предмети и наставните програми.

Резултатите добиени на ова тврдење ќе ги претставиме на следниов графикон:

**Графикон 4**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик.



Графичкиот приказ на тврдењето „ Концептот на деветгодишно образование беше успешно имплементиран во нашето училиште “ покажува дека најголем е процентот на наставниците кои се согласуваат на ова тврдење.

**Тврдење 2**

**„ Промените, настанати при имплементацијата на концептот на деветгодишно образование беа целосно прифатени од наставниот кадар “.**

Ова тврдење, кое е поврзано со претходното, односно доколку концептот на деветгодишно образование е успешно имплементиран во основното образование, истовремено успешно се имплементирани и сите промени кои ги носи самиот концепт.

На тврдењето, кое се однесува на низата промени воведени со концептот, наставниците одговориле на следниот начин : 74,07 % или 20 испитаници се согласиле дека промените се целосно прифатени во училиштата, 5 наставника или 18,52% делумно се согласуваат со тврдењето, а како и во претходниот случај,3,70%, 1 наставник не се согласува и 1 наставник, 3,70% не одговорил на прашањето.

Ако се навратиме на претходното тврдење, забележуваме дека бројот на наставници кои се согласуваат со тврдењето се зголемил за 1, а на оние наставници кои делумно се согласуваат се намалил. Добиените резултати ќе ги видиме прикажани на следниот графикон:

**Графикон 5**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по англиски јазик.



Добиените резултати од овие две тврдења, како и големиот процент што го добивме, од над 70 %, наставници кои се согласуваат дека концептот на деветгодишно образование е успешно имплементиран во основното образование.

И покрај тоа што, во дадените тврдења не се споменува менаџерската вештина на директорите или пак англискиот јазик, како редовен предмет воведен од I – во одделение, со новиот концепт, сепак, мора да потенцираме дека успешната имплементација на новиот концепт, како и прифатеноста на промените кои се во рамките на концептот, наведуваат на успешноста на менаџерот, како и на прифатеноста на англискиот јазик како редовен предмет во одделенска настава.

**Тврдење 3**

**„ Поставеноста на англискиот јазик во првите два периода од основното образование е во согласност со современите образовни тенденции“**

На ова тврдење, кое се однесува на воведувањето на англискиот јазик во првите два периода во основното образование и согласноста на оваа воведена промена со современите образовни тенденции, наставниците по англиски јазик го дале следниот одговор:14 наставници или 51,85 % се согласиле со ова тврдење и се согласуваат со воведувањето на англискиот јазик како прв странски јазик во првите два периода од основното образование, 11 наставници или 40,74 % одговориле дека делумно се согласуваат со оваа промена , наспроти 3,70 % или 1 наставник кој воопшто не се согласува со ова тврдење. 1 наставник или 3,70 % не одговорил на ова прашање.

Што се однесува до англискиот јазик и неговото изучување во првите два периода од основното образование, наставниците дале многу поразлични одговори, отколку на претходните две тврдења. Голем дел од нив делумно се согласуваат дека оваа воведена промена со новиот концепт е во согласност со современите образовни тенденции.

Во најголем дел од земјите низ светот, англискиот јазик е воведен како предмет за изучување од најмала возраст во основните училишта, некаде е воведен и од 4 годишна возраст. Резултатите добиени на ова тврдење ги имаме претставено на следниот графикон :

**Графикон 6.**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по англиски јазик .




**Тврдење 4**

**„ Наставната програма по англиски јазик за I – во одделение не соодвествува на возраста на учениците “.**

На тврдењето, кое се однсува на наставната програма по англиски јазик и нејзиното приспособување на возраста на учениците, наставниците по англиски јазик одговориле на следниот начин: 8 наставници или 29,63 % од наставниците не се согласуваат со даденото тврдње, што значи дека тие сметаат дека наставната програма е целосно прилагодена на возраста на учениците. Контрадикторност се јавува меѓу наставниците кои целосно се согласуваат со ова тврдење и оние кои делумно се согласуваат.

Го добивме истиот процент на испитаници, односно 33,33 % или 9 наставника се согласуваат и 9 наставника делумно се согласуваат со тврдењето.

Наставните програми по англиски јазик се изработуваат од страна на Биро за развој на образованието, од страна на советници по англиски јазик и други советници од БРО, како и надворешни соработници, сѐ со цел, концептот на деветгодишно образование да биде успешно имплементиран во основното образование.

**Графикон 7**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по англиски јазик.




**Тврдење 5**

**„ Наставните програми по англиски јазик постојано се менуваат и при тоа не се постигнуваат добри резултати “**

На тврдењето: „ Наставните програми по англиски јазик постојано се менуваат и при тоа не се постигнуваат добри резултати “ ги добивме следниве резултати : 8 наставници или 29,63 % се согласуваат со тврдењето, 51,85% или 14 наставници делумно се согласуваат и 4 наставници или 14, 81 % не се согласуваат со даденото тврдење. Најголем процент добивме на наставници кои делумно се согласуваат со ова тврдење, што значи дека промените на наставните програми по англиски јазик влијаат , но и не влијаат целосно на реализацијата на наставата.

**Графикон 7**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по англиски јазик.



**Тврдење 6**

**„ Наставникот по англиски јазик може да ја подобри реализацијата на наставата по англиски јазик "**

Успешната реализација на наставата по англиски јазик зависи од наставникот по англиски јазик е следното тврдење со кое се согласија 62,96 % или 17 наставници, 9 наставника или 33,33 % делумно се согласија и 1 наставник или 3,70 % не одговори на прашањето. Ниту еден наставник не се согласува со тврдењето.

Од добиените резултати можеме да потврдиме дека наставниците по англиски јазик сметаат дека успешната реализација на наставата по англиски јазик главно зависи од нивната умешност, способност, мотивација, организираност, спремност, вештина...Главен фактор за реализација на наставата е самиот реализатор – наставникот по англиски јазик.

**Графикон 8**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по англиски јазик.




**Тврдење 7**

**„ Наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот за настава по англиски јазик "**

Вработувањето на наставниците во основното образование се врши според определен норматив на наставен кадар, кој е наведен во наставните програми по англиски јазик за секое одделение. Наставниците по англиски јазик одговорија на ова тврдење на следниот начин : целосно се согласуваат 20 наставници или 74,07% дека наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот. Делумно се согласуваат 14,81% или 4 наставника и 2 наставника или 7,41 % од испитаниците воопшто не се согласуваат.

За подобро да го анализираме ова прашање треба подлабоко да навлеземе во различните категории дадени во нормативот за наставен кадар во основното образование, за кое ќе зборуваме на прашање број 11. 74,07 % од наставниците одговориле дека се согласуваат со тврдењето, но дали истите тие наставници се запознаени со нормативот и со завршените студии на своите колеги. Овие несогласувања ќе ги разгледаме во понатмошните прашања.

**Графикон 9**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по англиски јазик.




Тврдењето 7, дека наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот за настава по англиски јазик, беше поддржано од 74,07 % од испитаниците, што оди во прилог на третата хипотеза **Х3** :

„ Директорите на училиштата даваат приоритет за вработување на наставници кои имаат завршено соодветно високо образование “.

*Табела 5:* Ставови на наставниците по англиски јазик во однос на тоа дали располагаат со потребните материјални средства за успешна реализација на наставата по англиски јазик.

| Наставниците располагаат со потребните материјални средства | Да, во потполност | % | Делумно | % | Не, воопшто | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | | f | | f | |
| | 16 | 59,26 | 9 | 33,33 | 2 | 7,41 |

На прашањето, кое се однесува на тоа дали наставниците по англиски јазик располагаат со потребните материјални средства за успешна реализација на наставата,59,26 % или 16 наставници потполно се согласиле, 9 наставници или 33,33% делумно се согласиле со тврдењето, а 2 наставника или 7,41% не се согласиле со тврдењето.

**Графикон 10**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик




Од добиените резултати можеме да заклучиме дека наставниците по англиски јазик, во голем процент, 59,26%, одговориле дека располагаат со сите потребни материјални средства за успешна реализација на наставата.

На следното прашање во анкетниот прашалник понудивме неколку наставни средства кои се употребуваат за подобрување на реализација на наставата, па според тоа ќе заклучиме дали наставниците навистина располагаат со с□ што им е потребно за наставата.

Добиените резултати од одговорите на испитаниците одат во прилог на четвртата хипотеза **Х4,** која гласи :„ Директорите на училиштата обезбедуваат доволно материјални услови за реализација на наставата по англиски јазик".

*Табела 6 :* Наставни средства кои се користат во наставата по англиски јазик

| *Flash* карти, постери | % | *Интернет вежби, тестови и сл.* | % | *CD плеер DVD, LCD* | % | *Огласни табли, слики, предмети* | % | Мултилингвални училишни предмети | % | *И др* | % | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| f | | f | | f | | f | | f | | f | | |
| 26 | 96,30 | 22 | 81,48 | 26 | 96,30 | 25 | 92,59 | 2 | 7,41 | 16 | 59,26 | |

На прашање број 8, на наставниците по англиски јазик и беа понудени неколку избор одговори, во однос на тоа, какви наставни средства користат за реализација на наставата. 96,30 % од наставниците или 26 наставници одговорија дека користат Flash карти за визуелно прикажување на предметите на учениците, 81,48 % или 22 наставници се согласија дека користат интернет вежби, тестови работени во различни програми, истражувања и слично.

Висок, исто така е и процентот на наставници, 96,30% кои во текот на наставата користат CD плеер, DVD или пак LCD, за развој на аудио визуелните способности на учениците. 25 наставници или 92,59% одговориле дека користат огласни табли, слики, предмети во текот на наставата, што исто така потврдува за ефикасноста и ефективноста на наставните средства. Мултилингвални училишни предмети не се употребуваат многу во наставата по англиски јазик, а тоа го докажуваат испитаниците, само 2 наставника или 7,41% од испитаниците ги користат во наставата , а некои други средства, а не овие наведените користат 16 наставници или 59,26 %.

**Графикон 11**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик




Добиените резултати на претходните две прашања ни потврдуваат дека наставниците во основните училишта располагаат со голем број материјални средства, за реализација на наставата по англиски јазик. Користејќи ги нставните средства како што се : Flash cards, кои овозможуваат сликовито претставување на предметите на учениците на помала возраст, а со тоа и побрзо утврдување на термините на англиски јазик, CD, LCD, DVD се едни од наставните помагала без кои не може да се замисли наставата по англиски јазик. Аудио визуелниот метод е еден од најважните методи при изучување на странски јазик.

Огласните табли, слики, предмети исто така овозможуваат полесна визуелизација и восприемање на јазичните структури. Единствено, мал процент наставници одговориле дека користат мултилингвални училишни предмети, што се надеваме ќе се промени во иднина.

Претходните две прашања кои се однесуваат на наставните средства кои ги користат наставниците по англиски јазик за поуспешна реализација на наставата по англиски јазик, се во прилог на петтата хипотеза **Х5** која гласи :

„ Наставниците по англиски јазик користат современи начини за реализација на наставата по англиски јазик“ .

Процентуалната вредност што ја добивме со одговорите на наставниците по англиски јазик на претходните две прашања , а која изнесуваше 59,26% наставници кои се согласуваат дека располагаат со потребните материјални средства за реализација на наставата и просечно 90% од наставниците кои потврдија дека користат современи наставни средства, како Flash cards, CD,LCD, DVD, огласни табли и сл., во рамките на наставата по англиски јазик, потврдуваат за релевантноста на петтата хипотеза.

*Табела 7* : Ставови на наставниците по англиски јазик за тоа кои квалитети ги поседуваат директорите за поуспешна организација и реализација на наставата по англиски јазик

| | Колку се согласувате со дадените тврдења ? | Потполно се согласувам | % | Делумно се согласувам | % | Не се согласувам | % | / | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | | f | | f | | f | |
| 1. | Менаџерот влијае на осовременување на воспитно – образовниот процес | 22 | 81,48 | 5 | 18,52 | / | / | / | / |
| 2. | Менаџерот користи најразлични методи за мотивација на наставниот кадар | 11 | 40,74 | 15 | 55,56 | 1 | 3,70 | / | / |
| 3. | Менаџерот иницира проекти за иновации во наставата по англиски јазик | 13 | 48,15 | 12 | 44,44 | 2 | 7,41 | / | / |
| 4. | Менаџерот учествува во проекти за добивање средства за подобрување на условите за работа во училиштето | 20 | 74,07 | 5 | 18,52 | 2 | 7,41 | / | / |
| 5. | Менаџерот дава се од себе за да ги обезбеди потребните материјални услови за успешна реализација на наставата по англиски јазик | 14 | 51,85 | 11 | 40,74 | 1 | 3,70 | 1 | 3,70 |
| 6. | Менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик | 15 | 55,56 | 8 | 55,56 | 3 | 11,11 | 1 | 3,70 |

**Тврдење 1**

**„ Менаџерот влијае на осовременување на воспитно – образовниот процес. “**

Менаџерот влијае на осовременување на воспитно – образовниот процес е првото тврдење од прашање број 9, на кое испитниците – наставници по англиски јазик ги дадоа следниве одговори :

22 наставници или 81,48% одговориле дека се согласуваат со ова тврдење и потврдуваат дека менаџерот влијае на осовременување на наставата, 5 наставници или 18,52 % делумно се согласуваат со ова тврдење, а ниту еден нставник не одговорил негативно.

Добиените резултати ни покажуваат дека наставниците во поголем број го поддржуваат ова тврдење, и со тоа фактот дека директорот со своите вештини успева на најразличен начин да овозможи осовременување на воспитно – образовниот процес.

**Графикон 12**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик




Менаџерот на основните училишта, учествувајќи во најразлични проекти, грандови, соработувајќи со училишта надвор од државата, или пак на некој друг начин, овозможува осовременување на воспитно – образовниот процес во своето училиште.

Тоа го постигнува со снабдување на училиштето со потребните материјални средства за осовременување на наставата, не само по англиски јазик , туку и за сите други предмети. Ваквата способност на менаџерите во училиштата кои ги истражуваме, ја докажуваат самите наставници со своите тврдења.

**Тврдење 2**

**„ Менаџерот користи најразлични методи за мотивација на наставниот кадар. “**

Наставниците по англиски јазик на ова тврдење одговорија на следниот начин : 11 наставници или 40,74% се согласуваат дека менаџерот користи најрзлични методи за мотивација на наставниот кадар. 15 наставници или 55,56% делумно се согласуваат со ова тврдење, а само 1 наставник или 3,70 % воопшто не се согласува со тврдењето.

Од добиените одговори на испитаниците потврдуваме дека поголем е процентот на оние наставници кои сметаат дека менаџерот делумно користи различни методи за да овозможи поголема мотивација кај наставницит. Менаџерите во основните училишта потребно е да ги советуваат, критикуваат, поддржуваат наставниците при организираните проекти, за нивниот успех да следи пофалба или пак некоја симболична награда. Со ваквиот пристап на директорот може да се мотивираат наставниците, со што би можеле поуспешно да ја реализираат наставата со поголема желба и идеи за напредок.

**Графикон 13**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик




**Тврдење 3**

**„ Менаџерот иницира проекти за иновации во наставата по англиски јазик.“**

На тврдењето дека директорот иницира проекти за иновации на наставата по англиски јазик, 48,15 % или 13 наставници одговорија согласувајќи се со тврдењето, 12 наставници или 44,44 % делумно се согласија, а само 2 наставници не се согласија , а тоа изнесува 7,41 %.

**Графикон 14**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик




При организацијата на проекти, обуки, семинари во рамките и надвор од училиштето, реализацијата на наставата сѐ повеќе се усовршува. Наставниците се запознаваат со современите образовни тенденции и ги применуваат во наставата.

**Тврдење 4**

**„ Менаџерот учествува во проекти за добивање средства за подобрување на условите за работа во училиштето.“**

На ова тврдење 74,07 % или 20 наставници одговориле позитивно, 5 наставници или 18,52% делумно се согласиле и 2 наставника или 7,41% не се согласиле воопшто.

Од добиените резултати воочуваме дека највисок е процентот на наставниците кои се согласуваат дека менаџерот учествува во проекти за добивање средства за подобрување на условите за работа во училиштето.

**Графикон 15**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик.




**Тврдење 5**

**„Менаџерот дава сè од себе за да ги обезбеди потребните материјални услови за успешна реализација на наставата по англиски јазик.“**

На ова тврдење 14 наставници или 51,85% одговориле дека се согласуваат дека менаџерот дава сè од себе да ги обезбеди потребните материјални услови за успешна реализација на наставата по англиски јазик. 11 наставници или 40,74% делумно се согласуваат со тврдењето, 1 наставник или 3,70% не се согласува со тврдењето и 1 наставник или 3,70% не одговорил на прашањето.

**Графикон 16** Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците.



**Тврдење 6**

**„ Менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик “**

На ова тврдење 15 наставници или 55,56% одговориле дека имаат позитивно мислење, 8 наставници или 29,63% одговориле дека делумно се согласуваат со тврдењето, 3 наставници или 11,11% воопшто не се согласуваат со тврдењето. Само 1 наставник, или 3,70% не одговорил на прашањето.

**Графикон 17**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик.




Добиените резултати на претходните тврдења , потврдија дека наставниците имаат позитивно мислење за менаџерите на училиштата, односно се согласуваат дека менаџерите даваат сè од себе за воведување на иновации во наставата по англиски јазик, учествуваат во различни проекти, грандови за добивање на материјални средства кои се потребни за реализација на наставата според современите образовни тенденции.

Со самото присуство на менаџерите на организираните обуки, семинари и слично, со цел да се воведат иновации во наставата, потоа снабдување со потребните материјални средства , покажува дека менаџерите влијаат на успешната организација на наставата.

*Табела 8* : Ставови на наставниците по англиски јазик за организацијата и реализацијата на обуки на наставниот кадар.

| Колку се согласувате со дадените тврдења ? | Потполно се согласувам | % | Делумно се согласувам | % | / | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | | f | | f | |
| Менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно ќе се усовршува | 18 | 66,67 | 9 | 33,33 | | 0,00 |
| Менаџерот организира интерни обуки за усовршување на наставниците | 18 | 66,67 | 8 | 29,63 | 1 | 3,70 |
| Менаџерот постојано ги известува наставниците за организираните обуки од страна на БРО, USAID,и сл. | 23 | 85,19 | 4 | 14,81 | | 0,00 |
| Менаџерот прави проценка на резултатите од обуките и нивната ефективност | 5 | 18,52 | 21 | 77,78 | 1 | 3,70 |
| Менаџерот обезбедува доволно стручна литература за професионален развој на наставниците | 16 | 59,26 | 10 | 37,04 | 1 | 3,70 |

**Тврдење 1**

**„ Менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно ќе се усовршува.“**

Во однос на организацијата и реализацијата на обуки во основните училишта, дадени се неколку тврдења на кои наставниците оговорија на следниот начин:

На првото тврдење 18 наставници или 66,67% од вкупно 27 одговорија дека се согласуваат дека менаџерот создава клима во училиштето, каде наставничкиот кадар успешно ќе се усовршува. 9 наставници или 33,33% одговорија дека делумно се согласуваат со ова тврдење. Испитаници кои не се согласуваат со ова тврдење нема.

**Графикон 18**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик.




**Тврдење 2**

**„ Менаџерот организира интерни обуки за усовршување на наставниците.“**

Менаџерот организира интерни обуки за усовршување на наставниците е тврдењето на кое наставниците одговорија на следниот начин : 18 наставници или 66,67% одговорија позитивно на тврдењето, 8 наставници или 29,63% делумно се согласуваат со тврдењето, а само 1 наставник или 3,70 % не се согласува со тврдењето.

**Графикон 19**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик.




**Тврдење 3**

**„ Менаџерот постојано ги известува наставниците за организираните обуки од страна на БРО, USAID,и сл.“**

23 наставници или 85,19% од вкупниот број на испитаници се согласија со тврдењето дека менаџерот ги известува наставниците за сите организирани семинари и обуки од страна на БРО, USAID и сл, 4 наставника или 14,81% делумно се согласуваат со тврдењето.

**Графикон 20**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик.



**Тврдење 4**

**„ Менаџерот прави проценка на резултатите од обуките и нивната ефективност.“**

На ова тврдење највисок е процентот на наставниците кои делумно се согласуваат со тврдењето и изнесува 77,78% или 21 наставник, 5 наставника или 18,52% се согласуваат и 1 наставник или 3,70% не се согласува со даденото тврдење.

**Графикон 21**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик.




**Тврдење 5**

**„ Менаџерот обезбедува доволно стручна литература за професионален развој на наставниците.“**

На ова тврдење 16 наставници или 59,26% се согласуваат, 10 наставници или 37,04 делумно се согласуваат и 1 наставник или 3,70% не се согласува со ова тврдење.

**Графикон 22**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик



Претходните пет тврдења се однесуват на менаџерот на училиштето и неговите способноти и вештини да управува со училиштето и истовремено да обезбедува услови за успешна реализација на наставта и усовршување на наставниот кадар.

*Табела 9* : Ставови на наставниците во однос на компетенциите на наставниците по англиски јазик

| | 7 | % | 6 | % | 5 | % | 4 | % | 3 | % | 2 | % | 1 | % | / | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | | f | | f | | f | | f | | f | | f | | f | % | $\bar{X}$ |
| Студии по англиски јазик и литература-наставна насока | 2 | 7,4 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 2 | 7,4 | 23 | 85,2 | / | / | 1,51 |
| ВПШ | 22 | 81,5 | 1 | 3,7 | 1 | 3,7 | | 0,0 | 2 | 7,4 | | 0,0 | 1 | 3,7 | / | / | 6,37 |
| англиски ј. и литература и на друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка | | 0,0 | 1 | 3,7 | 1 | 3,7 | 5 | 18,5 | 17 | 63,0 | 3 | 11,1 | | 0,0 | / | / | 3,25 |
| Студии за одделенска настава со модул за англиски јазик | 2 | 7,4 | 1 | 3,7 | 19 | 70,4 | 4 | 14,8 | | 0,0 | 1 | 3,7 | | 0,0 | / | / | 4,74 |
| Студии за предучилишно воспитување со модул за англиски јазик | 1 | 3,7 | 18 | 66,7 | 4 | 14,8 | 2 | 7,4 | 1 | 3,7 | 1 | 3,7 | | 0,0 | / | / | 5,48 |
| ПИТ англиски јазик и со здобиена соодветна педагошко – психолошка и методска подготовка | | 0,0 | 3 | 11,1 | 1 | 3,7 | 15 | 55,6 | 6 | 22,2 | 1 | 3,7 | 1 | 3,7 | / | / | 3,85 |
| Студии по англиски јазик и книжевност | | 0,0 | 1 | 3,7 | 2 | 7,4 | 1 | 3,7 | 3 | 11,1 | 18 | 66,7 | 2 | 7,4 | / | / | 2,74 |

На прашање број 9, наставниците по англиски јазик треба да одговорат на прашањето кое се однесува на компетеннциите на наставниците по англиски јазик, односно насоката на завршени студии во рамките на филолошкиот факултет или пак на педагошкиот факултет.

Образовниот профил кој е даден во 7 категории, не е избран случајно. Ова се завршените студии кои се дадени, како можност за избор на наставен кадар , во наставните програми по англиски јазик.

Рангирајќи ги со оцени од 1 до 7, ( каде 1 е највисока , а 7 најниска оцена) наставниците по англиски јазик ќе го дадат своето мислење за компетентноста и соодветноста на наставниците по англиски јазик.

**Категорија 1**

**„ Завршени студии по англиски јазик и литература наставна насока. “**

На оваа категорија студии, испитаниците ги дале следниве оцени : 2 наставника или 7,4% сметаат дека оваа категорија студии треба да ја добие најниската оцена за компетентност – 7, оцените 6, 5 4, 3 не ги избрал ниту еден наставник за оваа категорија, па имаме 0,0%, 2 наставника или 7,4% се определиле за оцена 2, а најголем е бројот на испитаници кои сметаат дека оваа категорија на завршени студии е најкомпетентна за наставници кои предаваат англиски јазик во основните училишта. Бројот на испитаници изнесува 23 или 85,2 %.

**Графикон 23**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик




**Категорија 2**

**„ ВПШ “**

На оваа категорија студии, наставниците ги дале следниве одговори : 22 наставника или 81,5 % сметаат дека оваа категорија треба да ја добие најниската оцена во рангирањето, 1 наставник или 3,7 % ја дал оцената 6, 1 наставник или 3,70 оцена 5, ните еден од

испитаниците не ги дал оцените 4 и 2, со оцена 3 2 наставници или 7,4 % ја рангирале оваа категорија студии и 1 наставник или 3,7 % ја дал највисоката оцена 1.

**Графикон 24**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик




**Категорија 3**

**„ Завршени студии по англиски јазик и литература и на друга насока и со здобиена соодветна педагочко психолошка и методска подготовка на соодветен факултет.“**

Наставниците по англиски јазик сметаат дека оваа категорија студии треба да ги добие следниве оцени : 0% од наставниците или ниту еден наставник не смета дека оваа категорија студии треба да се рангира со највисоката и најниската оцена, 1 наставник или 3,7% одговорил со оцена 6, 1 или 3,7% со оцена 5, 5 наставника или 18,5% ја дале оцената 4, 63% или 17 наставници оцената 3, 3 наставници или 11,1% оцената 2.Добиените резултати покажуваат дека највисок процент од испитаниците се одлучиле за оцена 3, а нивниот број изнесува 63%.

**Графикон 25**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик



**Категорија 4**

**„ Завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик. “**

На ова тврдење 2 наставника или 7,4% одговориле со оцена 7, 1 наставник или 3,7% одговорил со 6, 19 наставници или 70,4% одговориле со оцена 5, 14,8% или 4 наставника дале оцена 4, за оцена 3 и 1 не се одлучил ниту еден од испитаниците, и 1, 3,7% наставник се одлучил за оцена 2. Од добиените резултати највисок процент е бројот на испитаници кои ја оценуваат оваа категорија со оцена 5.

**Графикон 26**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик.




**Категорија 5**

**„ Завршени студии за предучилишно воспитување со модул за англиски јазик.“**

На ова тврдење наставниците ги дале следните оцени : 1 наставник или 3,7 на дале најниската оцена 7, 66,7% или 8 се определиле за оцена 6, 4 наставника или 14,8% за оцена 5, 2 наставника или 7,4% за оцена 4, 1 наставник или 3,7% се определил за 3 и 1 или 3,7% за 2. Највисоката оцена не ја дал ниту еден наставник на оваа категорија.

**Графикон 27**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик.




**Категорија 6**

**„ Завршени студии за превод и толкување англиски јазик и со здобиена соодветна педагошко- психолошка и методска поготовка на соодветен факултет."**

На ова тврдње испитаниците одговориле на следниот начин : Ниту еден наставник не се определил за најниската оцена, 11,1% или 3 наставници се определиле за 6, 1 нставник или 3,7 за 5, 15 наставници или 55,6 % се определиле за 4, 6 наствници или 22,2% се определиле за 3, за 2 и 1 се определил по еден наставник и или 3,7%.

**Графикон 28**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по англиски јазик



**Категорија 7**

**„ Завршени студии по англиски јазик и книжевност "**

На оваа категорија испитаниците ги дале следниве оцени : 1 наставник или 3,7% оцена 6, 2 наставника или 7,4 оцена 5, 1 наставник или 3,7% оцена 4, 3 наставници или 11,1% оцена 3, 18 наставници или 66,7% оцена 2 и 2 наставника или 7,4% за оцена 1.

**Графикон 29**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците по англиски јазик.




Од добиените резултати на прашањето 11 , каде испитаниците требаше да ги рангираат најкомпетентните наставници по англиски јазик, според тоа кои студии ги имаат завршено. Ги добивме следниве резултати :

Највисока оцена 1 , добија наставниците по англиски јазик кои имаат завршено студии по англиски јазик и литература наставна насока, оцена 2 добија наставниците со завршени студии по англиски јазик и книжевност, 3 добија наставниците со завршени студии по англиски јазик и литература и на друга насока и со здобиена соодветна педагошко – психолошка и методска подготовка на соодветен факултет.

4 добија наставниците со завршени студии за превод и толкување англиски јазик со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет. Оцена 5 добија наставниците со завршени студии по одделенска настава со модул за англиски јазик. 6 добија наставниците кои имаат завршено студии за предучилишно воспитување со модул за англиски јазик и најниската оцена ја добија наствниците кои имаат завршено ВПШ.

Добиените резултати се во прилог на третата хипотеза **Х3**, која гласи : „ Директорите на училиштата даваат приоритет за вработување на наставници кои имаат завршено соодветно високо образование.

## 3. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК НА ДИРЕКТОРИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА

При ова истражување беше спроведен анкетен прашалник за директорите на училиштата и наставниците по одделенска настава и англиски јазик. Истражувањето беше спроведено во 13 училишта, каде имаше вкупно 143 испитаници, од кои 10 директори, 27 наставници по англиски јазик и 116 наставници по одделенска настава.

*Табела 1* : Степен на образование на директорите во училиштата

| Образование | Више | Високо | магистерски студии |
|---|---|---|---|
| | F | f | f |
| | 0 | 10 | 0 |

На првото прашање кое се однесува лично на испитаниците, на степенот на образование, директорите одговориле на следниот начин : Од вкупно десет директори ниту еден не одговорил дека е со више или магистерски студии, сите 10 директори имаат стекнато високо образование.

*Табела 2:* Ставови на директорите за работниот стаж.

| | до 10 год. | од 10 до 20 | над 20 год |
|---|---|---|---|
| | F | f | f |
| работен стаж | 1 | 4 | 5 |

На ова прашање кое се однесува на работниот стаж на директорите, 5 директори одговориле дека имаат стаж повеќе од 20 години, 4 директори одговориле дека имаат стаж од 10 до 20 години и само 1 директор одговорил дека има стаж до10 години.

Добиените резултати од одговорите на испитаниците ни потврдуваат дека поголем е бројот на директори кои имаат долгогодишно работно искуство во образование, повеќе од 20 години, што претставува добра карактеристика на училиштата. Менаџерите доколку имаат подолго работно искуство, имаат доволно знаење, да се справат со секаков вид на ситуации, умеат да го сработат бараното од нив и да придонесат за развојот на училиштето и истовремено подобра организација на наставата во училиштето.

*Табела 3 :* Ставови на директорите за образовниот профил

| Образовен профил | воспитувач | одделенски наставник | дипломиран професор | дипломиран педагог |
|---|---|---|---|---|
| | / | 3 | 6 | 1 |

На ова прашање, кое се однесува на образовниот профил, испитаниците одговориле на следниот начин: 6 директори се дипломирани професори, 3 директори се одделенски наставници и 1 директор е дипломиран педагог. Од добиените резултати можеме да потврдиме дека најголем е процентот на директори кои се дипломирани професори. Добра страна на ова истражување е што дел од директорите се исто така и наставници по англиски јазик и одделенски наставници.

*Табела 4 :* Ставови на директорите за имплементацијата на англискиот јазик како редовен предмет од I- во одделение во основното образование и воспитание.

| **Тврдења** | **Потполно се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Не се согласувам** |
|---|---|---|---|
| | **f** | **f** | **f** |
| Концептот на деветгодишно образование беше успешно имплементиран во нашето училиште. | 8 | 2 | / |
| Промените, настанати при имплементацијата на концептот на деветгодишно образование беа целосно прифатени од наставниот кадар. | 7 | 3 | / |
| Поставеноста на англискиот јазик во првите два периода од основното образование е во согласност со современите образовни тенденции. | 7 | 3 | / |
| Наставната програма по англиски јазик за I - во одделение не соодвествува на возраста на учениците | 4 | 4 | 2 |
| Наставните програми по англиски јазик постојано се менуваат и при тоа не се постигнуваат добри резултати при реализацијата. | / | 5 | 5 |
| Наставникот по англиски јазик може да ја подобри реализацијата на наставата по англиски јазик | 10 | / | / |
| Наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот за настава по англиски јазик | 5 | 3 | 2 |

**Тврдење 1 .**

**„ Концептот на деветгодишно образование беше успешно имплементиран во нашето училиште „**

На ова тврдење 8 од испитуваните директори одговориле дека потполно се согласуваат дека концептот на деветгодишно образование е успешно имплементиран во училиштето. Делумно се согласуваат 2 директори, а ниту еден од директорите не одговорил дека не се согласува со тврдењето.

Податоците покажуваат дека поголем број од испитаниците потполно се согласуваат со тврдењето дека концептот на деветгодишно образование е успешно имплементиран во училиштата. Иако некои од испитаниците делумно се согласуваат со даденото тврдење, 8 од нив потполно се согласуваат.

**Тврдење 2.**

**„ Промените, настанати при имплементацијата на концептот на деветгодишно образование беа целосно прифатени од наставниот кадар.“**

На ова тврдење 7 директори дале одговор дека потполно се согласуваат дека промените, воведени со новиот концепт се целосно прифатени, додека 3 директори одговориле дека делумно се согласуваат, нема директор кој воопшто не се согласува со даденото тврдење.

**Тврдење 3.**

**„ Поставеноста на англискиот јазик во првите два периода од основното образование е во согласност со современите образовни тенденции “.**

Во однос на ова тврдење, 7 директори одговориле дека потполно се согласуваат дека воведувањето на англискиот јазик од I – во одделение во основните училишта, претставува современа образовна тенденција, 3 директори делумно се согласуваат со ова тврдење. Нема директори кои не се согласуваат со ова тврдење.

На ова тврдење добиените резултати покажуваат дека е голем бројот на директорите кои потполно се согласуваат дека воведувањето на англискиот јазик во првите два периода од основното образование е современа образовна тенденција.

Добиените резултати од испитаниците на првите три тврдења одат во прилог на првата хипотеза **Х1** која гласи : „Наставниците и директорите имаат позитивни ставови во однос на воведувањето на англискиот јазик од I – во одделение.“

Претходните тврдења и добиениот резултат потврдуваат дека концептот на деветгодишно образование е успешно имплементиран во училиштата и поставеноста на англискиот јазик претставува добро прифатена промена.

**Тврдење 4.**

**„ Наставната програма по англиски јазик за I – во одделение не соодвествува на возраста на учениците“**

На ова тврдење 4 од испитаните директори потполно се согласуваат со тврдењето дека наставната програма по англиски јазик за I – во одделение не соодвествува на возраста на учениците, додека пак исто толку директори , или 4 директори делумно се согласуваат со тврдењето. 2 директори воопшто не се согласуваат со даденото тврдење. Од добиените резултати можеме да утврдиме дека ставовите на директорите во однос на ова тврдење се поклопуваат, дел потполно се согласуваат со тврдењето и исто толку директори делумно се согласуваат со ова тврдење.

**Тврдење 5**

**„ Наставните програми по англиски јазик постојано се менуваат и при тоа не се постигнуваат добри резултати при реализацијата“.**

На ова тврдење добиени се следните резултати :

Директорите не одговориле позитивно на ова тврдење, 5 директори делумно се согласуваат дека промените на наставните програми влијаат на реализацијата на наставата по англиски јазик, додека 5 директори не се согласуваат со даденото тврдење.

Како што можеме да потврдиме од добиените резултати, имаме подеднакви ставови на директорите за тврдењето, но едни делумно се согласуваат, а другите не се согласуваат со тврдењето.

**Тврдење 6**

**„ Наставникот по англиски јазик може да ја подобри реализацијата на наставата по англиски јазик“**

Додека на другите тврдења имавме различни ставови на директорите, на ова тврдење директорите едногласно се согласуваат со тврдењето дека реализацијата на наставата по англиски јазик целосно зависи од наставниците по англиски јазик.

Од добиените резултати можеме да утврдиме дека најголем е бројот на директори кои се согласуваат со ова тврдење, 10 директори.

**Тврдење 7**

**„ Наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот за настава по англиски јазик “**

На ова тврдење се добиени следниве одговори: 5 од испитаните директори одговориле дека потполно се согласуваат дека наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот за наставен кадар за наставници по англиски јазик. 3 директори делумно се согласуваат со ова тврдење, а 2 директори воопшто не се согласуваат.

*Табела 5:* Ставови на директорите за тоа кои квалитети ги поседуваат директорите за поуспешна организација и реализација на наставата по англиски јазик

| **Колку се согласувате со дадените тврдења ?** | **Потполно се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Не се согласувам** |
|---|---|---|---|
| | **F** | **f** | **f** |
| Менаџерот влијае на осовременување на воспитно – образовниот процес | 7 | 3 | / |
| Менаџерот користи најразлични начини за зголемување на мотивацијата на наставниот кадар | 7 | 3 | / |
| Менаџерот иницира проекти за иновации во наставата по англиски јазик | 5 | 4 | 1 |
| Менаџерот учествува во проекти за добивање средства за подобрување на условите за работа во училиштето | 7 | 3 | / |
| Менаџерот дава се од себе за да ги обезбеди потребните материјални услови за успешна реализација на наставата по англиски јазик | 8 | 2 | / |
| Менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик | 4 | 6 | / |

**Тврдење 1**

**„ Менаџерот влијае на осовременување на воспитно – образовниот процес. “**

На тврдењето кое се однесува на квалитетите и способностите кои ги поседува директорот, за да влијае на осовременување на воспитно – образовниот процес 7, од испитаните директори потполно се согласуваат дека осовременувањето на воспитно-образовниот процес главно зависи од квалитетите на менаџерот. 3 директори делумно се согласуваат со тврдењето.

Добиените одговори покажуваат дека најголем е бројот на директорите кои позитивно одговориле на тврдењето дека менаџерот влијае на воспитно – образовниот процес, односно на неговото осовременување.

**Тврдење 2**

**„ Менаџерот користи најразлични методи за мотивација на наставниот кадар “**

На ова тврдење 7 директори одговориле дека се согласуваат дека најглавниот фактор за мотивација на наставниците претставува директорот, 3 одговориле дека делумно се согласуваат со тврдењето.

**Тврдење 3**

**„ Менаџерот иницира проекти за иновации на наставата по англиски јазик “**

На ова тврдење 5 од испитаните директори одговориле дека менаџерот на училиштето иницира проекти, кои придонесуваат за иновации на наставата по англиски јазик, додека 4 директори делумно се согласуваат со ова тврдење. 1 директор не се согласува со тврдењето. Од добиените одговори можеме да утврдиме дека повеќе од половина од директорите имаат позитивен став за тврдењето дека менаџерот има голема улога во организацијата на проекти , кои во голема мера влијаат на воведувањето иновации во наставата по англиски јазик што е во согласност со современите тенденции.

**Тврдење 4**

**„ Менаџерот учествува во проекти за добивање средства за подобрување на условите за работа во училиштето “**

Во однос на четвртото тврдење од оваа категорија кое гласи дека менаџерот учествува во проекти за подобрување на условите за работа во училиштето, 7 директори одговориле позитивно, 3 директори одговориле дека делумно се согласуваат со даденото тврдење.

Како и за претходното тврдење повеќето директори се согласуваат дека менаџерот учествува во разни проекти, со цел да обезбеди доволно средства и да ги подобри условите за работа во училиштето. Позитивните одговори одат во прилог на четвртата хипотеза **Х4,** која гласи: „ Директорите на училиштата обезбедуваат доволно материјални услови за реализација на наставата по англиски јазик“.

**Тврдење 5.**

**„ Менаџерот дава се од себе за да ги обезбеди потребните материјални услови за успешна реализација на наставата по англиски јазик "**

На ова тврдење како и на претходните, директорите во голем број, односно 8 директори потврдуваат дека директорот се труди да ги обезбеди сите наставни средства за успешна реализација на наставата по англиски јазик. 2 директори делумно се согласуваат за улогата на менаџерот во успешната реализација на наставата по англиски јазик. Добиените одговори се во прилог на четвртата хипотеза **X4,** која гласи : „ Директорите на училиштата обезбедуваат доволно материјални услови за реализација на наставата по англиски јазик".

**Тврдење 6**

**„ Менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик "**

Тврдењето дека менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик ги даде следниве резултати: 4 од испитуваните директори сметаат дека менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик, 6 директори делумно се согласуваат со ова тврдење.

Добиените резултати покажуваат дека поголем е бројот на директори кои делумно се согласуваат дека менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик.

*Табела 6*: Ставови на директорите за организацијата и реализацијата на обуки на наставниот кадар

| **Колку се согласувате со дадените тврдења ?** | **Потполно се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Не се согласувам** |
|---|---|---|---|
| Менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно ќе се усовршува | 5 | 5 | / |
| Менаџерот организира интерни обуки за усовршување на наставниците | 6 | 4 | / |
| Менаџерот постојано ги известува наставниците за организираните обуки од страна на БРО, USAID,и сл. | 6 | 4 | / |
| Менаџерот прави проценка на резултатите од обуките и нивната ефективност | 3 | 4 | 3 |
| Менаџерот обезбедува доволно стручна литература за професионален развој на наставниците | 3 | 4 | 3 |

**Тврдење 1**

**„Менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно ќе се усовршува “**

Во однос на тврдењето дека менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно се усовршува 5 од испитаните директори одговориле позитивно, 5 директори делумно се согласиле со даденото тврдење.

**Тврдење 2**

**„ Менаџерот организира интерни обуки за усовршување на наставниците“**

На ова тврдење 6 директори одговориле дека потполно се согласуваат дека менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно ќе се усовршува. 4 директори делумно се согласуваат со тврдењето.

**Тврдење 3**

**„ Менаџерот постојано не известува за организирните обуки од страна на БРО, USAID, и сл. “**

Следи тврдењето кое испитува дали менаџерот постојано ги известува наставниците за организираните обуки од страна на БРО, USAID и др. Од испитуваните директори 6 одговориле дека потполно се согласуват со тврдењето, 4 директори делумно се согласуваат со тврдењето.

**Тврдење 4.**

**„ Менаџерот прави проценка на резултатите од обуките и нивната ефективност“.**

На тврдењето дека менаџерот прави проценка на резултатите од стекнатите знаења на наставниците од посетените обуки, како и нивната имплементација во наставата ги доби следниве резултати : 3 директори се согласуваат со тврдењето, додека 4 директори делумно се согласуваат дека менаџерот прави проценка на спроведените обуки. 3 директори не се согласуваат со тврдењето.

**Тврдење 5**

**„ Менаџерот обезбедува доволно стручна литература за професионален развој на наставниците .“**

На тврдењето дека менаџерот обезбедува стручна литература за професионален развој на наставниците 3 директори одговориле позитивно, наспроти 4 директори кои делумно се согласуваат со даденото тврдење. 3 директори не се согласуваат со тврдењето.

Врз основа на петте тврдења кои се однесуваат на организацијата и реализацијата на обуки на наставниот кадар во основните училишта, увидовме дека во сите случаи повеќе од половина од испитаниците се согласуваат дека менаџерите се оние кои играат значајна улога во успешноста на организацијата и реализацијата на наставата по англиски јазик.

Менаџерите создаваат клима во училиштата, за наставниците професионално да се надградуваат, организираат интерни обуки за наставниот кадар, а истовремено ги известуваат наставниците за организираните семинари и обуки надвор од училиштето.

Претходните пет тврдења одат во прилог на втората хипотеза **Х2** која гласи : „Директорите на училиштата поседуваат менаџерски способности и вештини за имплементација на новиот концепт на деветгодишно обрзование во функција на воведување на англискиот јазик.“

*Табела 7:* Ставови на директорите во однос на компетенциите на наставниците по англиски јазик

| **Категории студии** | **7** | **6** | **5** | **4** | **3** | **2** | **1** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **f** | **f** | **f** | **f** | **f** | **f** |
| Завршени студии по англиски јазик и литература- наставна насока | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| ВПШ | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Завршени студии по англиски јазик и литература и на друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет | 1 | 0 | 0 | 0 | 9 | 0 | 0 |
| Завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик | 0 | 0 | 7 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| Завршени студии за предучилишно воспитување со модул за англиски јазик | 0 | 9 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Завршени студии за превод и толкување англиски јазик и со здобиена соодветна педагошко – психолошка и методск подготовка на соодветен факултет | 0 | 0 | 3 | 6 | 0 | 1 | 0 |
| Завршени студии по англиски јазик и книжевност | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 8 | 0 |

Следното прашање се однесува на компетенциите на наставниците по англиски јазик во основното образование и воспитание. Дадени се 7 категории на завршени студии, а испитаниците треба да ги рангираат од 1 до 7, според тоа, кој наставник сметаат дека е најкомпетентен да предава англиски во основно образование. Притоа да напоменеме дека 1 е највисока , а 7 најниска оценка.

**Категорија 1**

**„ Завршени студии по англиски јазик и литература – наставна насока “**

Оваа категорија, завршени студии по англиски јазик и литература – наставна насока, 9 од испитаниците, ја рангирале со највисока оценка 1, 1 директор ја ренгирал со оцена 6.

Добиените резултати покажуваат дека најголем дел од испитаниците сметаат дека наставниците по англиски јазик кои имаат завршено студии по англиски јазик и литература – наставна насока, се најкомпетентите наставници кои можат да работат во основното образование .

**Категорија 2**

**„ ВПШ “**

Следната категорија студии се ВПШ ( Виша Педагошка Школа ) на која ги добивме следниве одговори:

9 директори ја дале најниската оценка 7 за ВПШ, а само 1 директор ја дал највисоката оцена 1.

Од добиените резултати можеме да го забележиме сосема спротивното од претходната категорија степен на образование. 9 испитаници, од вкупно 10, ја дале најниската оценка за овој степен на образование.

**Категорија 3**

**„Завршени студии по англиски јазик и литература и на друга насока и со здобиена соодветна педагошко- психолошка и методска подготовка на соодветен факултет “**

На третата категорија степен на образование испитаниците го дале следниот одговор : 9 директори ја дале оценката 3, а само 1 директор оценката 7.

**Категорија 4**

**„ Завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик“**

Завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик е категорија студии која од страна на испитаниците – директори ги доби следниве оцени: 7 директори се одлучија за 5. Оцена 4 дадоа 2 директори, и 1 директор се одлучил за оцена 3.

**Категорија 5**

**„ Завршени студии за предучилишно воспитување со модул за англиски јазик“**

Понатаму следи категоријата на наставници со завршено предучилишно воспитување со модул за англиски јазик на која ги добивме следниве резултати : 9 директори ја оценија категоријата со 6, 1 со 2.

**Категорија 6**

**„Завршени студии за превод и толкување англиски јазик и со здобиена соодветна педагошко – психолошка и методск подготовка на соодветен факултет“**

На оваа категорија студии на наставниците по англиски јазик, испитаниците одговориле на следниот начин : 3 директори ја оцениле оваа категорија студии со оцена 5, 6 директори оцениле со оцена 4. Со 1 одговорил само 1 директор.

**Категорија 7**

**„ Завршени студии по англиски јазик и книжевност“**

На оваа категорија 8 директори одговориле со 2, а 2 директори дале оцена 4.

# 4. КОМПАРАТИВНА ( СПОРЕДБЕНА) АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА ДИРЕКТОРИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК И НАСТАВНИЦИТЕ ПО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ВО УЧИЛИШТАТА

Следи компаративна анализа на добиените резултати од спроведениот анкетен прашалник во 13 училишта. Споредбата се изврши на дадените одговори на сите испитаници т.е. на директорите во училиштата, чиј број изнесува 10, наставниците по англиски јазик, чиј број изнесува 27, како и наставниците по одделенска настава, чиј број изнесува 116.

Првите три прашања од анкетниот прашалник се однесуваа на личните карактеристики на испитаниците, односно: степенот на образование, работниот стаж и образовниот профил.

На прашањето за тоа каков вид образование имаат испитаниците, тие одговорија на следниот начин :

На првото прашање, од вкупно 116 испитаници, кои се наставници по одделенска настава 27 од испитуваните наставници, односно 23,28% се со више, а 89 наставници, односно 76,72 %, се со високо стекнато образование. Од одделенска настава ниту еден наставник не се стекнал со повисок степен на студии т.е. магистерски студии.

Наставниците по англиски јазик ги дале следниве одговори : 3,70 % или 1 наставник е со виша, 25 наставници или 92,59% со високо образование и 1 наставник или 3,70% со завршени магистерски студии.

Директорите одговориле на следниот начин : Од вкупно десет директори, сите имаат стекнато високо образование.

Добиените резултати ни покажуваат дека најголем е процентот на испитаници со завршено високо образование

***Прашање 2.***

На прашањето 2, кое се однесува на работниот стаж на наставниците, од вкупниот број на испитани наставници од одделенска настава 27, односно 23,28% имаат стаж до 10 години, 30 наставници т.е. 25,86% имаат стаж од 10 до 20 години, додека пак 50,86% од наставниците, односно 59 наставници имаат стаж повеќе од 20 години.

Наставниците по англиски јазик одговориле дека 48,15% или 13 од нив имаат работно искуство до 10 години, 33,33% или 9 наставници имаат работно искуство од 10 до 20 години. Најмал е процентот на наставници кои имаат искуство над 20 години и изнесува 18,52 % или 5 наставника.

Од директорите, 5 директори одговориле дека имаат стаж повеќе од 20 години, 4 директори одговориле дека имаат стаж од 10 до 20 години и само 1 директор одговорил дека има стаж до 10 години.

На прашањето 2, кое се однесува на работниот стаж, од добиените резултати, можеме да забележиме дека од директорите и наставниците по одделенска настава, поголем е процентот на испитаници со работно искуство повеќе од 20 години, додека кај наставниците по англиски јазик, преовладува процентот на работен стаж до 10 години.

*Прашање 3*

На прашањето, кое се однесува на образовниот профил, вкупно 101 наставник се изјаснил како одделенски наставник, односно 87,07%, 9 наставници, 7,76 % , се изјасниле како педагози , а 5,17%, 6 наставника одговориле дека се воспитувачи. Од ова прашање може да утврдиме дека е поголем бројот на одделенски наставници, т.е дипломиран наставник по одделенска настава.

Како што можеме да видиме од резултатите добиени од анкетниот прашалник за наставници по англиски јазик, сите наставници односно 100% од испитаниците се дипломирани професори по англиски јазик.

Директорите на ова тврдење одговориле на следниот начин: 6 од испитаните директори се дипломирани професори, 3 директори се одделенски наставници и 1 директор е дипломиран педагог.

*Прашање 4*

Првата категорија тврдења се однесуваат на имплементацијата на англискиот јазик како редовен предмет од I – во одделение во основното образование и воспитание.

**Тврдење бр. 1.**

**„ Концептот на деветгодишно образование беше успешно имплементиран во нашето училиште “.**

На ова тврдење 75 од испитуваните наставници по одделенска настава или 64,66% одговориле дека потполно се согласуваат дека концептот на деветгодишно образование е успешно имплементиран во училиштето. Делумно се согласуваат 33,62% од наставниците, односно 39 наставници, еден наставник ,0,86%, не се согласува и еден наставник не одговорил на даденото прашање, а тоа изнесува 0,86%.

На ова тврдење наставниците по англиски јазик одговориле на следниот начин : 70,37 % или 19 наставници од вкупно 27, се согласиле со тврдењето дека концептот на деветгодишно образование е успешно имплементиран во основните училишта, 22,22 % или 6 наставника одговориле дека делумно се согласуваат со тврдењето, додека пак 1 наставник или 3,70% не се согласува со тврдењето. 1 наставник не одговорил на прашањето, што значи 3,70% од испитаниците не одговориле на прашањето.

На ова тврдење 8 од испитуваните директори одговориле дека потполно се согласуваат дека концептот на деветгодишно образование е успешно имплементиран во училиштето. Делумно се согласуваат 2 директори, а ниту еден од директорите не одговорил дека не се согласува со тврдењето.

**Графикон 1**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.




**Тврдење 2.**

**„ Промените, настанати при имплементацијата на концептот на деветгодишно образование беа целосно прифатени од наставниот кадар.“**

На ова тврдење 78 наставници по одделенска настава или 67,24% дале одговор дека потполно се согласуваат дека промените, воведени со новиот концепт се целосно прифатени, додека 29,31% или 34 наставници одговориле дека делумно се согласуваат, наспроти 2,59 % или 3 наставника кои воопшто не се согласуваат со даденото тврдење. На ова тврдење не одговорил само еден наставник, а тоа е 0,86 % од испитаниците.

На ова тврдење наставниците по англиски јазик одговориле на следниот начин: 74,07% или 20 испитаници се согласиле дека промените се целосно прифатени во училиштата, 5 наставника или 18,52% делумно се согласуваат со тврдењето, а 3,70%, или 1 наставник не се согласува и 1 наставник, 3,70% не одговорил на прашањето.

На ова тврдење 7 директори дале одговор дека потполно се согласуваат дека промените, воведени со новиот концепт се целосно прифатени, додека 3 директори одговориле дека делумно се согласуваат со даденото тврдење.

**Графикон 2**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.




Од добиените резултати на истражувањето можеме да го потврдиме и ова тврдење со кое се согласуваат најголем број од испитаниците дека: промените, настанати при имплементацијата на концептот на деветгодишно образование се целосно прифатени од наставниот кадар.

**Тврдење 3.**

**„ Поставеноста на англискиот јазик во првите два периода од основното образование е во согласност со современите образовни тенденции “.**

Во однос на ова тврдење, 88 наставници од одделенска настава т.е. 75,86 % одговориле дека потполно се согласуваат дека воведувањето на англискиот јазик од I – во одделение во основните училишта, претставува современа образовна тенденција, 20,69% или 24 наставници делумно се согласуваат со ова тврдење, а 1,72 % или 2 наставника воопшто не се согласуваат со ова тврдење.

На ова тврдење, наставниците по англиски јазик го дале следниот одговор:14 наставници или 51,85 % се согласиле со ова тврдење и се согласуваат со воведувањето на англискиот јазик како прв странски јазик во првите два периода од основното образование, 11 наставници или 40,74 % одговориле дека делумно се согласуваат со оваа промена, наспроти 3,70 % или 1 наставник кој воопшто не се согласува со ова тврдење. 1 наставник или 3,70 % не одговорил на ова прашање.

Во однос на ова тврдење, 7 директори одговориле дека потполно се согласуваат дека, воведувањето на англискиот јазик од I – во одделение во основните училишта, претставува

современа образовна тенденција, 3 директори делумно се согласуваат со ова тврдење. Нема директори кои не се согласуваат со ова тврдење, што оди во прилог на првата хипотеза **Х1.**

**Графикон 3**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.




Од добиените резултати на ова истражување можеме да потврдиме дека поголем број од испитаниците се согласуваат дека воведувањето на англискиот јазик како прв странски јазик и редовен предмет во првите два периода од основното образование претставува современа промена која е општо прифатена насекаде во светот.

**Тврдење 4.**

**„ Наставната програма по англиски јазик за I – во одделение не соодвествува на возраста на учениците" .**

На ова тврдење 38 наставници или 32,76 % од испитаните наставници по одделенска настава потполно се согласуваат со тврдењето дека наставната програма по англиски јазик за I – во одделение не соодвествува на возраста на учениците, додека пак 31,90 % или 36 наставници делумно се согласуваат со тврдењето. 31,03 % или 36 наставници воопшто не се согласуваат со даденото тврдење, наспроти 4,31 % или 5 наставника кои не одговориле на поставеното прашање

На тврдењето, кое се однесува на наставната програма по англиски јазик и нејзиното приспособување на возраста на учениците, наставниците по англиски јазик одговориле на следниот начин: 8 наставници или 29,63 % од наставниците не се согласуваат со даденото тврдење, што значи дека тие сметаат дека наставната програма е целосно прилагодена на

возраста на учениците. Контрадикторност се јавува меѓу наставниците кои целосно се согласуваат со ова тврдење и оние кои делумно се согласуваат. Го добивме истиот процент на испитаници, односно 33,33 % или 9 наставника се согласуваат и 9 наставника делумно се согласуваат со тврдењето.

На ова тврдење 4 од испитаните директори потполно се согласуваат со тврдењето дека наставната програма по англиски јазик за I – во одделение не соодвествува на возраста на учениците, додека пак исто толку директори 4 директори делумно се согласуваат со тврдењето. 2 директори воопшто не се согласуваат со даденото тврдење.

**Графикон 4**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.




Од добиените резултати од ова истражување можеме да потврдиме дека во сите случаи околу 30% од испитаниците се согласуваат дека наставната програма не соодвествува на возраста на учениците. Но мора да потенцираме дека сличен е и процентот на испитаници кои делумно се согласуваат со ова тврдење.

Што се однесува до ова прашање и наставната програма по англиски јазик за I-во одделение, треба да образложиме дека: наставните програми по англиски јазик се изработуваат во Биро за развој на образованието, каде голем број советници, надворешни соработници од други земји учествуваат при креирањето на овие наставни програми. При составувањето на овие наставни програми се врши и корелација со другите наставни предмети.

**Тврдење 5**

**„ Наставните програми по англиски јазик постојано се менуваат и при тоа не се постигнуваат добри резултати при реализацијата“.**

На ова тврдење добиени се следните резултати :

29 наставници по одделенска настава од вкупно испитаните или 25,00% потполно се согласуваат со даденото тврдење, 49,14% или 57 наставници делумно се согласуваат дека промените на наставните програми влијаат на реализацијата на наставата по англиски јазик, додека 20,69 % или 24 наставници не се согласуваат со даденото тврдење. 6 наставници или 5,17 % не одговориле на даденото прашање.

На тврдењето: „ Наставните програми по англиски јазик постојано се менуваат и при тоа не се постигнуваат добри резултати “од наставниците по англиски јазик ги добивме следниве резултати : 8 наставници или 29,63 % се согласуваат со тврдењето, 51,85% или 14 наставници делумно се согласуваат и 4 наставници или 14, 81 % не се согласуваат со даденото тврдење. Најголем процент добивме на наставници кои делумно се согласуваат со ова тврдење, што значи дека промените на наставните програми по англиски јазик делумно влијаат на реализацијата на наставата.

Директорите не одговориле позитивно на ова тврдење, 5 директори делумно се согласуваат дека промените на наставните програми влијаат на реализацијата на наставата по англиски јазик, додека 5 директори не се согласуваат со даденото тврдење.

**Графикон 5**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.



Од добиените резултати при истражувањето на ова тврдење, потврдивме дека најголем број од испитаниците делумно се согласуваат со тврдењето, и покрај тоа што најкомпетентни испитаници за ова прашање се наставниците по англиски јазик, зашто само тие се целосно запознанени со промените кои настануваат на наставните програми по англиски јазик. Целосно резимирано : Реализацијата на наставата по англиски јазик делумно зависи од наставните програми и нивната промена.

**Тврдење 6**

**„ Наставникот по англиски јазик може да ја подобри реализацијата на наставата по англиски јазик“**

На ова тврдење 57 од испитаните наставници по одделенска настава, или 49,14 % одговориле дека потполно се согласуваат дека успешната реализација на наставата по англиски јазик зависи од наставникот по англиски јазик, 37,93 % или 44 наставници делумно се согласуваат со ова тврдење, а 10 наставника или 8,62 % воопшто не се согласуваат.

Успешната реализација на наставата по англиски јазик зависи од наставникот по англиски јазик е тврдење со кое се согласија 62,96 % или 17 наставници, 9 наставника или 33,33 % делумно се согласија и 1 наставник или 3,70 % не одговори на прашаето. Ниту еден наставник не се согласува со тврдењето.

Од добиените резултати можеме да утврдиме дека најголем е бројот на директори кои се согласуваат со ова тврдење, т.е. 10 директори .

**Графикон 6**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.



Добиените резултати од истражувањето потврдуваат дека сите испитаници се согласуваат дека наставникот по англиски јазик може да ја подобри реализацијата на наставата по англиски јазик, што оди во прилог на петтата хипотеза која гласи :

**„ Наставниците по англиски јазик користат современи начини за реализација на наставата по англиски јазик.“**

**Тврдење 7**

**„ Наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот за настава по англиски јазик “**

На ова тврдење се добиени следниве одговори :

75,86 % од испитаните наставници по одделенска настава, или 88 наставници одговориле дека потполно се согласуваат дека наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот за наставен кадар за наставници по англиски јазик. 16,38 % или 19 наставници делумно се согласуваат со ова тврдење, а 4,31% или 5 наставника воопшто не се согласуваат. 3,45 % или 4 наставника не одговориле на ова прашање.

Наставниците по англиски јазик одговорија на ова тврдење на следниот начин : целосно се согласуваат 20 наставници или 74,07% дека наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот. Делумно се согласуваат 14,81% или 4 наставника и 2 наставника или 7,41 % од испитаниците вопшто не се согласуваат.

5 од испитаните директори, одговориле дека потполно се согласуваат дека наставниците по англиски јазик се вработуваат според нормативот за наставен кадар за наставници по англиски јазик. 3 директори делумно се согласуваат со ова тврдење, а 2 директори воопшто не се согласуваат.

**Графикон 7**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.



Вработувањето на наставниците во основното образование се врши според определен норматив на наставен кадар, кој е наведен во наставните програми по англиски јазик за секое одделение. Испитаниците се согласуваат дека наставниот кадар по англиски јазик во основните училишта е вработен по норматив, што оди во прилог на третата хипотеза **Х3**, која гласи: **„ Директорите на училиштата даваат приоритет за вработување на наставници кои имаат завршено соодветно високо образование.“**

Прашање 3

**Тврдење 1**

**„ Менаџерот влијае на осовременување на воспитно – образовниот процес. “**

На тврдењето кое се однесува на квалитетите и способностите кои ги поседува директорот, за да влијае на осовременување на воспитно – образовниот процес 82, т.е. 70,69 % од испитаните наставници по одделенска настава потполно се согласуваат дека осовременувањето на воспитно- образовниот процес главно зависи од квалитетите на менаџерот. 31 наставник или 26,72 % од наставниците делумно се согласуваат со тврдењето, додека 1 наставник или 0,86 % не се согласува со тврдењето. 2 наставника или 1,72 % не одговориле на прашањето.

22 наставници или 81,48 % одговориле дека се согласуваат со ова тврдење и потврдуваат дека менаџерот влијае на осовременување на наставата, 5 наставници или 18,52% делумно се согласуваат со ова тврдење,а ниту еден нставник не одговорил негативно.

7 од испитаните директори потполно се согласуваат дека осовременувањето на воспитно- образовниот процес главно зависи од квалитетите на менаџерот. 3 директори делумно се согласуваат со тврдењето.

**Графикон 8**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.




Од добиените резултати увидовме дека испитаниците во поголем број се согласуваат со тврдењето дека менаџерот влијае на осовременување на воспитно – образовниот процес.

**Тврдење 2**

**„ Менаџерот користи најразлични методи за мотивација на наставниот кадар “**

На ова тврдење 84 наставници по одделенска настава или 72,4% одговориле дека се согласуваат дека најглавниот фактор за мотивација на наставниците претставува директорот, 25, % одговориле дека делумно се согласуваат со тврдењето, а 1,7 % или 2 наставника не се согласуваат со тврдењето.1 наставник не одговорил на прашањето.

Наставниците по англиски јазик на ова тврдење одговорија на следниот начин : 11 наставници или 40,7% се согласуваат дека менаџерот користи најразлични методи за мотивација на наставниот кадар. 15 наставници или 55,56% делумно се согласуваат со ова тврдење, а само 1 наставник или 3,70 % воопшто не се согласува со тврдењето.

На ова тврдење 7 директори одговориле дека се согласуваат дека најглавниот фактор за мотивација на наставниците претставува директорот, 3 одговориле дека делумно се согласуваат со тврдењето.

**Графикон 9**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.




Добиените резултати од истражувањето потврдија дека менаџерите во училиштата користат нјразлични методи за мотивација на наставниот кадар, а тоа ј потврдува втората хипотеза **X2**.

**Тврдење 3**

**„ Менаџерот иницира проекти за иновации на наставата по англиски јазик "**

На ова тврдење 63,79 % од испитаните наставници по одделенска настава или 74 наставници одговориле дека менаџерот на училиштето иницира проекти , кои придонесуваат за иновации на наставата по англиски јазик, додека 25 % или 29 наставници делумно се согласуваат со ова тврдење. 10 наставници или 8,62 % не се согласуваат со тврдењето, а 2,59 % или 3 наставника не одговориле на прашањето.

На тврдењето дека директорот иницира проекти за иновации на наставата по англиски јазик, 48,15 % или 13 наставници по англиски јазик одговорија согласувајќи се со тврдењето, 12 наставници или 44,44 % делумно се согласија, а само 2 наставници не се согласија , а тоа изнесува 7,41 %.

На ова тврдење 5 од испитаните директори одговориле дека менаџерот на училиштето иницира проекти , кои придонесуваат за иновации на наставата по англиски јазик, додека 4 директори делумно се согласуваат со ова тврдење. 1 директори не се согласува со тврдењето.

**Графикон 10**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.




Добиените резултати од истражувањето потврдуваат дека менаџерот иницира проекти за иновации во наставата по англиски јазик.

**Тврдење 4**

**„ Менаџерот учествува во проекти за добивање средства за подобрување на условите за работа во училиштето "**

Во однос на четвртото тврдење од оваа категорија кое гласи дека менаџерот учествува во проекти за подобрување на условите за работа во училиштето, 71,55 % или 83 наставници по одделенска настава одговориле позитивно, 25, 86% или 30 наставници одговориле дека делумно се согласуваат со даденото тврдење и 1,72 % или 2 наставника воопшто не се согласиле со ова тврдење. Само 1 наставник или 0,86 % не одговорил н поставеното прашање.

На ова тврдење 74,07 % или 20 наставници одговориле позитивно, 5 наставници или 18,52% делумно се согласиле и 2 наставника или 7,41% не се согласиле воопшто.

Во однос на четвртото тврдење од оваа категорија кое гласи дека менаџерот учествува во проекти за подобрување на условите за работа во училиштето, 7 директори одговориле позитивно, 3 директори одговориле дека делумно се согласуваат со даденото тврдење.

**Графикон 11**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.




„ Менаџерот учествува во проекти за добивање средства за подобрување на условите за работа во училиштето “ е тврдење кое е прифатено од најголем број испитаници и оди во прилог на четвртата хипотеза **Х4** која гласи : **„Директорите на училиштата обезбедуваат доволно материјални услови за реализација на наставата по англиски јазик.“**

**Тврдење 5.**

**„ Менаџерот дава сè од себе за да ги обезбеди потребните материјални услови за успешна реализација на наставата по англиски јазик “**

На ова тврдење како и на претходните наставниците по одделенска настава во голем процент , односно 72,41 % или 84 наставници потврдуваат дека директорот се труди да ги обезбеди сите наставни средства за успешна реализација на наставта по англиски јазик. 18, 97 % или 22 наставници делумно се согласуваат со ова тврдење, а 6,03 % или 7 наставници воопшто не се согласуваат за улогата на менаџерот во успешната реализација на наставата по англиски јазик. 3 наставника или 2,59 % не одговориле на даденото тврдење

На ова тврдење 14 наставници или 51,85% одговориле дека се согласуваат дека менаџерот дава сè од себе да ги обезбеди потребните материјални услови за успешна реализација на наставата по англиски јазик. 11 наставници или 40,74% делумно се согласуваат со тврдењето, 1 наставник или 3,70% не се согласува со тврдењето и 1 наставник или 3,70% не одговорил на прашањето.

На ова тврдење како и на претходните директорите во голем се согласуваат со тврдењето, односно 8 директори потврдуваат дека директорот се труди да ги обезбеди сите наставни средства за успешна реализација на наставата по англиски јазик. 2 директори делумно се согласуваат за улогата на менаџерот во успешната реализација на наставата по англиски јазик.

**Графикон 12**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.




Добиените резултати од истражувањето го потврдуваат тврдењето дека „ Менаџерот дава сè од себе за да ги обезбеди потребните материјални услови за успешна реализација на наставата по англиски јазик", што исто така оди во прилог на четвртата хипотеза **Х4**.

**Тврдење 6**

**„ Менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик "**

Тврдењето дека менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик ги даде следниве резултати:

65 од испитуваните наставници или 56,03% сметаат дека менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик, 32,76% или 38 наставници делумно се согласуваат со ова тврдење, наспроти 7,76 % или 9 наставника кои не се согласуваат со тврдењето. 4 наставника или 3,45% не одговориле на прашањето.

На ова тврдење 15 наставници по англиски јазик или 55,56% одговориле дека имаат позитивно мислење, 8 наставници или 29,63% одговориле дека делумно се согласуваат со тврдењето, 3 наставници или 11,11% воопшто не се согласуваат со тврдењето. Само 1 наставник, или 3,70% не одговорил на прашањето.

4 од испитуваните директори сметаат дека менаџерот влијае на успешната организација на наставата по англиски јазик, 6 директори делумно се согласуваат со ова тврдење.

**Графикон 13**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.




При разгледувањето резултатите одова тврдење можеме да забележиме дека наставниците по одделенска настава и англиски јазик во поголем процент потврдуваат за умешноста на директорите во организацијата на наставата по англиски јазик, за разлика од директорите кои делумно се согласуваат со тврдењето.

*4.прашање*

**Тврдење 1**

**„Менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно ќе се усовршува "**

Во однос на тврдењето дека менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно се усовршува 71,77 % од испитаните наставници по одделенска настава или 83 наставници одговориле позитивно , 24,14% или 28 наставници делумно се согласиле, а 2,59 % или 3 наставници не се согласуваат со даденото тврдење. 1,72 % или 2 наставника не одговориле на прашањето.

18 наставници по англиски јазик или 66,67% од вкупно 27 одговорија дека се согласуваат дека менаџерот создава клима во училиштето, каде наставничкио кадар успешно

ќе се усовршува. 9 наставници или 33,33% одговорија дека делумно се согласуваат со ова тврдење. Испитаници кои не се согласуваат со ова тврдење нема.

Во однос на тврдењето 5 од испитаните директори одговориле позитивно, 5 директори делумно се согласиле со даденото тврдење.

**Графикон 14**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.




Добиените резултати покажуваат дека поголем број од испитаниците се согласуваат дека менаџерот создава клима во училиштето каде ќе се усовршува наставниот кадар, но сепак директорите делумно се согласуваат со ова тврдење.

**Тврдење 2**

**„ Менаџерот организира интерни обуки за усовршување на наставниците“**

На ова тврдење 81,03 % или 94 наставници по одделенска настава одговориле дека потполно се согласуваат дека менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно ќе се усовршува. 14,66 % или 17 наставници делумно се согласуваат со тврдењето, а 2,59 % или 3 наставници не се согласуваат со тврдењето. 2 наставника или 1,72 % не одговориле на прашањето.

Наставниците по англиски јазик одговорија на следниот начин : 18 наставници или 66,67% одговорија позитивно на тврдењето, 8 наставници или 29,63% делумно се согласуваат со тврдењето, а само 1 наставник или 3,70 % не се согласува со тврдењето

На ова тврдење 6 директори одговориле дека потполно се согласуваат дека менаџерот создава клима во училиштето каде наставничкиот кадар успешно ќе се усовршува. 4 директори делумно се согласуваат со тврдењето.

**Графикон 15**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.




Сите испитаници се согласуваат со тврдењето дека менаџерот иницира интерни обуки за усовршување на наставниците.

**Тврдење 3**

**„ Менаџерот постојано не известува за организираните обуки од страна на БРО, USAID, и сл. "**

Следи тврдењето кое испитува дали менаџерот постојано ги известува наставниците за организираните обуки од страна на БРО, USAID и др. Од испитуваните наставници по одделенска настава 74,14 % или 86 одговориле дека потполно се согласуват со тврдењето, 21,55 % или 25 наставници делумно се согласуваат и 2,59 % или 3 наставника воопшто не се согласуваат со тврдењето. 2 наставника или 1,72 % не одговориле на прашањето.

23 наставници или 85,19% од вкупниот број на испитаници се согласија со тврдењето дека менаџерот ги известува наставниците за сите организирани семинари и обуки од страна на БРО, USAID и сл, 4 наставника или 14,81% делумно се согласуваат со тврдењето. Од испитуваните директори 6 одговориле дека потполно се согласуваат со тврдењето, 4 директори делумно се согласуваат со тврдењето.

**Графикон 16**

Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на испитаниците – наставници по одделенска настава и наставници по англиски јазик.




Сите испитаници се согласуваат со тврдењето дека директорот постојано ги известува наставниците за организираните обуки надвор од училиштето

**Тврдење 4.**

**„ Менаџерот прави проценка на резултатите од обуките и нивната ефективност“.**

На тврдењето дека менаџерот прави проценка на резултатите од стекнатите знаења на наставниците од посетените обуки, како и нивната имплементација во наставата ги доби следниве резултати : 72,41 % од наставниците или 84 наставници се согласуваат со тврдењето, одека 20,69% или 4 наставници по одделенска настава делумно се согласуваат дека менаџерот прави проценка на спроведените обуки. 4,31 % или 5 наставника не се согласуваат со тврдењето и 3 или 2,59% наставници не одговориле на поставеното прашање.

На ова тврдење највисок е процентот на наставниците по англиски јазик кои делумно се согласуваат со тврдењето и изнесува 77,78% или 21 наставник, 5 наставника или 18,52% се согласуваат и 1 наставник или 3,70% не се согласува со даденото тврдење

На тврдењето дека менаџерот прави проценка на резултатите од стекнатите знаења на наставниците од посетените обуки, како и нивната имплементација во наставата ги доби следниве резултати : 3 директори се согласуваат со тврдењето,додека 4 директори делумно се согласуваат дека менаџерот прави проценка на спроведените обуки. 3 директори не се согласуваат со тврдењето.
